РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1223

Скопје, 1 октомври 2020 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**Првиот број на Билтенот е објавен во мај 1957 година**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување:**
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет**: ***Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1223 ОД 1.10.2020 ГОДИНА


**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ива Митевска, Ахмед Пошка, Пале Јанева, Марија Цидрова, Павлинка Василева, Теодора Богдановска, Ивана Стефановска, Мартина Велковска, Мариана Гилева, Моника Бабуновска, Андријана Момироска Гогова, Александра Стефановска, Елена Илиевска, Љубица Ефтимова, Марија Патчева, Ангела Илијоска, Филип Конески, Емилија Кљонкова, Марија Трајковиќ, Филип Велкоски**)......................................7-9

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Милена Пеева, Филип Арсеновски, Благој Ристов, Марјана Костоска, Бесиан Зенку, Елена Поповска, Дарко Димовски**)..........................................................................................10-11

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Анита Силановска, Лилјана Аврамовска**)..........................................................................................12

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од научните области: хирургија и дигестивна хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Светозар Антовиќ**)..........................................................................13-23
2. Рецензија на ракописот **Дијабетес мелитус во детска и адолесцентна возраст** од авторката **Елена Шукарова-Ангеловска**.................................................................24-26
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Дентален туризам – можности, капацитети, искуства и предизвици во РС Македонија** од **д-р Наташа Павлоска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....................................................27-35
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Сезонски варијации на ендемска екофлора во хируршка интензивна единица и нивна генотипска конфирмација** од **д-р Бранка Петровска Басовска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..........................................................................................................36-44
5. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Арјета Рауфи, Цветанка Волкановска Илиевска, Ирфан Исмаили, Ана Коцевска, Тони Крстев, Драгана Бислимовска, Илир Вела, Анѓела Дебрешлиоска**)................................45-46

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија на ракописот **Европско семејно право** од авторите **Дејан Мицковиќ** и **Ангел Ристов**..........................................................................................47-55
2. Рецензија на ракописот **Економика, Прв дел, Микроекономика** од авторите: **проф. д-р Владимир Кандикјан, проф. д-р Александар Стојков и проф. д-р Катерина Шапкова Коцевска**..........................................................................................56-60
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Криминолошки и казненоправни аспекти на малолетничката деликвенција во Република Македонија** од **м-р Ебру Ибиш**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје..................61-67
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Родово сензитивни комуниколошки практики на компаниите во Република Македонија: економски, комуниколошки и социолошки аспекти** од **м-р Арта Џелили**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје..........................................................................................68-74

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**д-р Фјола Ајети**)..........................................................................................75

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Весна Поповска, Лилјана Хаџиевска-Антовска**)........76

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ивана Велинова, Миле Костов, Ристе Ѓорѓиев, Бобан Пиперкоски, Милица Трајкоска**)........77
2. **Исправка** на Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) механизација на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**вонр. проф. д-р Иле Цанев**), објавен во Билтенот број 1221 од 1.9.2020 година на страна 132........78

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање-асистент на Катедрата за графика, област: графика и графички техники на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**м-р Ана Спасова, м-р Ана Јовановска, м-р Марко Илиевски, м-р Драгана Басекиќ, м-р Ана Марковска, Ана Трајковска, м-р Бајрам Целили**)........79-107

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областите (дисциплини): диригирање и композиција (композиција) (60909), хармонија и полифонија со анализа (60908) и музички форми со анализа (60907) на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**м-р Дарија Андовска**)........108-117

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Вовед во археологија** од авторот **Антонио Јакимовски**........118-121
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Развојот на односите НАТО – Европска Унија од областа на безбедноста и нивната рефлексија врз Република Македонија** од **м-р Зоран Дабиќ,** пријавена на Институтот за безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет во Скопје........122-128
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Клиничка валидација на фонетски балансирани лиминарни и супралиминарни тестови за процена на интелигибилноста на говорот** од **м-р Лидија Ристовска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за дефектологија........129-136
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Михаил Патчев, Мартин Тасевски, Љубен Тевдовски, Симона Танеска, Нергис Муча, Сања Ѓоревска-Ставревска, Зана Кадрии, Јасмина Трајановска, Маријана Софронијоска, Синиша Витановски, Ешрефа Атемовска, Марија Стевоска, Марио Милески, Милена Лотеска**)........137-138

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на виш лектор во наставно-научната област туркологија на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**м-р Сена Ариф-Шешум**)........139-148
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Тина Фарни, Марија Радевска Трендафиловска**)........149

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Александар Златески**)........150

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Зоран Стојковски, Мухамед Ајваз, Дредеза Ламај**)........151

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Македонија низ призмата на француските патописци и печат 1912 – 1919**, изработена од **м-р Енвер Садику**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје................................152-155

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ива Митевска | Архитектура и природа, Хотел КУ-БА – Куманово | Architecture and nature, Hotel „KU-BA“ –Kumanovo | Вонр. проф. д-р Саша Тасиќ | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 2. | Ахмед Пошка | Прототип на затвор за живеење во колаборативна заедница | Prison Prototype for residing in a collaborative community | Вонр. проф. д-р Саша Тасиќ | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 3. | Пале Јанева | Ре-квалификација и интермоделација на јавниот транспортен систем во Велес | Re-qualification and intermodulation of the public transport system in Veles | Вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 4. | Марија Цидрова | Рехабилитационен јавачки центар – нов модел на спортски и здравствен комплекс | Rehabilitation Horse Riding Centre – New Model of Sports and Healthcare Complex | Вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 5. | Павлинка Василева | Винарска визба со рекреативно-едукативни содржини во Радовиш | Winery with Recreational – Educational Contents in Radovish | Вонр. проф. д-р Александар Радевски, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 6. | Теодора Богдановска | Ре-обмислување на отворен каменолом “Асфалтна база АД Пелагонија” и враќање на природниот контекст на локацијата | Re-thinking of the Open Quarry „asphalt Base Plc Pelagonija“ and returning of the Natural Context to the location | Вонр. проф. д-р Александар Радевски, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 7. | Ивана Стефановска | Архитектура на прошетки: музеј базиран на преосмислување на аксијалната мапа | Promenade Architecture: Museum Based upon Rethinking of the Axial map | Вонр. проф. д-р Мери Батакоја, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 8. | Мартина Велковска | Трансформација на просторен остаток во централното градско подрачје на Скопје | Transformation in the Spatial Leftover in the Center City Area of Skopje | Вонр. проф. д-р Марија Мано Велевска, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Мариана Гилева | Програмско и просторно преобликување на “Нов парк” во Свети Николе | Program and spatial reshaping of „New Park“ in Sveti Nikole | Вонр. проф. д-р Марија Мано Велевска, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 10. | Моника Бабуновска | Младински рекреативен и културен центар - Велес | Youth Recreation and Culture Center - Veles | Вонр. проф. д-р Страхиња Трпевски, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 11. | Андријана Момироска Гогова | Еко куќи во месната заедница “Кисела јабука” во Скопје | Eco houses in local community „Kisela jabuka“ in Skopje | Доц. д-р Александар Петровски, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 12. | Александра Стефановска | Нов програмски интегриран пасивен објект од тип на астрономија и опсерваторија | New program integrated astronomical observatory | Доц. д-р Александар Петровски, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 13. | Елена Илиевска | Одржлива адаптација и доградба на постојното училиште со инкорпориран дел за инклузија на деца со аутизам | Sustainable adaptation and extension of an existing school with incorporated part for inclusion of children with autism | Доц. д-р Александар Петровски, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 14. | Љубица Ефтимова | Зелено-сина инфраструктура како катализатор за урбана регенерација на градски фрагменти | Green and Blue infrastructure as Catalyst for Urban Regeneration of City Fragments | Вонр. проф. д-р Дивна Пенчиќ, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 15. | Марија Патчева | Помеѓу два града: Обликување на одржлива иднина на крајбрежјето | Between Two Cities Shaping a Sustainable Coastal Future | Вонр. проф. д-р Дивна Пенчиќ, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 16. | Ангела Илијоска | Оживување на неактивен дел од градот во населбата Нова Битола во ново урбано зелено подрачје | Reanimation of an Inactive Part of the City in Suburb Nova Bitola into a New Urban Green Area | Вонр. проф. д-р Дивна Пенчиќ, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 17. | Филип Конески | Враќање на животот во кастелите и утврдувањата во Македонија, преку интегрирање на современи функции и контекст во општеството | Returning life in castles and fortifications in Macedonia, by integration of contemporary functions and context in society | Проф. д-р Елизабета Касапова, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Емилија Кљонкова | Реставрација и ревитализација на станбен објект во Штип | Restoration and revitalization of a residential building in Stip | Вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 19. | Марија Трајковиќ | Напуштени институции на еманципација во Југославија-ревитализација на Домот на културата во Врање | Abandoned Institutions of Emancipation in Yugoslavia - Revitalization of the City Cultural Center in Vranje | Вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |
| 20. | Филип Велкоски | Нов просторен модел на (не) раст: Случајот на периферијата на градот Скопје | New Spatial Model of (de) Growth: in the suburbs of the City of Skopje | Проф. д-р Огнен Марина, ментор | 08-6/124 од 13.7.2020 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје - 494. СЕДНИЦА НА ННС ОД 02.9.2020

| Р. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Милена Пеева дипл. град. инж. | “Времето на изведба и одржливоста како фактори при избор на тип на ѕидови кај објекти за домување” | “Construction time and sustainability as factors for selection of type of walls for residential buildings” | проф. д-р Валентина Панчовска Жилеска, Градежен факултет Скопје | 14.09.2020 0202/91-171 |
| 2 | Филип Арсеновски дипл. геод. инж. | “Динамички елементи како основа за симулација на просторни појави” | "Dynamic elements as a basis for simulation of spatial phenomena" | проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, Градежен факултет Скопје | 14.09.2020 0202/91-165 |
| 3 | Благој Ристов, дипл. геод. инж. | “Правно-технички рамки за утврдување на правен статус на бесправно изградени инфраструктурни објекти” | “Legal and technical framework for determining the legal status of illegally constructed infrastructure” | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет Скопје | 14.09.2020 0202/91-166 |
| 4 | Марјана Костоска дипл. геод. инж. | “Контрола на геометријата на инженерски објекти во фаза на градба” | “Geometry control of engineering structures under construction “ | проф. д-Лазо Димов, Градежен факултет Скопје | 14.09.2020 0202/91-167 |
| 5 | Бесиан Зенку дипл. геод. инж. | “Интеграција на проширена реалност во постојните просторни модели” | “Integration of augmented reality in existing spatial models “ | проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, Градежен факултет Скопје | 14.09.2020 0202/91-168 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Елена Поповска дипл. град. инж. | “Споредбена анализа на ротационите крутости кај незајакнати и зајакнати Т јазли од затворени профили” | “Rotational stiffness comparison of unstiffened and stiffened T joints of hollow sections“ | доц. д-р Миле Партиков, Градежен факултет Скопје | 14.09.2020 0202/91-169 |
| 7 | Дарко Димовски дипл. геод. инж. | “Израмнување на тригонометриски мрежи по правци и агли” | “Adjustment of the trigonometric networks by directions and angles “ | доц. д-р Митре Насевски, Градежен факултет Скопје | 14.09.2020 0202/91-170 |

# П Р Е Г Л Е Д
## на теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана преку видеоконференциска платформа на 27 август 2020 година

**МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Анита Силановска | Специјалните карактеристики како клучен фактор за развој на робустен дизајн и робустен производствен процес во автомобилската индустрија | Special Characteristics as a Key Factor in Development of a Robust Design and Robust Production Process in Automotive Industry | Проф. д-р Миколај Кузиновски | 02-921/2 27.08.2020 год. |
| 2. | Лилјана Аврамовска | Фактори за успешна имплементација на шест сигма методологијата во големосериско производство | Factors for Successful Implementation of Six Sigma Methodology in Mass Production | Вон. проф. д-р Мите Томов | 02-910/2 27.08.2020 год. |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ХИРУРГИЈА И ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 21.8.2020, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија и дигестивна хирургија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на 22.9.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. д-р Никола Јанкуловски редовен професор на Катедрата за хирургија при Медицинскиот факултет во Скопје,
2. д-р Ѓорѓи Јота, редовен професор на Катедрата за хирургија при Медицинскиот факултет во Скопје и
3. д-р Горан Кондов, редовен професор на Катедрата за хирургија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија и дигестивна хирургија, во предвидениот рок се пријави д-р Светозар Антовиќ, доцент.

**Доц. д-р Светозар Антовиќ**

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Светозар Антовиќ е роден на 9.9.1977 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во 1996, а дипломирал во јуни 2003 година со просечен успех 9,5.

Во 2004 година го положил државниот испит. Од 2005 година започнал и со специјализација од областа општа хирургија.
Редовно е вработен на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија, Клинички центар – Скопје, од 11.8.2008 година.

Специјалистичкиот испит го положил во јуни 2009 година, со што се стекнал со називот специјалист по општа хирургија, а истата година е избран за помлад асистент по општа хирургија при Медицинскиот факултет во Скопје. За асистент е избран во 2011 година, кога и се запишал на трет циклус – докторски студии, а во 2015 година е избран за асистент докторанд.

На 25.9.2015 успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „Валидноста на сентинелниот лимфен јазол кај пациенти со колоректален карцином, изолиран со употреба на радиоактивен колоид на Tc99m”.

За научен соработник по предметот Хирургија е избран на 22.2.2016 година. Избран е за доцент по предметот Хирургија истата 2016 година, во март.

На 8.7.2019 година успешно го положил супспецијалистичкиот испит со што се стекнал со звањето супспецијалист по абдоминална хирургија.

Автор е и коавтор на многубројни научни трудови од областа на хирургијата.

Во моментот е доцент на Медицинскиот факултет, по предметот Хирургија, од 15.3.2016 година (реферат, Билтен бр. 1119).

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Медицинскиот факултет, кандидатот д-р Светозар Антовиќ, доцент, изведува наставно-образовна дејност – предавања на прв циклус студии за студентите по општа медицина, стоматологија на предметите – Хирургија, како и Здравствена клиничка практика. Од 2020 е одговорен наставник по предметот Хирургија за медицински сестри.

Кандидатот е ментор на 5 специјализанти и едукатор на 36 специјализанти од хирушките области при спроведување на турнусите според Правилникот за специјализации и супспецијализации на Медицинскиот факултет.

Член бил на комисија за оцена или одбрана на три докторски труда, како и член на шест комисии за одбрана на специјалистичка работа и една за одбрана на супспецијалистичка работа. Членувал и во рецензентска комисија за избор во звања од областа хирургија.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Светозар Антовиќ има објавено вкупно тринаесетина научни трудови од областа на дигестивната хирургија во меѓународни научни списанија и три труда во зборници од научни собири.

Учествува на повеќе конгреси во земјата и во регионот.

Д-р Светозар Антовиќ учествувал како член во два научни проекта.

Свои секциски предавања одржал на повеќе научни и стручни собири во земјата.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Светозар Антовиќ активно е вклучен во стручно-применувачката работа на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија како специјалист по општа хирургија и супспецијалист по дигестивна хирургија.

Учествувал во воведувањето на нова јавноздравствена метода во областа на здравството/институција: лапароскопски третман на ингвинални хернии со употреба на Pro Grip мрежа.

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во: 2017 година, Виена, Австрија, кај проф. Фридрих Хербст, каде што тренирал минимално инвазивна хирургија за карцином на дебелото црево; 2019 година, во Универзитетската клиника во Хајделберг, Германија, кај проф. д-р Маркус Бухлер, за третман на панкреатичниот карцином. Учествувал и на повеќе стручни курсеви.

Учесник бил во клиничка студија во областа на медицинските науки и здравството, „Компаративна анализа на предоперативна и постоперативна дијагноза кај меланом на кожа“.

Раководител е на внатрешна организациона единица на Отсекот за лапароскопска хирургија, на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија. Во 2020 година е именуван за раководител на Одделот за септична и ургентна хирургија на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии, и тоа како:

- член на Етичката комисија за истражување на луѓе при Медицинскиот факултет во Скопје;
- член на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје;
- член на Стручна комисија од областа на трансплантацијата на органи, ткива и крвотворни матични клетки при Министерството за здравство;

- член во Комисија за утврдување на фактичката состојба преку вршење на увид во условите во однос на простор и опрема за вршење здравствена дејност при Министерството за здравство.

Членува во повеќе стручни здруженија: Европско здружението за дигестивна хирургија, Колопроктолошка асоцијација на Југославија, Здружение за минимално инвазивна хирургија на Србија и Македонско здружение на хирурзи.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Светозар Антовиќ, во учебната 2018/2019 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Медицинскиот факултет.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **СВЕТОЗАР ДУШАН АНТОВИЌ**
**Институција:** **МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**
**Научна област:** **ХИРУРГИЈА – ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,50**<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **10,00** | **ДА** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: **клиничка медицина**; поле: **хирургија**; подрачје: **дигестивна хирургија**. | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку пет научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **ДА** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, Pubmed или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | **ДА** |
| 3.1.1 | 1. Назив на научното списание: **Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences**<br>2. Назив на електронска база на списанија : **PubMed, PMC, SCOPUS, DOAJ, Europe PMC, SCImago, ROAD, OpenAIRE, BASE**<br>3. Наслов на трудот: **Sentinel lymph node detection in colorectal cancer – first experience**<br>4. Година на објава: **2017** | |
| 3.1.2 | 1. Назив на научното списание: **CONTRIBUTIONS**<br>2. Назив на електронска база на списанија : SCImago (SJR), EBSCO, PUBMED, SCOPUS и др.<br>3. Наслов на трудот: ***New technique of compression anastomosis in colorectal surgery- First results in 25 patients in Macedonia***<br>4. Година на објава: **2016** | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.1.3 | 1. Назив на научното списание: **Macedonian Medical Review**<br>2. Назив на електронска база на списанија : EBSCO, De Greyter open access<br>3. Наслов на трудот: ***Menagement of buttonhole rectal injury after vaginal delevery- a case report***<br>4. Година на објава: **2020** | |
| 3.1.4 | 1. Назив на научното списание: **Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences**<br>2. Назив на електронска база на списанија : **PubMed, PMC, SCOPUS, DOAJ, Europe PMC, SCImago, ROAD, OpenAIRE, BASE**<br>3. Наслов на трудот: **Inflammatory Pseudotumor/ Inflammatory Myofibroblastic Tumor of Spleen – A Case Report**<br>4. Година на објава: **2020** | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | |
| 3.2.1 | 1. Назив на научното списание: **Macedonian Medical Review**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 29, 11, Македонија, Велика Британија, Хрватска, Албанија, САД, Словенија, Бугарија, Србија, Република Српска, Германија, Данска<br>3. Наслов на трудот ***Rising trend of using laparoscopy in the treatment of complicated appendicitis in our institution during Januari 2017- May 2019***<br>4. Година на објава**: 2019** | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 15.3.2016, 1119 | **ДА** |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **ДА** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Јота, с.р.**
**Проф. д-р Горан Кондов, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **СВЕТОЗАР ДУШАН АНТОВИЌ**
**Институција:** **МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**
**Научна област:** **ХИРУРГИЈА – ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на предавања по предметот Хирургија - медицински и стоматолошки студии, прв циклус студии (35 x 0,04) | 1,4 |
| 2. | Ментор на специјалистичка работа 5 | 5 |
| 3. | Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика (688 x 0,06) | 41,28 |
| 4. | Едукатор на здравствена едукација (256x 36 x 0,08) | 837,28 |
| 5. | Член на Комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација под наслов: „Ризик-фактори асоцирани со појава на рани постоперативни компликации кај пациенти со Кронова болест“. Кандидат: Владимир Јоксимовиќ, 20.2.2018.<br><br>Член на Комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација под наслов: „Вредноста на лапароскопската апендектомија во третманот на компилициран апендицитис“. Кандидат: Андреј Николовски, 10.5.2019. | 1,4 |
| 6. | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (4 x 0,1) | 0,4 |
| 7. | Член на комисија за одбрана на специјалистичка работа (6 x 0,2) | 1,2 |
| 8. | Член на Рецензентска комисија за избор во звање 1x0,2 | 0,2 |
| | **Вкупно** | **888,16** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Реден број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Соработник во национални научни проекти** | |
| 1. | 2020 – истражувач во меѓународен научноистражувачки проект „Серолошки скрининг за COVID-19 кај здравствени работници од Република Северна Македонија“, кофинансиран од страна на Агенцијата на франкофонски универзитети, раководен од вонр. проф. д-р Катерина Тошеска Трајковска. | 5 |
| **2.** | **Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| 1. | Joksimovic Vladimir,Jankulovski Nikola, **Antovic Svetozar**, Manceva Ljubinka, Joksimovic Marija , Karagjozov Pance. Histological positivity of resection margins as risk factor for occurrence of early postoperative complications in patients undergoing ileocolic resection due to complications from Crohn's disease. Acta morphol. 2017;Vol.14(2):5-11 | 3 |
| 2. | Mitevski Aleksandar, **Antovic Svetozar**, Markov Petar. Ipom plus – an effective method in treatment of ventral hernia. Macedonian Journal of Anaesthesia, Vol. 4 No 2, June 2020 \| 73 | 4 |
| 3. | Vladimir Joksimovic, Nikola Jankulovski, **Svetozar Antovic**, Ljubinka Manceva, Marija Joksimovic. The occurrence of postoperative complications in patients undergoing surgery due to complications from Crohn's disease : case report. Mak Med Pregled 2017; 71(3): 200-204 | 3 |
| 4. | Kristina Skeparovska, Nikola Jankulovski, Pranvera Izairi,**Svetozar Antovik.** Association between first timester obesity and some maternal characteristics . Mak Med Pregled 8 2020; 74(1): 8-13 | 3 |
| 5. | **Svetozar Antovic**, Nikola Jankulovski, Marija Joksimovic, Vladimir Joksimovic, Pajtim Asani, Kristina Skeparovska. Menagement of buttonhole rectal injury after vaginal delevery- a case report**.** Mak Med Pregled 2020; 74(1): 42-45 | 3 |
| 6. | Vladimir Joksimovic, Nikola Jankulovski, **Svetozar Antovic**, Marija Toleska, Marija Joksimovic,Kristina Skeparovska. Double, very short cystic artery: anatomic variation revealed during laparoscopic cholecystectomy: A case report. Mak Med Pregled 2020; 74(1): 46-48 | 3 |
| 7. | Andrej Nikolovski, Gjorgji Stavridis, Igor Fildishevski, Irina Pavlovska, **Svetozar Antovic**, Biljana Cvetanovska-Ilievski, Angelina Krsteva, Darko Dimitrovski, Burim Elezi, Valjon Saliu, Senol Tahir, Stefan Arsenkov, Dragoslav Mladenovic. Rising trend of using laparoscopy in the treatment of complicated appendicitis in our institution during Januari 2017- May 2019. Mak Med Pregled 2019; 73(1): 38-41 | 3 |
| 8. | **Svetozar Antovic**, Aleksandar Mitevski, Aleksandar Karagozov, Biljana Kuzmanovska, Nikola Jankulovski. New technique of compression anastomosis in colorectal surgery- First results in 25 patients in Macedonia. CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XXXVII 1, 2016 | 3 |
| 9. | Ognen Kostovski, Rubens Jovanovic, **Svetozar Antovic**, Irena Kostovska, Gjorgji Trajkovski, Nikola Jankulovski. High expression of CD133 – stem cell marker for prediction of clinically agresssive type of colorectal cancer. Polish Journal of Surgery ; Pol PrzeglChir 2020; 92 (3): 9-14 | 3 |
| 10. | SinisaStojanovski, NevenaManevska, **SvetozarAntovic**, Daniela Pop-Gjorceva, OlivijaVaskova, Daniela Miladinova, Magdalena Mileva. Sentinel lymph node detection in colorectal cancer – first experience. Open Access Maced J Med Sci 2017 Oct 15;5(6):744-750. Epub 2017 Sep 15. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Ana Trpeska, Svetozar Antovic, Marija Joksimovic, Vladimir Joksimovic, Kristina Skeparovska. Intermediate uveitis as the first presentation of multiple sclerosis. Journal of morphological sciences, JMS 2020;3(2):18-21 | 3 |
| 12. | Vladimir Joksimović, Nikola Jankulovski, Svetozar Antović, Marija Joksimović, Ljubinka Mančeva. The occurrence of postoperative complications in patients undergoing surgery due to complications from Crohn's disease: A case report. Acta facultatis medicae Naissensis 2018; 35(1):73-80 | 3 |
| 13. | Rubens Jovanovic, Aleksandar Eftimov, Svetozar Antovic, Ognen Kostovski, Bojan Labachevski, Aleksandar Nikodinovski, Gordana Petrusevska. Inflammatory Pseudotumor/Inflammatory Myofibroblastic Tumor of Spleen – A Case Report. Open Access Mac J Med Sci. 2020 Apr 25; 8(C):66-70. | 3 |
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | |
| 1. | Abdominal compartment syndrome. **Svetozar Antovic**. VI Macedonian congress of anestesiology, reanimation, and intensive care. 24-27.10.2019. Invited lecture. | 2 |
| **4.** | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | |
| 1. | Toleska M, Kuzmanovska B, Kartalov A, Jankulovski N, Shosholceva M, Busnovska J, Dimitrovski A, Petrusheva A, Spirovska T, **Antovic S**. Ultrasound-guided transversus abdominis plane (TAP) block as a part of multimodal analgesia for open unilateral inguinal hernia repair. Orthopedic anestehesia and intensive care: anesteshiology and reanimation specialists society Balkan states anestehesia days III, 18-21 May, Skopje, 2016: book of proceedings and abstracts: 192-198 | 2 |
| 2. | Dimitrovski A, Kuzmanovska B, Kartalov A, Spirovska T, **Antovic S**, Toleska M. Urgent surgical procedure of a patient on treatment with vitamin K antagonist. Orthopedic anestehesia and intensive care: anesteshiology and reanimation specialists society Balkan states anestehesia days III, 18-21 May, Skopje, 2016: book of proceedings and abstracts: 242 | 2 |
| 3. | Abdominal compartment syndrome. **Svetozar Antovic**. VI Macedonian congress of anestesiology, reanimation, and intensive care, 24-27.10, Ohrid,, 2019: book of abstracts: 69-74 | 2 |
| | **Вкупно** | **53** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Реден број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија** | |
| 1.1 | Член во Комисија за вршење на стручен надзор над стручната работа во ПЗУ „Јаннита” – ординација по општа хирургија, Скопје и ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“, Скопје. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Решение бр. 10-2348/1, Министерство за здравство, 14.3.2019 | |
| 1.2 | Член во Комисија за утврдување на фактичката состојба преку вршење на увид во условите во однос на простор и опрема за вршење здравствена дејност на ПЗУ „One Hospital”<br>Решение бр. 17-7191/1, Министерство за здравство, 4.10.2019 | 2 |
| 1.3 | Член на Комисијата на Медицинскиот факултет во Скопје за избор на ректор на УКИМ<br>Решение бр. 02-2019/3, 17.6.2020 | 2 |
| **2** | **Учесник во клиничка студија во областа на медицинските науки и здравство** | |
| 2.1 | Учесник во клиничка студија во областа на медицинските науки и здравството: „Компаративна анализа на предоперативна и постоперативна дијагноза кај меланом на кожа“. | 1 |
| **3** | **Раководител на организациона единица во јавна здравствена установа** | |
| 3.1 | Раководител на Одделение за септична и ургентна хирургија | 3 |
| **4** | **Воведување нова здравствена метода во областа на медицинските науки и здравството (прв пат во државата)** | |
| 4.1 | Воведена метода во државата: лапароскопски третман на ингвинални хернии со употреба на Pro Grip мрежа. | 4 |
| **5** | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството** | |
| 5.1 | Завршена специјализација по општа хирургија | 2 |
| 5.2 | Завршена супспецијализација по пластична и реконструктивна хирургија | 1 |
| **6** | **Стручна активност од областа на јавното здравство и соодветната област** | |
| | **Вкупно** | **17** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Реден број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Член на EDS-European digestive surgery | 2 |
| 2. | Студиски престој во странство (до 3 месеци), Виена, Австрија, Krankenhaus der Barmherzigen Bruder, ноември 2017 | 0,5 |
| 3. | Студиски престој во странство (до 3 месеци), Хајделберг, Германија, Universitats Klinikum Heidelberg, јуни 2019 | 0.5 |
| 4. | Акредитиран испитувач за спроведување на стручниот испит на доктори на медицина за добивање на лиценца | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Член во Комисија за утврдување на фактичката состојба преку вршење на увид во условите во однос на простор и опрема за вршење здравствена дејност<br>Решение бр. 17-7191/1, Министерство за здравство, 4.10.2019 | 1 |
| 6. | Член на Стручна комисија од областа на трансплантацијата на органи, ткива и крвотворни матични клетки<br>Решение бр. 22-1260/1, Министерство за здравство, 7.2.2018 | 1 |
| 7. | Член на Етичката комисија за истражување на луѓе на Медицинскиот факултет во Скопје<br>Решение бр. 02-5918/70, 30.12.2016 | 1 |
| 8. | Одржани 12 предавања за ургентна медицина на членовите на Спортскокачувачката асоцијација на Р Македонија | 6 |
| | **Вкупно** | **13** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **888,16** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **53** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **17** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **13** |
| **Вкупно** | **971,16** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Јота, с.р.**
**Проф. д-р Горан Кондов, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Светозар Антовиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Светозар Антовиќ поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во наставно-научните области: хирургија и дигестивна хирургија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, доц. д-р Светозар Антовиќ да биде избран во звањето вонреден професор во наставно-научните области: хирургија и дигестивна хирургија.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Јота, с.р.**
**Проф. д-р Горан Кондов, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ „ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ВО ДЕТСКА И АДОЛЕСЦЕНТНА ВОЗРАСТ“ ОД АВТОРКАТА ЕЛЕНА ШУКАРОВА-АНГЕЛОВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет Медицинскиот факултет, донесена на седницата одржана на 22.9.2020 година, бр. 02-3524/103, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на стручната монографија „Дијабетес мелитус во детска и адолесцентна возраст“ од авторката Елена Шукарова-Ангеловска, наменет за студентите на додипломските и постдипломските студии (академски и специјалистички), студии на медицинските, стоматолошките и фармацевтските факултети, избрани се проф. д-р Зоран Гучев, и насл. доц. д-р Ирфан Ахмети.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Стручна монографија „Дијабетес мелитус во детска и адолесцентна возраст“ |
| **Назив на предметната програма:** | / |
| **Назив на студиската програма:** | / |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | / |
| Предметот ________________ на __________ факултет е _____________ (изборен/задолжителен) предмет со фонд на часови ______, број на ЕКТС-кредити ____ и се слуша во ______ семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 64 страници (формат А5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 12 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 8 слики и 8 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
**Проф. д-р Зоран Гучев, с.р.**
**Насл. доц. д-р Ирфан Ахмети, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ГУЧЕВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Водичот за дијабетес кај децата дава преглед на дијагностицирање и лекување на дијабетесот во детска и адолесцентна возраст, систематизиран во 12 поглавја, вклучувајќи ги и референците. Во текстот се инкорпорирани најновите сознанија за патогенезата, класификацијата и стадиумите на дијабетесот кај децата. Детално е претставен современиот пристап кон лекувањето на дијабетесот, кој се базира на препораките од европските педијатриски дијабетолошки здруженија. Исто така, претставени се и современите можности за мерењето на гликемијата во домашни услови, кои овозможуваат оптимална контрола и избегнување на појавата на раните и доцните компликации на дијабетесот. Дадени се во целост и базичните принципи на здрава исхрана, како еден од постулатите на терапијата. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | / |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Водичот за дијабетес кај децата ги содржи ставовите за лекување и следење на дијабетесот во детската возраст, како еден од најзначајните проблеми во јавното здравство. Прирачникот е наменет претежно за педијатрите, матичните лекари и сестри од примарно и секундарно ниво, кои се значајни чинители во севкупното водење на младите пациенти со дијабетес. Напишан е со едноставен и разбирлив стил, а ги содржи сите неопходни докази од литературата за современо водење на дијабетесот кај младите. Крајната цел на прирачникот е да се спречат, или барем да се одложат доцните компликации кај пациентите, а со тоа и подобрување на квалитетот на нивниот живот. |
| **Категоризација:** | стручна монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 64 страници (формат А5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 12 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 8 слики и 8 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како стручна монографија, примарно наменет за студентите на додипломските и постдипломските (академски и специјалистички) студии на медицинските, стоматолошките и фармацевтските факултети.

Во Скопје, 24.9.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Зоран Гучев, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: НАСЛ. ДОЦ. Д-Р ИРФАН АХМЕТИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Националниот водич Дијабетес мелитус во детска и адолесцентска возраст дава концизен и јасен патоказ за дијагнозата, терапијата и менаџирањето на дијабетесот кај деца и адолесценти. Авторката посебен осврт дава на третманот на дијабетесот тип 1 со современи инсулински аналози, инсулинските пумпи според препораките на медицината заснована на докази. Наведени се и новите технолошки придобивки во мерењето на гликемијата кои влијаат на подобрувањето на контролата и самоконтролата на дијабетесот. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | / |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Стилот на пишување на авторката, јасните препораки и појаснувањето на класа препораки и нивоа на докази, хронолошкиот опис на постапки во дијагностицирањето и лекувањето на деца со дијабетес, би биле од корист за секој студент по медицина, педијатар и ендокринолог кој се среќава со овие пациенти. Исто така, опсежниот опис на значајноста на адолесцентската (мост) амбуланта, која е замислена како заедничка амбуланта на педијатар ендокринолог и адултен ендокринолог, дава јасни препораки како да се пристапи кон оваа посебна група тимски и да се заокружи процесот на водење на пациентите со дијабетес. Конечно, овој водич претставува олеснување во справувањето со дијабетесот кај деца и адолесценти на државно ниво и тој може да се користи како литература. |
| **Категоризација:** | стручна монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 64 страници (формат А5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 12 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 8 слики и 8 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како стручна монографија, примарно наменет за студентите на додипломските и постдипломските (академски и специјалистички) студии на медицинските, стоматолошките и фармацевтските факултети.

Во Скопје, 24.9.2020 година

**Рецензент**

**Насл. доц. д-р Ирфан Ахмети, с.р.**

ДР-Образец 8

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДЕНТАЛЕН ТУРИЗАМ – МОЖНОСТИ, КАПАЦИТЕТИ, ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ ВО РС МАКЕДОНИЈА“ ОД Д-Р НАТАША ПАВЛОСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 9.7.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов „Дентален туризам – можности, капацитети, искуства и предизвици во РС Македонија“ од кандидатката д-р Наташа Павлоска, во состав: проф. д-р Розалинда Исјановска (претседател), проф. д-р Весна Велиќ Стефановска (ментор), проф. д-р Ќиро Ивановски (член), проф. д-р Бети Зафирова Ивановска (член) и проф. д-р Елена Ќосевска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатката д-р Наташа Павлоска, со наслов: ДЕНТАЛЕН ТУРИЗАМ – МОЖНОСТИ, КАПАЦИТЕТИ, ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ ВО РС МАКЕДОНИЈА, содржи 143 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Romans, со 1,5 проред и големина на букви 12 и 131 библиографска единица, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

**Анализа на трудот**

Трудот е структуриран во 10 поглавја, вклучувајќи вовед, мотив, цел и специфични цели на истражувањето, хипотези, материјал и методи на работа со статистичка обработка, резултати, дискусија, заклучок и литература. Деловите се систематизирани со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. На крајот на трудот има анекс со пример од прашалникот употребен во истражувањето.

**Вовед**

Во воведниот дел од трудот, кандидатката го обработува историјатот на стоматологијата во Република Северна Македонија, осврнувајќи се кон минатото и трагајќи по архивските материјали, укажувајќи дека, всушност, во Македонија пред Втората светска војна, јавна стоматолошка служба речиси и немало, освен 2-3 јавни пункта каде што забните лекари работеле по неколку часа. Соглсно со цитирани историски истражувања, кандидатката истакнува дека постоеле засебни приватни стоматолошки пракси во поголемите и побогатите градови како Скопје, Битола и Штип, кои биле и јадра на еврејската заедница во Македонија, сè до Втората светска војна и холокаустот. Во 1945 година е отворена првата школа за забни техничари, а во 1947 година е отворено државно училиште за забари. Стоматолошкиот факултет, како единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, е најстарата високообразовна институција која образува кадри од областа на стоматологијата во нашата држава. Неговото создавање и развој е тесно поврзан со историјатот на Медицинскиот факултет во Скопје во 1947 година. Во учебната 1948/49 година е основана Клиниката за усни, забни и вилични болести, што претставува прв сигнал за потребата од организирана и стручна стоматолошка заштита во Република Северна Македонија. Првите часови по предметот Стоматологија за студентите по медицина на Медицинскиот факултет се одржани во 1952 година. На 19 јуни 1959 година, донесен е Закон за основање на Оддел за стоматологија при Медицинскиот факултет во Скопје и во 1959/60 била запишана првата генерација од 37 студенти, со четиригодишен

наставен план. За наставна база на Одделот била користена Клиниката за усни, забни и вилични болести. Во 1965 година, Клиниката за усни, забни и вилични болести, во којашто биле интегрирани двата института: Институт за стоматолошка протетика и Институт за конзерватива, прераснува во Стоматолошки оддел при Медицинскиот факултет, со 8 одделенија. Во тоа време, Стоматолошката клиника и Клиниката за максилофацијална хирургија биле едни од најмодерните наставни бази во Европа за изведување на практичната обука на идните стоматолози. Во 1977/78 година, Стоматолошкиот оддел прераснува во Стоматолошки факултет,

По описот на развојот на стоматологијата и генералните дефиниции за туризмот, кандидатката преминува на исцрпна анализа на здравствениот туризам, медицинскиот туризам и денталниот туризам. Таа се повикува на повеќе референци и здравствениот туризам го дефинира како една од гранките на туризмот. Се работи за специфичен облик на туризам, кој има долг историски курикулум уште од античките времиња, со користењето на тогашните терми. Во современиот свет, според дефиницијата на Светската туристичка организација, тој е „сложена стопанска активност, во која важна улога има стручното и контролирано користење на природни лековити фактори, постапки на физикалната медицина и програмирани физички активности, со цел одржување и унапредување на физичкото, менталното и духовното здравје на туристот, како и подобрување на квалитетот на неговиот живот“. Кандидатката укажува дека здравјето е еден од најстарите, најтрајните и најсилни мотиви за туристичка мобилност и дека туризмот секогаш и во сите свои форми има повеќе или помалку здравствена функција. Под здравствен туризам, некои автори ги означувале сите форми на туризам поврзани со зачувување и унапредување на здравјето. Уште во 2005 година, Конел се спротивставил на оваа терминологија, со неологизмот "medical tourism", тврдејќи дека станува збор за нов сектор во подем, кој вклучува медицински зафати.

Медицинскиот туризам е сегмент на здравствениот туризам. Тој го привлекува вниманието на светот уште во 2006 година, кога медицинските списанија почнале да објавуваат трудови на оваа тема, како свесност за новиот растечки феномен во развиените земји и во земјите во развој. Се проценува дека оваа индустрија тежи околу 60 милијарди долари годишно. Заради тоа, таа станува феномен препознаен и од општеството и од науката, која сè повеќе се интересира за него. Медицинскиот туризам станува индустрија, чиј пазар и цел се Тајланд, Сингапур, Малезија, со Индија како водечка и клучна земја. UNWTO предвидела годишен раст од 8 % на индустријата на здравствениот туризам во Индија, од 2008 до 2016 година.

Светската здравствена организација нема прецизна дефиниција на медицинскиот туризам, поради различните истражувачки методи кои се применуваат во различни земји. СЗО за медицински туристи ги смета луѓето кои патуваат прекугранично заради некаков медицински третман. Најчесто барани се стоматолошките третмани, естетската хирургија, елективната хирургија и лекувањето на стерилитет. Произлегува дека медицинскиот туризам се однесува исклучиво за луѓето кои патуваат со истата цел, но внатре во една држава. Во географската реалност, оваа дефиниција може да е неодржлива и контрадикторна, особено во територијално големите држави како Кина, САД, Русија и други земји. Во големите земји, ваквите патувања се проследени и со остварени ноќевања, што по дефиниција е, всушност, вистински туризам, наспроти еднодневните прекугранични патувања на медицинските туристи кои живеат блиску до границата. Таков е, на пример, случајот со Словенците или Италијаните кои патуваат во Хрватска заради стоматолошки третман.

Медицинскиот туризам и денталниот туризам, како негова секција, науката ги нотира во поновото време, како тренд на глобализација на медицинската и стоматолошката дејност. Во литературата се среќаваат и инвентивни синоними на денталниот туризам како: "dental vacation" и "dental holidays".

Денталниот туризам, со резолуцијата 28H-2008 на ADA (American Dental Assosiation), е дефиниран како чин на патување во туѓа држава со цел да се добие стоматолошки третман. Тој се смета за подмножество на медицинскиот туризам и подразбира патување надвор од државата заради добивање стоматолошки услуги, кои

по правило се поскапи во матичната земја. Експанзијата на медицинскиот туризам станува светски феномен. Денталниот туризам, како негов облик или подвид, исто така. Уделот на денталниот туризам во целокупниот светски здравствен туризам изнесува 40 проценти. Сепак, академските истражувања за оваа потесна област се помалубројни. Од собраните секундарни податоци може да се воочат неколку географски јадра, околу кои гравитираат пациентите на различни континенти. Денталните туристи најчесто доаѓаат од развиените земји на западниот свет.

Денталниот туризам понекогаш се карактеризира како уште еден пример за глобализација. Сепак, според Turner, мобилноста на денталните туристи е повеќе регионална, отколку глобална. Денталниот туризам е различен од медицинскиот туризам во смисла на барањата и потребите на пациентите. Стоматолошките третмани имаат помала итност во споредба со другите медицински процедури. Непредвидливите ситуации (освен ако не се третираат на време), за разлика од оние во медицинскиот, не се толку истакнати во денталниот туризам. Освен тоа, најголемиот дел од пациентите доживеале барем еднаш во животот слично искуство со болка и стоматолошки третман. Некои од нив користат превентивна терапија и се запознаени со временската рамка на третманот. Сите овие фактори им даваат можност на пациентите да се информираат, да се консултираат, да оценуваат и покомотно да планираат.

Посебен вид на дентален туризам може е т.н. cruising медицина. Иако повеќе од 100 милиони патници биле на крстарење од 1980 година, не е позната потребата од стоматолошки услуги на отворено море. Според истражувањето на Собота и сор., спроведено на едно крстарење околу светот, стапката на итни стоматолошки случаи кај патници со напредна возраст на долги патувања е изненадувачки висока. Иако патниците на луксузните крстосувачки бродови добиваат високо професионална заштита, кандидатката сугерира санирање на усната празнина и подготвителен стоматолошки третман пред самото патување. Ентропијата на денталниот туризам е константна. Тоа значи дека ако некаде постои рецептивна земја, која прима вакви пациенти, на другата страна постои емитивен дентален туризам, односно земја чии граѓани се пациенти, кои решиле да ги заобиколат домицилните здравствени установи и клиники, од повеќе причини. Некои земји се рецептивни, а некои емитивни за денталниот туризам. Во првите доаѓаат државјани на вторите, заради добивање стоматолошки услуги кои се редовно повеќекратно поскапи отколку во матичната земја.

Главни чинители за медицински туризам внатре во Европската Унија се: а) трошокот е најсилната причина при одлуката за користење медицински услуги преку граница; б) времето на чекање во целната земја во однос на времето на чекање во матичната земја и в) довербата во здравствениот систем во дестинациската земја. Слични фактори го одредуваат денталниот туризам и во Тихуана, Мексико, и тоа: а) однос cost/benefit; б) капацитети и технологија; в) должина на време и цена на третмани и г) доверба и урбан имиџ.

**Предмет на истражување**

Истражувањето има за цел да укаже на можностите, капацитетите, искуствата и предизвиците за развој на денталниот туризам во Република Северна Македонија, како и да креира препораки за интервенции од јавноздравствен интерес.

Специфични цели на истражувањето се: 1) да се направи анализа на географската дистрибуција на денталниот туризам во Република Северна Македонија, со утврдување на евентуалните разлики; 2) да се направи профил на денталните туристи кои ја посетуваат нашата земја, како и евентуалната разлика на нивните карактеристики по региони; 3) да се укаже на демографските и професионалните карактеристики на стоматолозите, кои на директен/индиректен начин се вклучени во реализирањето на денталниот туризам во земјата, како и полето за континуирана едукација; 4) да се утврди организациската форма и капацитетите на стоматолошките ординации вклучени во денталниот туризам, како и потребната логистика за промоција и имплементација; 5) да се согледат ставовите и мислењата на потенцијалните идни сопственици на стоматолошки ординации за националните можности за развој на

денталниот туризам и нивната заинтересираност за вклучување; 6) да утврдат досегашните искуства и потенцијалните економски придобивки од денталниот туризам во нашата земја и да се утврдат евентуалните потенцијални инхибиторни бариери за неговиот развој; 7) да се креираат препораки за зајакнување и развој на денталниот туризам во рамките на јавноздравствениот интерес на нашата земја за овој проблем.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Иако експанзијата на медицинскиот туризам, генерално, како и на денталниот туризам посебно, претставува секојдневен светски предизвик во експлозивен развој, сепак во академскиот свет се соочуваме со сиромашна палета на релевантно научни трудови од овие области. Во Република Северна Македонија не е спроведено ниедно истражување кое се однесува на националните аспекти за денталниот туризам (форма, обем, застапеност, потенцијални капацитети итн.). Уште помалку постои јасна слика за јавноздравствените апекти и економскиот придонес од ваквата дејност за нашата земја и нашиот здравствен систем.

**Краток опис на применетите методи**

Истражувањето претставува аналитичка квантитативна студија на пресек (cross sectional study), која е спроведена со поддршка на Инстититот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, Медицински факултет, УКИМ, Скопје. Истражувањето беше имплементирано во периодот од 12 месеци, и тоа од 15.2.2018 до 14.2.2019 година. Примерокот на испитаници (доктори по дентална медицина), кои беа вклучени во истражувањето, беше утврден преку регистарот на членови на Стоматолошката комора на РС Македонија. Со истражувањето беа контактирани само оние доктори по дентална медицина кои имаат свои електронски адреси. Согласно со расположливите податоци, за ниво на сигнификантност од 95 % и интервал на доверба од ±6%, беше прифатено да бидат контактирани 232 испитаници. Селекцијата на испитаниците е направена според метода на прост случаен избор. Анкетирањето има здрава стапка на повратен одговор од 75,16 %.

Во рамките на истражувањето со цел за исполнување на поставените цели и тестирање на хипотезите е користен нестандардизиран анкетен прашалник со вкупно 59 прашања, групирани во пет целини со прашања од затворен тип, и тоа: I - генерални информации –7 прашања; II - организациска структура и дејност – 13 прашања; III – искуства во работа со лица од странство – 23 прашања; IV – ставови и мислења на стоматолози сопственици на ординација – 11 прашања; и V – ставови и мислења на стоматолози кои не се сопственици на ординација – 5 прашања. Пред почетокот на истражувањето беше спроведено пилот-истражување за тестирање на содржината на прашалникот и неговата разбирливост. Финалната верзија на прашалникот беше дистрибуирана по електронски пат до докторите по дентална медицина од примарната, секундарната и терцијарната заштита на територијата на Република Северна Македонија. Прашалникот беше конструиран и аплициран со помош на Google Forms услугата, а испитаниците стоматолози имаа можност да го пополнуваат со Internet прегледник.

Ризикот од пополнување на прашалникот повеќе од еднаш од страна на исто лице е превенирано со помош на софтверско решение кое е дел од платформата каде што е креиран прашалникот. Доколку некој од испитаниците не доставел одговор 20 дена по добивањето на прашалникот, автоматски му бил испратено потсетување по електронски пат на истата електронска адреса на која бил остварен примарниот контакт. На сите испитаници им била дадена можност да ги добијат обработените резултати од ова истражување преку електронската пошта.

**Статистичка обработка на податоците**

Податоците добиени со истражувањето беа обработени во соодветни статистички програми (Statistica for Windows 7,0 и SPSS верзија 14), и беа прикажани табеларно и графички. Анализата на атрибутивните (квалитативни) серии беше направена преку одредување на коефициент на односи, пропорции и стапки. Нумеричките (квантитативни) серии беа анализирани со употреба на мерките на

централна тенденција и со мерки на дисперзија на податоците (стандардна девијација, стандардна грешка и IQR). Анализа на правилноста во дистрибуцијата на фреквенциите на нумеричките белези беше вршена со Shapiro-Wilk W test.

За споредба на просечните вредности на нумеричките серии со неправилна дистрибуција на фреквенциите беше користен непараметарски тест за независни примероци (Mann Whitney Uтест). Chi square test, Fischer exact тест и Fisher Freeman Halton exact test беа користени за утврдување на асоцијацијата меѓу одредени белези во групата испитаници. Sperman Rank Order Correlation тест беше користен за утврдување на корелацијата меѓу две нумерички варијабли со неправилна дистрибуција на фреквенции. Пресметување на ризиците се вршеше со помош на стапки на предимство (Odd ratio – OR). Сигнификантноста на разликата помеѓу две пропорции и две корелации беше анализирана со Difference test. Нивото од $p<0{,}05$ беше прифатено како статистичка значајно, односно сигнификантно.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Во истражувањето се опфатени вкупно 232 доктори на дентална медицина (стоматолози), од кои 123 (53,02 %) од машки и 109 (46,98 %) од женски пол со однос помеѓу половите од 1:1,13. Процентуалната разлика помеѓу застапеноста на половите во целиот примерок, за $p>0{,}05$, не е сигнификантна (Difference 6,04% [(-3,04-14,98) CI 95%]; Chi-square=1,689; df=1 p=0,1937). Најголемиот дел од испитаниците во примерокот се Македонци, 200 (86,2 %), следено со 20 (8,6 %) Албанци и 12 (5,2 %) од други националности. Просечната возраст на испитаниците во целиот примерок изнесува 38,4±8,2 години со минимална/максимална возраст од 24 vs 61 година. Вкупно 50 % од испитаниците во целиот примерок се постари од 37 години за Median (IQR)=37 (31,5-44). Кај стоматолозите од машки пол, просечната возраст изнесува 38,7±8,3 години, а кај оние од женски пол, таа изнесува 37,9±7,9 години. Од анкетираните стоматолози, најголемиот дел се со академска титула на доктори по дентална медицина или 194 (83,6 %) од кои 103 (53,1 %) биле мажи и 91 (46,9 %) жени, а со титула мегистер/ доктор на стоматолошки науки биле вкупно 38 (16,4 %) и тоа 20 (52,6 %) мажи и 18 (47,4%) жени. Анализата, за $p>0{,}05$, не укажа на статистички сигнификантна асоцијација помеѓу полот и академската титула на испитаниците (Pearson Chi-square=0,0027; df=1; p=0,958). Третина или 75 (32,33 %) се специјалисти/ специјализанти во одредена област без статистички сигнификантна асоцијација помеѓу полот и специјалистичкиот статус (Pearson Chi-square=1,4201; df=1; p=0,2334). Во однос на областа на специјализацијата, најголемиот дел или 23 (30,7%) биле специјалисти од областа ортодонција, следено со 20 (26,7 %) од областа на оралната хирургија, 16 (21,3%) од стоматолошка протетика, 8 (10,7 %) од пародонтологија, 4 (5,3 %) од детска и превентивна стоматологија, и по 2 (2,7%) од максилофацијална хирургија и од примарна стоматолошка здравствена заштита. Со зголемувањето на возраста сигнификантно се зголемува и бројот на стоматолози специјалисти (Spearman Rank Order Corellation: R=0,265, $p<0{,}05$). Странски јазик познавале 228 (98,28%) од испитаниците од кои најголемиот дел го познавале англискиот следено со српски, бугарски и германскиот јазик. Просечниот број на јазици кои ги владееле стоматолозите во целиот примерок изнесува 3,6±1,3 со минимум/максимум 1 vs 7 јазици. Педесет одсто испитаници владееле повеќе од 4 јазици за Median (IQR)=4 (3-4). За $p>0{,}05$, анализата не укажа на сигнификантна разлика помеѓу специјалистите и неспецијалиститите во однос на просечниот број на странски јазици кои ги владеат (Mann-Whitney U Test: Z=0,9317; p=0,3515).

Сопственици на ординација биле вкупно 131 (56,5 %). Просечниот број на стоматолошки тимови изнесувал 1,7±1,1 со минимум/максимум 1 v.s. 6 тима по ординација и 50 % ординации со над 1 тим за Median (IQR)=1 (1-2). За $p<0{,}05$, постои сигнификантна разлика помеѓу просечниот број на стоматолошки тимови во ординациите каде работат специјалистите односно неспецијалиститите (Mann-Whitney U Test: Z=-2,5065; p=0,0122) во прилог на поголем број на тимови во ординациите каде работат специјалистите.

Вкупно 95 (40,9 %) работеле со минимум еден вработен од друг медицински персонал. Поединечната анализа укажа дека третина или 71 (30,6 %) од стоматолозите во ординацијата работеле заедно со медицинска сестра/ забен асистент, 25 (10,8 %) работеле со забен техничар, а 33 (14,2 %) работеле со друг помошен немедицински персонал. Најголемиот дел од оние што работеле со целосен тим на помошен персонал биле од Скопје – 54,5 %, Гевгелија – 27,3 % и по 9,1 % од Битола и Македонски Брод.

Сите ординации, односно 232 (100 %) давале услуги за пломбирање и превентивна дентална заштита. Други давани услуги биле: протетика 211 (90,9 %), парадонтологија 179 (77,1 %), детска стоматологија 173 (74,6 %), ендодонција 163 (70,3 %), орална хирургија 94 (40,5 %), дентални импланти 63 (27,1 %), ортодонција 65 (28,1 %) и радиологија 54 (23,3 %). Вкупно 82 (35,34 %) од ординациите работеле во една смена, а 150 (64,66 %) од нив работеле во две смени. Двосменската работа во поликлиниките е за 5,304 пати сигнификантно почеста споредено со општа стоматологија [OR=5,304 (1,79 – 15,69) CI 95%] и за 6,513 пати сигнификантно почеста споредено со специјалистичка ординација [OR=6,513 (1,89 – 22,48) CI 95%].

Најголемиот дел од ординациите, и тоа 212 (91,4 %), соработувале со заботехничка лабораторија, следено со 103 (44,4 %) ординации кои соработувале со радиологија, 22 (9,5 %) со микробиолошка лабораторија. Најмал број или 19 (8,2 %) од ординациите соработувале со хистопатолошка лабораторија. Вкупно 9 (3,9 %) од ординациите немале соработка со помошни лаборатории.

За $p<0,05$ постои статистички сигнификантна асоцијација помеѓу типот на стоматолошката ординација и бројот на помошни лаборатории (Fisher Freeman Halton exact test: $p=0,0001$) во прилог на поголем број помошни лаборатории кај поликлиниките и специјалистичките ординации.

Просечниот број на годишни посети / учество на стручни усовршувања кај неспецијалистите, односно специјалистите изнесувал 4,1±2,3 v.s. 5,5±2,9. Минималниот/ максималниот број на стручни усовршувања кај неспецијалистите изнесувал 0/20 со 50 % од нив кои имале над 3 тренинзи и 1/20 кај специјалистите со 50 % кои имале над 5 тренинзи годишно. За $p<0,05$, согледана беше сигнификантна разлика помеѓу неспецијалистите и специјалистите во однос на просечниот број на годишни усовршувања (Mann-Whitney U Test: $Z=-5,031$; $p=0,0001$) во прилог на сигнификантно поголем број на годишни стручни усовршувања кај специјалистите. Дополнително, не беше утврдена сигнификантна разлика помеѓу сопствениците и вработените (Mann-Whitney U Test: $Z=-0,183$; $p=0,8544$) во однос на усовршувањето. Вкупно 72 (45,9%) од неспецијалистите и 64 (85,3%) од специјалистите изјавиле дека посетувале стручно усовршување во странство. Усовршувањето во странство е за 6,869 пати сигнификантно почесто кај специјалистите споредено со неспецијалистите [OR=6,869 (3,37 – 14,01) CI 95%].

Најголемиот дел од испитаниците, и тоа 81 (37,3 %), изјавиле дека искуството во лекување странци им изнесува 0-5 години, следено со 61 (28,1 %) со искуство помеѓу 6-10 години и 43 (19,8 %) со искуство од 11 до 15 години. Од 16 до 20 години и над 20 години искуство во лекување на странци имале консеквентно 18 (8,3 %) v.s. 14 (6,4 %) од испитаниците. За $p<0,05$, утврдена е сигнификантна асоцијација помеѓу специјалистичкиот статус и годините на искуство во работењето со странци (Pearson Chi square: 11,321; $df=4$; $p=0,0232$) во прилог на сигнификантно подолго искуство на специјалистите. Најголем дел од стоматолозите и тоа 147 (67,7 %), изјавиле дека 1 – 20 % од нивните пациенти се странци. За $p>0,05$, нема сигнификантна асоцијација помеѓу специјалистичкиот статус и изјавата за процентот на странци во вкупниот број на пациенти (Pearson Chi-square: 8,018 $df=4$, $p=0,0909$).

Вкупно 119 (54,8 %) од сите стоматолози во студијата изјавиле дека уделот на странците во вкупниот приход изнесувал 1 – 20 %, следено со 51 (23,5 %), според кои овој удел изнесувал 21 – 40 % од приходот. За $p>0,05$, нема сигнификантна асоцијација помеѓу специјалистичкиот статус и ставот за уделот на странците во вкупниот приход на ординацијата (Pearson Chi-square: 4,206, $df=4$, $p=0,3788$). Мнозинството или 98 (46,2 %) од сите анкетирани изјавиле дека уделот на дијаспората во вкупниот број на странски

туристи изнесувал 1 – 20 %, следено со 42 (19,8 %), според кои овој удел изнесувал 81 – 100 %. За p>0,05, нема сигнификантна асоцијација помеѓу специјалистичкиот статус и ставот за уделот на дијаспората во вкупниот број на странски туристи (Pearson Chi-square: 5,426, df=4, p=0,2463). Најголемиот број од денталните туристи биле од западните европски земји и тоа 198 (85,3%) следено со прекуокеанските земји кои биле застапени со 115 (49,6%). Грција како земја на потекло на пациентите од странство била назначена од 76 (32,8%) од анкетираните стоматолози следено со Косово и Албанија застапени со консеквентно 38 (16,4 %) и 37 (15,9 %).

Најголемиот дел од испитаниците, и тоа 146 (67,3 %), ја рангирале пониската цена на стоматолошките услуги како многу важен мотивирачки фактор за дентален туризам. За p>0,05, нема сигнификантна асоцијација помеѓу специјалистичкиот статус и рангирањето на важноста на пониската цена на стоматолошките услуги (Pearson Chi square: 1,101; df=4; p=0,7768). Мнозинскиот дел од анкетираните и тоа 90 (41,5 %) сметале дека подобриот квалитет на стоматолошките услуги отколку во матичната земја е важен мотивирачки фактор за дентален туризам. Овој мотивирачки фактор бил рангиран како многу важен од 77 (35,5 %) од испитаниците, а како неважен од 17 (7,8%). За p>0,05, нема сигнификантна асоцијација помеѓу специјалистичкиот статус и рангирањето на овој мотивирачки фактор. Пократкото време на чекање како мотивирачки фактор било рангирано од 88 (40,7 %) од испитаниците како важно но не пресудно за денталните туристи, а сепак 11 (5,1 % од испитаниците го сметале овој фактор за неважен без сигнификантна разлика во однос на специјалистичкиот статус. .

За најголемиот дел од стоматолозите и тоа за 58 (44,3 %) v.s. 47 (50,5 %) цената на стоматолошките услуги во нивната ординација била за 51-100% пониска споредено со цената на истата услуга во консеквентно Грција и Бугарија, односно 125 (62,5 %) од стоматолозите во истражувањето сметале дека цената на стоматолошките услуги во нивната ординација се за над 100 % пониска споредено со цената на истите услуги во западна Европа и Америка.

Анализата според типот на стоматолошка ординација каде што работеле стоматолозите и водењето на досие/ картон, за p<0,05, укажа на постоење на сигнификантна асоцијација (Fisher Freeman Halton exact test: p=0,0042) во прилог на сигнификантно почесто водење на досие/ картон во поликлиниките и специјалистичките ординаци споредено со ординациите за општа стоматологија

Најголемиот дел од анкетираните стоматолози, и тоа 120 (51,7 %), изјавиле дека нивните пациенти од странство доаѓаат само за лекување. Според стоматолозите, стоматолошките услуги ги комбинираат со одмор 66 (28,4 %) од пациентите од странство, а најмал број или 30 (12,9 %) го комбинираат лекувањето со посета на роднини. Помош при организација на превоз нуделе 21 (9,7 %) од стоматолошките ординации, 49 (22,7 %) нуделе помош при организација на сместување, а 21 (9,7 %) нуделе помош при организација на додадтни туристички активности.

Помалку од половина од испитаниците изјавиле дека ординациите во кои работат имаат своја веб-страница, и тоа 95 (44 %). Споредбата во однос на тип на стоматолошка ординација укажа дека најголем дел од поликлиниките или 26 (74,3 %) имале своја веб-страница, следено со 17 (53,1 %) од специјалистичките ординации и 52 (34,9 %) од ординациите за општа стоматологија. За p<0,05, утврдена беше сигнификантна социјација помеѓу имањето на веб-страница и типот на стоматолошката ординација (Fisher Freeman Halton exact test: p=0,00007) во прилог на сигнификантно најмногу веб-страници кај поликлиниките.

Деловната клима за дентален туризам во земјата била оценета како „поволна” само од 6 (4,6 %), а од најголемиот дел или 69 (52,7 %) неа ја оцениле како „неповолна”. Хиперпродукцијата на кадар за најголемиот дел од испитаниците, и тоа 97 (74,1 %), беше оценета како „голема пречка“ за развој на дентален туризам, со сигнификантна асоцијација помеѓу полот и ставот по ова прашање (Fisher Freeman Halton exact test: p=0,0375) во прилог на сигнификантно повеќе испитаници од машки пол во прилог на овој став.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација со наслов: ДЕНТАЛЕН ТУРИЗАМ – МОЖНОСТИ, КАПАЦИТЕТИ, ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ ВО РС МАКЕДОНИЈА, од кандидатката д-р Наташа Павловска, претставува истражување во областа на јавноздравствените аспекти во стоматологијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација ќе придонесе во согледување на можностите, капацитетите и искуствата од областа на денталниот туризам во нашата земја, како и дефинирање на предизвиците за понатамошен развој на ова поле.

Докторската дисертација со наслов: ДЕНТАЛЕН ТУРИЗАМ – МОЖНОСТИ, КАПАЦИТЕТИ, ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ ВО РС МАКЕДОНИЈА, од кандидатката д-р Наташа Павловска, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Pavloska N., Velik Stefanovska V., Kokolanski V., Ivanovski K. Attitudes and experiences of the doctors of dental medicine for dental tourism in Republic of Macedonia. Medicus. 2018, SSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 23 (3).

[2]. Pavloska N., Velik Stefanovska V., Ivanovski K., Kokolanski V. Characteristics of dental tourism – dental facilities and treatment of patients from abroad. Medicus. 2020, ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 25 (2).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатката се: согледување на можностите, капацитетите и искуствата од областа на денталниот туризам во Република Северна Македонија, како и дефинирање на предизвиците со кои се соочува стоматологијата како област и докторите по дентална медицина како нејзини чинители во понатамошниот развој на ова поле.

Подрачјето на примена и ограничувањата се значајната епидемиолошка и стратегиска вредност на добиените резултати при градењето на ставовите за развојот на денталниот туризам во нашата земја. Истовремено за потенцирање е и можноста за минимизирање или преувеличување кај самореферираните податоци во епидемиолошки студии од овој тип, што ја наметнува потребата од дополнителни пообемни истражувања на кои ќе им претходи кампања за подигнување на свесноста за важноста на овој проблем не само за стоматологијата, туку и за економијата на земјата.

Можните понатамошни истражувања се: утврдување на ставовите на релевантните авторитети во стоматологијата, како и стратешката ориентација на референтните министерства и владата за важноста и развојот на денталниот туризам на национално ниво.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација со наслов: ДЕНТАЛЕН ТУРИЗАМ – МОЖНОСТИ, КАПАЦИТЕТИ, ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ ВО РС МАКЕДОНИЈА од кандидатката д-р Наташа Павловска.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Розалинда Исијановска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска , ментор, с.р.**
**Проф. д-р Ќиро Ивановски, член, с.р.**
**Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член, с.р.**
**Проф. д-р Елена Ќосева, член, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СЕЗОНСКИ ВАРИЈАЦИИ НА ЕНДЕМСКА ЕКОФЛОРА ВО ХИРУРШКА ИНТЕНЗИВНА ЕДИНИЦА И НИВНА ГЕНОТИПСКА КОНФИРМАЦИЈА“ ОД Д-Р БРАНКА ПЕТРОВСКА БАСОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXVIII седница одржана на 9.7.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов: **Сезонски варијации на ендемска екофлора во хируршка интензивна единица и нивна генотипска конфирмација**, од кандидатката д-р Бранка Петровска Басовска, во состав: проф. д-р Гордана Јанкоска (претседател), проф. д-р Каќа Поповска (ментор), проф. д-р Жаклина Цековска (член), проф. д-р Андријан Карталов (член) и проф. д-р Весна Велиќ Стефановска (член). Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката д-р Бранка Петровска Басовска, со наслов: **Сезонски варијации на ендемска екофлора во хируршка интензивна единица и нивна генотипска конфирмација,** содржи 152 страници компјутерски обработен текст во фонт Arial, со проред 1,5 и големина на букви 12 со 163 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси. Трудот е структуриран во 10 глави, почнувајќи со вовед на што се надоврзува мотивот на истражувањето со целите на докторската дисертација, хипотезите, потоа материјалот и методите, резултатите, дискусијата, заклучоците и, на крај, користената литература и прилог.

На почетокот е приложено резиме на македонски и англиски јазик. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот, на 26 страници, поткрепено со 3 слики, се запознаваме со значењето и историјатот на интрахоспиталните инфекции. Во првиот дел на воведот се објаснуваат поимот, епидемиологијата и значењето на болничките инфекции. Кандидатката јасно ја дефинира болничката инфекција, ја разграничува од колонизацијата и ги опишува ризик-факторите за нејзино настанување. Интахоспиталните инфекции се меѓу најчестите јавноздравствени проблеми во развиените земји и земјите во развој. Нивното настанување е мултифакториелно. Опишан е Гордоновиот тријас: инфективниот агенс, болницата и домаќинот со учеството на секоја карика. Посебен акцент им е даден на актуелните мултирезистентни бактерии и нивното учество во настанување на интрахоспитална инфекција. Наведени се: *Acinetobacter spp., Pseudomonas spp.,* ESBL (беталактамази со проширен спектар) продуцирачките ентеробактерии од Грам-негативните бактерии, како и MRSA (метицилин резистентен *Staphylococcus aureus*) и VRE (ванкомицин резитентен ентерокок) од Грам-позитивните бактерии. Интахоспиталните инфекции се поврзуваат со употребата на медицински инструменти и уреди, како и престој во единиците за интензивно лекување.

Понатаму се дава акцент на *Acinetobacter spp.*, неговата таксономија, епидемиологија и сезонските варијации. Најчесто изолиран вид кај

хоспитализирани пациенти е *Acinetobacter baumanni,* што се одликува со мултирезистентност и способност да преживее со недели на површини и медицинска опрема. Со оглед на наведените карактеристики на бактеријата, превенцијата е клучна за да се намали морбидитетот, бидејќи е многу ограничен изборот на антибактериските средства. Следуваат податоци за природните резервоари на бактериите од родот *Acinetobacter,* што уште се истражуваат, но многу видови се наоѓаат во почвата и водата. Бактериите од родот *Acinetobacter* се безопасни колонизатори на кожата кај здрави лица, но кај пациентите во единиците за интензивно лекување предизвикуваат инфекции со различни локализации. Почесто инфекциите се локализирани во ткива со висока содржина на течности (респираторниот и урогениталниот тракт и перитонеалната течност). Најчеста клинички манифестации се пневмонија и бактериемија. Инциденцата на *Acinetobacter* кај интубирани пациенти на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување во последните две децении се движела меѓу 29 – 40 %. Во однос на сезонските варијации, кандидатката го наведува периодот од март до јуни кога била најчесто изолирана оваа бактерија. Ова се поврзува со влажноста во овие месеци што е погодно за самата бактерија, но и поголемиот број на пациенти со егзацербација на хронична опструктивна болест.

Во продолжение на воведот се дефинирани сезонските варијации и карактеристиките на останатите гореспоменати бактерии. Една од тие бактерии, многу значајна во болничката средина, е *Pseudomonas aeruginosa,* која се одликува со резистенција кон голем број антибиотици, способност да создава биофилм и можност да предизвика сериозни заболувања. Се нагласува нејзиното учество во инфекции на респираторниот и генитоуринарниот тракт. Способноста за опстојување на бактеријата во влажна и топла средина е причина за инфекции кај лица на механичка вентилација и деца со цистична фиброза. Понатаму се опфатени најчестите ентеробактерии (*Escherichia coli* и *Klebsiella pneumoniae)* што се изолирани при интрахоспитални инфекции на уринарниот тракт, пневмонии и др. Појавата на ESBL-продуцирачки соеви го отежнува лекувањето на инфекциите предизвикани од нив. Забележани се епидемии во болничките оддели со *Klebsiella pneumoniae* во летните месеци.

Последните страници од воведот се посветени на Грам-позитивните бактерии, застапени во болничката средина. MRSA е светски проблем, не само поради неговата резистенција кон метицилин и многу други антибиотици, туку и поради неговата способност да создава биофилм. Забележана е сезонска застапеност на оваа бактерија со пик на крајот на летото. VRE почесто бил застапен во зимските месеци.

Воведот е коректно подготвен, со користење на податоци од современата медицина, и одејќи од општото кон посебното, нè воведува кон целта на испитувањето.

Втората глава во трудот го обработува мотивот за изработка на истражувањето кој произлегува од потребата за континуирано следење на флората во болничкиот екосистем, што овозможува да се предвиди инфекција и да се одреди соодветна дијагноза и терапија.

Во третата глава се наведени целите на истражувањето што се јасно дефинирани, а потоа во четвртата глава е напишана поставената хипотеза.

Петтата глава содржи опис на материјалите и применетите методи, поткрепена со 4 слики. Во овој дел, докторантката наведува дека студијата е работена на Институтот за микробиологија и паразитологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Република Северна Македонија, а по

одобрување на Етичката комисија на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”. Студијата е ретроспективна и опфаќа период од 2011 до 2017 година. Дадени се карактеристиките на примероците, како и критериумите за селекција. Покрај анализа на потврдените бактериски соеви при класичната и автоматизирана рутинска дијагностика, користен е молекуларен метод реп-ПВР (репетитивна полимераза верижна реакција) со DiversiLab-системот. Оваа платформа овозможува стандардизирани ДНК-фингерпринти, нивно автоматско анализирање и добивање на дендограми. Софтверската анализа и компарција на дендограмите дава извештај за сличност на соевите.

Во шестото поглавје се наведени статистичките методи што се користени: просек, медијана, интерактивни рангови, мерки на дисперзија, Pearson Chi square-test, Fisher exact test, Spearman-ов коефициент на ранг-корелација, Odd ratio, Difference test. За статистичка обработка на податоците е користен SPSS software package, version 22.0 for Windows. Нивото на значајност е одредувано како $P< 0,05$.

Седмата глава ги прикажува резултатите од трудот на 65 страници, во 28 табели и 35 графици. Најнапред се изнесени резултатите кои се однесуваат на дистрибуција на позитивните изолати во тубус и канила. Потоа се обработени најчестите бактериски изолати во двата примерока. Поединечно за секоја бактерија се испитани: застапеноста, развојната тенденција - трендот во осумгодишниот период, вредноста на сезонскиот индекс, како и корелациона анализа помеѓу просечната месечна температура и застапеноста на бактеријата и просечната влажност на воздухот и застапеноста. Резултатите се прикажани табеларно и со графикони, кои го олеснуваат нивното следење. Прецизно се опишани и даден е јасен приказ на статистички значајните разлики помеѓу испитуваните параметри.

Осмата глава се однесува на дискусијата во однос на резултатите од трудот и споредбата со резултатите на други истражувачи. Изложена е на 11 страници. На почетокот на дискусијата се потенцира важноста на интрахоспиталните инфекции и последиците од нив. Потоа се наведени најчестите бактерии што се репортирани во литературата, а се колонизатори или предизвикувачи на интрахоспитални инфекции. Особено значење е дадено на микробиолошката контрола на медицинските уреди и следење на микрофлората во болничкиот систем како основна мерка за детекција на причинителите на болнички инфекции. Во оваа студија е докажана масовна колонизација на тубусите и канилите со 1948 позитивни наоди, односно 80,36 % од вкупниот број. Понатаму се дискутира за видовите на микроорганизмите и се споредува со податоците од други истражувања. Во ова испитување, од вкупно докажаните 22 видови на микроорганизми, 7 биле најчесто застапени. Ова сосема соодветствува со други испитувања и податоци. Бактериите *Acinetobacter spp.* и *Pseudomonas aeruginosa* се опишани како најчести мултирезистентни бактерии што имаат афинитет за респираторните уреди и болничката средина. Се истакнува учеството на *Acinetobacter spp.* при вентилатор-асоцираните инфекции. Неговото присуство во примероците од респираторниот тракт е евидентиран до 40 % од позитивните наоди, што соодветствува со наодите во оваа студија. Според некои испитувања, стапката на месечна застапеност на *Acinetobacter spp.* била највисока на крајот на летото и почетокот на есента, што делумно соодветствува со резултатите од оваа студија. Сезонскиот индекс за двете бактерии, *Acinetobacter spp.* и *Pseudomonas aeruginosa,* е највисок во ноември, декември и февруари; во месеците со најголема влажност и се совпаѓа со досегашните сознанија од оваа област. Слични се дисуксиите за застапеноста и

месечната дистрибуција на *Klebsiella spp.* во единиците за интензивно лекување. Во домашната и странската литература, MRSA е најчесто изолирана Грам-позитивна бактерија во болничката средина. Како и кај претходните бактерии, и кај оваа бактерија со растење на влажноста се зголемува и нејзината застапеност. Понатаму во дискусијата се нагласува потребата од континуирано следење со микробиолошка анализа на микрофлората во болничките екосистеми и контрола на неживата средина.

**Во заклучните согледувања** во деветтата глава се изнесени 4 групи на заклучоци според поставените цели, од кои некои позначајни се:

- Колонизацијата на ендотрахеалните канили и тубуси е голема (во 80,36 %) од испитуваните примероци) со широк диверзитет на бактерии. Наодите од тубус имаат сигнификантно поголема веројатност да бидат негативни споредено со наодите од канила;

- Од позитивните наоди најзастапени беа седум бактерии. Од Грам-негативните: *Acinetobacter spp.*, *Pseudomonas aeruginosa, Klebsiella spp.* и *Enterobacter spp.*, па Грам-позитивните бактерии: MRSA, coagulase negative *Staphylococcus* - метицилин резистентен и *Enterococcus spp.; - Acinetobacter spp.* е сигнификантно повеќе застапен во тубус во однос на канила (p=0,0001).

- Развојната тенденција (трендот) за застапеноста на *Acinetobacter spp.* во целиот примерок на позитивни наоди, како и поединечно во тубус, односно канила во КАРИЛ (2010 – 2017) покажува тенденција на растење во двата примерока – најголема застапеност на *Acinetobacter spp.* имало во 2017 година (46,0 %), а трендот за *Pseudomonas aeruginosa* покажува тенденција на опаѓање на позитивните изолати на *Pseudomonas aeruginosa* за целиот примерок (тубус и канила) во осумгодишниот период на анализа. Добиениот тренд на *Klebsiella spp.* укажува на тенденција на опаѓање на позитивните изолати на *Klebsiella spp.* во целиот примерок.

- Дистрибуцијата на *Acinetobacter spp.* на месечно ниво во целиот примерок на позитивни изолати од КАРИЛ за периодот 2010 – 2017 година покажала најголема застапеност во 2013 година (75 % – јануари), следено со 2015 година (66,67 % – јули) и 2011 година (64 % – декември и 61,9 % – јуни). Сезонскиот индекс покажа дека *Acinetobacter spp.* беше најмногу изолиран во ноември – 171,67 % и декември - 118,33 % следено со февруари - 113,33 %, март – 110 % и јуни – 101,67 %;

- Дистрибуцијата на *Pseudomonas aeruginosa* на месечно ниво во целиот примерок од КАРИЛ за периодот 2010 – 2017 година покажала најголема застапеност во 2012 година (октомври - 46,15 %) и 2013 година (36,36 % - јуни), следено со 2017 година (35,29 % - јули). Сезонскиот индекс над 100 %, односно над месечниот просек, укажа дека *Pseudomonas aeruginosa* беше најмногу изолиран во ноември – 150,4 % и декември – 119,71 % следено со јануари – 110,5 %, февруари – 107,43 %, мај – 110,5 % и октомври – 110,5 %;

- Молекуларните испитувања на изолатите *Acinetobacter spp.* со автоматизираната молекуларна платформа (DiversiLab® систем) докажаа постоење на два различни клона на *Acinetobacter spp.* во КАРИЛ.

- Со одредување на сезонските варијации на најчестите бактерии од хоспиталната средина се овозможува преземање на посилни глобални и сезонски специфични мерки на претпазливост во болниците, во критичните сезони, со што ќе се подобри и унапреди здравјето на пациентите, ќе ги намали болничките денови и трошоците за лекување.

**Предмет на истражување**

Главен мотив за изработка на трудот е потребата за континуирано следење на флората во болничките екосистеми и детекција на сезонските варијации. Овие податоци досега не биле истражувани во нашата земја. Дополнителен предизвик и мотив е имплементацијата на DiversiLab-молекуларна платформа како најдискриминаторна метода за генотипизација на интрахоспитални микроорганизми. Ова истражување е прво од ваков вид кај нас и добиените резултати овозможуваат споредување на резултатите од другите земји и ги посочуваат местата и препораките за интервенција.

Цели на трудот се следните:

Генерална цел е да се укаже на колонизација на ендотрахеалните тубуси и назални канили од пациенти во КАРИЛ, да ги детектира најчестите микроорганизми и да укаже на нивна сезонска специфика и потребната превенција. Специфични цели се четири:

1. Да се проучи и да се прикаже најзастапената бактериска колонизација на ендотрахеалните тубуси и назални канили кај пациенти во КАРИЛ.
2. Да се утврдат и да се прикажат сезонските варијации на најчесто изолираните патогени – предизвикувачи на интрахоспитални инфекции.
3. Да се процени евентуалната ендемичност на изолатите, како и на другата најзастапена микрофлора во КАРИЛ, согласно со согледувањата и постојната литература.
4. Да се укаже на најсоодветните превентивни мерки согласно со утврдените патогени.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Интахоспиталните инфекции се меѓу најважните јавноздравствени проблеми не само кај нас, туку и во развиените земји. Интахоспиталните инфекции се поврзуваат со употребата на медицински инструменти и уреди, како и престој во единиците за интензивно лекување. Нивното настанување е мултифакториелно. Инфективниот агенс, болницата и домаќинот се трите карики што земаат учество во настанување на интрахоспиталната инфекција. Појавата на мултирезистентни бактерии и нивното одржување во болничката средина е од особено значење. Како причинители на болничка инфекција се споменуваат: *Acinetobacter spp., Pseudomonas spp.,* ESBL (беталактамази со проширен спектар) продуцирачките ентеробактерии од Грам-негативните бактерии, како и MRSA (метицилин резистентен *Staphylococcus aureus*) и VRE (ванкомицин резитентен ентерокок) од Грам-позитивните бактерии. Застапеноста и, особено, резистенцијата на овие микроорганизми се следи од разни мрежи во целиот свет. Потребна е постојано комплетна слика за состојбата на вакви изолати кај нас.

**Краток опис на применетите методи**

Изолацијата и идентификацијата на бактериите е направена со класични и автоматизирани микробиолошки методи.

Класичниот метод започнува со засадување на примерокот, брис земен од тубус и ендотрахеална канила, на соодветни хранителни подлоги, инкубација во соодветни услови (температура од 37°C и време од 24 до 48 часа). Потоа следува интерпретација на наодите. При пораст на подлогите суспектен за одреден вид бактерии се продолжува со биохемиски тестови за идентификација.

Покрај класичната, користена е Vitek-автоматизираната техника за секој мултирезистентен изолат. Оваа техника користи голем број биохемиски и

физиолошки реакции и дава резултат за најмногу 24 часа (од 6 до 24 часа). Со тоа прецизно се индентификувани изолатите до вид, односно подвид.

Анализата на наодите е изведувана со пребарување на базата на лабораториски софтвер за дневна рутинска работа (LabIS-Codex, Македонија), во сопственост на Институтот за микробиологија и паразитологија, при Медицинскиот факултет во Скопје.

Употребена е молекуларна метода реп-ПВР (репетитивна полимераза верижна реакција) со DiversiLab-системот. Оваа платформа овозможува стандардизирани ДНК-фингерпринти, нивно автоматско анализирање и добивање на дендограми. Софтверската анализа и компарција на дендограмите дава извештај за сличност на соевите.

Сите резултати се статистички обработени со наведените статистички методи: просек, медијана, интерактивни рангови, мерки на дисперзија, Pearson Chi square-test, Fisher exact test, Spearman коефициент на ранг корелација, Odd ratio, Difference test. За статистичка обработка на податоците е користен SPSS software package, version 22.0 for Windows. Нивото на значајност е одредувано како $P < 0,05$.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Добиени се статистички значајно повеќе позитивни наоди (80,36 %) во однос на негативните наоди (19,64 %). Во однос на примероците, позитивни наоди кај тубусите биле 76,26 % од вкупно 1622 примерока, а кај канилите позитивни биле 88,65 % од 802 примерока. Анализата на позитивните наоди од тубус покажала најголема застапеност во 2010 и 2011 година, а најмала во 2012 година. Не е докажана статистички значајна разлика во позитивитетот на двата примерока во однос на годините. Односот меѓу позитивните изолати кај примерокот тубус и канила бил најголем во 2012 и 2012 година, а најмал во 2017 и 2015 година. Во примероците биле изолирани вкупно 22 вида на микроорганизми во испитуваниот период. Најзастапени биле седум бактериски видови: *Acinetobacter spp.*, *Pseudomonas aeruginosa, Klebsiella spp,* MRSA, *Enterobacter spp., Enterococcus spp.* и *Staphylococcus aureus*. Застапеноста на *Acinetobacter spp.* во тубус била статистички значајно поголема во однос на канила. *Pseudomonas aeruginosa* и *Klebsiella spp.* биле статистички значајно почесто изолирани од канила во однос на тубус. Кај останатите најчести изолати не била докажана статистички значајна разлика во застапеноста кај двата примерока.

Следува анализа на климатски фатори, влажност и температура, во испиутуваниот период. Најниска просечна годишна температура била заблежана во 2011, а највискоа во 2013. Најниска влажност од 39 % била регистрирана во 2012, а највисока во 2014, дури 88 %.

Подглавата 7.2 ги опишува поединечно варијациите на изолатите по години и месеци. Застапеноста на *Acinetobacter spp.* била највисока во 2017 година во двата примерока, а најмала во 2010 година. Поединечната детална анализа на сезонскиот индекс во тубус и канила покажала највисока застапеност за двата примерока во месеците ноември и декември, што е графички прикажано. Докажана е несигнификантна негативна линеарна корелација помеѓу просечната температура и присуството на *Acinetobacter spp.* во примерокот, а несигнификантна позитивна линеарна корелација помеѓу просечната месечна влажност и присуството на *Acinetobacter spp.* во примерокот. Молекуларните испитувања покажале слично од 95 % на генетскиот профил кај 3 соеви на *Acinetobacter spp.*

Во продолжение на седмата глава се обработени карактеристиките на *Pseudomonas aeruginosa* во испитуваните примероци. Највисока застапеност на бактеријата е забележана во 2010 година, 25 %, а потоа во 2011 и 2013 година. Трендот на застапеноста на *Pseudomonas aeruginosa* во осумгодишниот период е во опаѓање. Највисока вредност на сезонскиот индекс за тубус е забележана во ноември – 154,61 %. Со растење на температурата, несигнификантно се намалувало присуството на *Pseudomonas aeruginosa* во примероците. Обратно, со растење на влажноста на воздухот, несигнофикантно се зголемувало присуството на бактеријата во испитаните примероци.

Понатаму следува анализа на карактеристиките *Klebsiella spp.* во тубус и канила. Најголема била застапеноста во 2010 (11,85 %) и 2011(10,9 %), а најмала била во 2016 (4,2 %). Забележана е тенденција на опаѓање на застапеноста во испитуваниот период. При анализата на месечните варијации во застапеноста на *Klebsiella spp.* во двата примерока биле земени вредностите на позитивните изолати во секој месец поединечно. Најголема застапеност на *Klebsiella spp.* во канила била во месец март (66,67 %) и во декември (50 %) 2013 година и април (40 %) во 2017 година. Сезонскиот индекс за присуството на *Klebsiella spp.* во канила имал максимална вредност во ноември (13,72 %). За тубус, највисока вредност на сезонскиот индекс е нотирана во ноември (190,53 %) и декември (140,85 %). Со растење на температурата сигнификантно опаѓала застапеноста на *Klebsiella spp.* Со растење на влажноста на воздухот, сигнификантно се зголемувала застапеноста на оваа бактерија.

Подглавата 7.2.4 ги обработува карактеристиките на MRSA како четврта бактерија по изолираност од примероците. Најголема застапеност на MRSA во тубус е докажана во 2016 година (18,3 %), а во канила во 2015 година (10,5 %). Развојната тенденција покажала опаѓање во застапеноста на MRSA во канила, а во тубус е забележан пораст во испитуваниот период. Месечната дистрибуција на MRSA во канила покажала најголема застапеност во декември 2011 година и во ноември 2014 година (50 %), а во тубус најголемо присуство на MRSA е докажано во април 2010 година (60 %). Максимална вредност на сезонскиот индекс за канила е евидентиран во октомври и ноември (194,44 %). Согласно со корелационата анализа со растење на температурата на воздухот се намалувала застапеноста на MRSA, додека со растење на влажноста се зголемувала и неговата застапеност.

Во последниот дел од резултатите се анализирани другите почести бактерии, *Enterobacter spp., Enterococcus spp.* и *E. coli,* што биле изолирани од тубус и канила. *Enterobacter spp.* бил најмногу застапен во месец март со сезонски индекс од 175,44 %. Вредноста на сезонскиот индекс за *Enterococcus spp.* била највиска во месец февруари (213,18 %). Сезонскиот индекс за позитивни изолати на *E. coli* бил највисок во месеците март и јуни со вредност од 196,08 %.

Комисијата имаше неколку сугестии, кои во согласност со кандидатката и менторот беа во целост прифатени и коригирани.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Бранка Петровска Басовска, со наслов „Сезонски варијации на ендемска екофлора во хируршка интензивна единица и нивна генотипска конфирмација“, претставува истражување во базичната медицина – област: микробиологија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација дава придонес во следење на интрахоспиталните инфекции во единиците за интензивно лекување и можност за нивно предвидување и, во крајна линија, нивна превенција.

Докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Бранка Петровска Басовска, со наслов „Сезонски варијации на ендемска екофлора во хируршка интензивна единица и нивна генотипска конфирмација“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Petrovska B., Popovska K., Zdravkovska M., Petrovska M., Stojkova V., Osmani D., Memeti Sh., Kiroska Petreska E. Seasonal variation of endemic strains of *Acinetobacter baumannii* isolated from intubated surgical ICU patients. Medicus. 2014; Vol. 19 (2): 268 - 272. 2.
2. Petrovska B., Memeti Sh., Kakaraskoska-Boceska B., Osmani D., Pollozhani A., Popovska K. Seasonal variation in Gram-negative bacteria as agents of intra-hospital infections. Medicus 2015, Vol. 21 (1): 82-389
3. Petrovska Basovska B., Jankoska G., Kakaraskoska-Boceska B., Memeti Sh., Osmani D., Kochinski D., Petrovska M., Popovska K. Colonizing Flora Dynamics in Intubated Surgical ICU Patients. Acta Microbiologia Bulgarica. 2018; Vol. 3 (2): 106 - 110.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Сметаме дека овој труд претставува самостојна и оригинална научна работа со јасно поставени цели, оригинални резултати и заклучоци.

Главни научни придонеси се добивање комплетна слика за присуството на предизвикувачите на интрахоспитални инфекции во нашите единици за интензивно лекување. Ова нуди можност за можно предвидување и преземање на мерки за превенција на болничките инфекции, што се сериозен здравствен проблем кај нас и во светот.

Подрачјата на примена се во микробиологијата, епидемиологијата и клиничките, особено хируршките гранки на медицината. Ограничувањата се во недостаток на средства за почесто следење на интрахоспиталните изолати, за примена на мерките за превенција на интрахоспиталните инфекции, како и постојана молекуларна типизација на изолатите во микробиолошката лабораторија.

Можните понатамошни истражувања се поопсежни студии и во други единици за интензивно лекување во нашата земја, како и испитувања во областа на молекуларната микробиологија.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Бранка Петровска Басовска со наслов: „Сезонски варијации на ендемска екофлора во хируршка интензивна единица и нивна генотипска конфирмација“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гордана Јанкоска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Каќа Поповска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Жаклина Цековска, член, с.р.**
**Проф. д-р Андријан Карталов, член, с.р.**
**Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

### 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Арјета Рауфи | "Трендови на раст и пубертет: етнички и демографски варијации кај кохорта на машки и женски деца во северозападниот дел на Република Северна Македонија" | „Growth and puberty trends: ethnic and demographic variations in the cohort of male and female children in the northwestern part of the Republic of North Macedonia“ | Проф. д-р Марина Крстевска Костантинова | 22.09.2020 0905-3524/12 |
| 2. | Цветанка Волкановска Илиевска | "Ехокардиографска проценка на ефекти на дебелината врз миокардната структура и функција" | „Echocardiographic assessment of the effect of obesity on myocardial structure and function“ | Проф. д-р Љубица Георгиевска Исмаил | 22.09.2020 0905-3524/13 |
| 3. | Ирфан Исмаили | "Детекција на ALK мутации со флуоресценција ин ситу хибридизација (FISH) метода кај неситноклеточен белодробен карцином (НСКБК) во корелација со клиничко патолошките карактеристики" | "Detection of ALK mutations by fluorescence in situ hybridisation (FISH) method in non small cell lung cancer (NSCLC) in correlation with clinical pathological features" | Проф. д-р Гордана Петрушевска | 22.09.2020 0905-3524/14 |
| 4. | Ана Коцевска | "Ризик фактори за патолошки промени на ендометриумот и нивна асоцијација со ендокрините нарушувања, метаболичен синдром и остеопороза" | „Risk factors for pathological changes of the endometrium and their association with endocrine disorders, metabolic syndrome and osteoporosis“ | Проф. д-р Димче Зафиров | 22.09.2020 0905-3524/15 |
| 5. | Тони Крстев | "Подобрување на предикцијата на карциномот на простатата преку воведување на нов комбиниран модел со користење на простатичниот здравствен индекс (PHI) и магнетна резонанца" | „Improving prediction of prostate cancer by intrducing a new combined model using prostatae health index (PHI) and magnetic resonance (MRI)“ | Проф. д-р Оливера Стојчева Танева | 22.09.2020 0905-3524/16 |
| 6. | Драгана Бислимовска | "Кардиометаболен ризик и насочена превентивна физичка активност кај дефинирани групи работници " | „Cardiometabolic risk and targeted preventive physical activity in defined groups of workers“ | Проф. д-р Јордан Минов | 22.09.2020 0905-3524/17 |
| 7. | Илир Вела | "Експресија на естрогенските рецептори, Ki67 и BRAF (V600E) мутација како прогностички фактор врз исходот и постоперативниот тек кај карцином на тироидната жлезда" | „Evaluation of expression in estrogen receptors, Ki67, e-caderin and BRAF (V600E) mutation as prognostic factors in papillary thyroid carcinoma“ | Проф. д-р Сашко Јовев | 22.09.2020 0905-3524/18 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Анѓела Дебрешлиоска | "Генетски и инфламаторни параметри за хронична опструктивна белодробна болест во асоцијација со клинички фенотипови" | „Genetic and inflammatory parameters of chronic obstructive pulmonary disease in association with clinical phenotypes“ | Проф. д-р Марија Крстевска | 22.09.2020 0905-3524/19 |

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ЕВРОПСКО СЕМЕЈНО ПРАВО“ ОД АВТОРИТЕ ДЕЈАН МИЦКОВИЌ И АНГЕЛ РИСТОВ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ бр. од 3.4.2020 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Европско семејно право“ од авторите: Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ за предметот Европско семејно право, избрани се проф. д-р Ненад Гавриловиќ и доц. д-р Милица Шутова.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### III. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | ЕВРОПСКО СЕМЕЈНО ПРАВО |
| **Назив на предметната програма:** | ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО И ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО |
| **Назив на студиската програма:** | ПРАВНИ СТУДИИ |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | **60 часа**<br>**6 кредити** |
| Предметот Европско семејно право и наследно право на Правниот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 60, број на ЕКТС-кредити 6 (шест) и се слуша во деветти семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 311 страници (Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата). |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Ненад Гавриловиќ, с.р.**
**Доц. д-р Милица Шутова, с.р.**

## IV. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Ненад Гавриловиќ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебникот „Европско семејно право“, од авторите Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, се состои од 311 страници чукан текст. Структурата на учебникот се состои од предговор, содржина поделена во четири дела и литература која се состои од повеќе од 200 библиографски единици.<br>*Првиот дел* од учебникот е насловен ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА СЕМЕЈНОТО ПРАВО ВО ЕВРОПА и се состои од пет глави. Во првата глава е обработено прашањето за бракот во римското општество, додека втората глава е посветена на христијанството и неговото влијание на бракот и брачните односи. Третата глава е посветена на канонската теорија за бракот. Во четвртата глава се анализира регулирањето на бракот по Реформацијата и Тридентскиот сабор. Во петтата глава е анализирана Француската револуција и воведувањето на граѓанскиот брак, како и другите придобивки во уредувањето на брачните и семејните односи. Најпосле, во последниот дел од оваа глава е анализиран историскиот развој на семејното право.<br>*Вториот дел* од учебникот е насловен ПРОМЕНИТЕ ВО БРАЧНИТЕ И СЕМЕЈНИТЕ ОДНОСИ ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО. Тој е составен од две глави. Во првата глава се обработени причините за промените во брачните и семејните односи. Втората глава е посветена на ставовите на конзервативците против либералите: конфронтацијата околу семејните вредности во современото општество.<br>*Третиот дел* од учебникот е насловен СОВРЕМЕНИ ТЕНДЕНЦИИ ВО ПРАВНОТО РЕГУЛИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО. Овој дел е составен од 15 глави, во кои се анализират најзначајните современи тенденции во уредувањето на брачните и семејните односи.<br>1.Хармонизација на семејното право во европските земји<br>2.Кодификација на граѓанското право во европските земји<br>3.Склучувањето брак во европските законодавства<br>4.Регулирањето на истополните заедници во европските земји<br>5.Разводот на брак во европските законодавства<br>6.Вршењето на родителското право по разводот на брак во европските законодавства |

| | |
|---|---|
| | 7.Содржина на родителската одговорност во споредбеното право<br>8.Издршката во европските законодавства<br>9.Брачниот договор во европските законодавства<br>10.Регулирање на семејното насилство во европските законодавства<br>11.Медијација во семејните спорови во европските земји<br>12.Судска пракса на Европскиот суд за човекови права во сферата на брачните и на семејните односи<br>13.Праксата на Европскиот суд за човекови права во врска со правото на склучување брак и цивилни партнерства<br>14.Праксата на Европскиот суд за човекови права во врска<br>со семејното насилство<br>15. Статусот на семејниот дом во европските законодавства.<br>Четвртиот дел од учебникот е насловен СЕМЕЈНОТО ПРАВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. Во овој дел се обработени најзначајните прашања кои се предмет на реформи во идното македонско семејно законодавство. Предмет на анализа се 15 прашања по кои се насловени главите во овој дел од учебникот.<br>1.Местото на семејното право во Граѓанскиот законик<br>на Република Северна Македонија<br>2. Промени во уредувањето на вонбрачната заедница<br>3.Термините „брачни другари“ и „вонбрачни другари“ да се заменат<br>со „брачни партнери“ и „вонбрачни партнери“<br>4. Потреба од промени во уредувањето на имотните односи<br>помеѓу брачните партнери<br>5. Воведување и законско регулирање на брачниот договор<br>6. Предвидување на посебна заштита на семејниот дом<br>7. Воведување на терминот „родителска одговорност“ наместо<br>терминот „родителско право“<br>8. Да се предвиди дека судот, а не Центарот за социјална работа треба<br>да има исклучива надлежност да решава каде детето ќе живее<br>9. Да се предвиди изречна одредба за заедничко вршење на родителското<br>право по разводот на брак |

| | |
|---|---|
| | 10. Законски да се регулира прашањето за обемот на личните контакти<br>помеѓу детето и родителот со кој тоа не живее<br>11. Да се избришат одредбите од член 87 од Законот за семејството според кои се ограничува правото на родителот со кој детето не живее да одржува определен период лични контакти со детето ако не плаќа издршка или ако не го врати детето на време<br>12. Да се прифати принципот дека детето има право да го каже своето мислење во сите постапки кога се решава за неговите права и интереси<br>13. Да се укине непотполното посвојување<br>14. Воведување на медијација во семејните спорови<br>15. Воведување на промени во издршката на децата |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е во целост усогласен со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | / |
| **Оцена на ракописот:** | Учебникот „Европско семејно право“, од авторите Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, овозможува сеопфатен преглед на најзначајните прашања од правното регулирање на брачните и семејните односи во споредбеното и македонското право. Тој претставува добра основа за совладување на материјата која се изучува по предметот Европско семејно право. Учебникот е пишуван со јасен и прецизен стил, што ќе овозможи негово полесно користење од страна на студентите и пошироката научна и стручна јавност. Учебникот, исто така, по својот обем и содржина ги исполнува условите предвидени со наставната програма. За одбележување е тоа што авторите во овој учебник обработуваат теми и прашања кои се дел од современите тенденции во уредувањето на брачните и семејните односи во европските земји. Добиените знаења, како и добрите практики и решенија, авторите во последниот дел од учебникот ги преточуваат во предлози за идната реформа на македонското семејно право. Покрај ова, учебникот посебно заслужува внимание поради фактот што авторите обработиле и теми кои не спаѓаат во класичната учебничка материја посветена на изучување на семејното право, како што се промените во брачните и семејните односи, кои се исклучително значајни и ретко се среќаваат во учебничката литература. Особено |

| | |
|---|---|
| | треба да се спомене и делот посветен на македонското семејно законодавство de lege ferenda. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 311 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 4 дела (вклучувајќи ја литературата). |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Европско семејно право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во Скопје, 22.5.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Ненад Гавриловиќ, с.р.**

## V. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ДОЦ. Д-Р МИЛИЦА ШУТОВА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебникот „Европско семејно право“, од авторите Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, се состои од 311 страници чукан текст. Структурата на учебникот се состои од предговор, содржина поделена во четири дела и литература која се состои од повеќе од 200 библиографски единици.<br>*Првиот дел* од учебникот е насловен ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА СЕМЕЈНОТО ПРАВО ВО ЕВРОПА и се состои од пет глави. Во првата глава е обработено прашањето за бракот во римското општество, додека втората глава е посветена на христијанството и неговото влијание на бракот и брачните односи. Третата глава е посветена на канонската теорија за бракот. Во четвртата глава се анализира регулирањето на бракот по Реформацијата и Тридентскиот сабор. Во петтата глава е анализирана Француската револуција и воведувањето на граѓанскиот брак, како и другите придобивки во уредувањето на брачните и семејните односи. Најпосле, во последниот дел од оваа глава е анализиран историскиот развој на семејното право.<br>*Вториот дел* од учебникот е насловен ПРОМЕНИТЕ ВО БРАЧНИТЕ И СЕМЕЈНИТЕ ОДНОСИ ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО. Тој е составен од две глави. Во првата глава се обработени причините за промените во брачните и семејните односи. Втората глава е посветена на ставовите на конзервативците против либералите: конфронтацијата околу семејните вредности во современото општество.<br>*Третиот дел* од учебникот е насловен СОВРЕМЕНИ ТЕНДЕНЦИИ ВО ПРАВНОТО РЕГУЛИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО. Овој дел е составен од 15 глави во кои се анализират најзначајните современи тенденции во уредувањето на брачните и семејните односи.<br>1.Хармонизација на семејното право во европските земји<br>2.Кодификација на граѓанското право во европските земји<br>3.Склучувањето брак во европските законодавства<br>4.Регулирањето на истополните заедници во европските земји<br>5.Разводот на брак во европските законодавства<br>6.Вршењето на родителското право по разводот на брак во европските законодавства |

| | |
|---|---|
| | 7.Содржина на родителската одговорност во споредбеното право<br>8.Издршката во европските законодавства<br>9.Брачниот договор во европските законодавства<br>10.Регулирање на семејното насилство во европските законодавства<br>11.Медијација во семејните спорови во европските земји<br>12.Судска пракса на Европскиот суд за човекови права во сферата на брачните и на семејните односи<br>13.Праксата на Европскиот суд за човекови права во врска со правото на склучување брак и цивилни партнерства<br>14.Праксата на Европскиот суд за човекови права во врска<br>со семејното насилство<br>15. Статусот на семејниот дом во европските законодавства.<br>Четвртиот дел од учебникот е насловен СЕМЕЈНОТО ПРАВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. Во овој дел се обработени најзначајните прашања кои се предмет на реформи во идното македонско семејно законодавство. Предмет на анализа се 15 прашања по кои се насловени главите во овој дел од учебникот.<br>1.Местото на семејното право во Граѓанскиот законик<br>на Република Северна Македонија<br>2. Промени во уредувањето на вонбрачната заедница<br>3.Термините „брачни другари“ и „вонбрачни другари“ да се заменат<br>со „брачни партнери“ и „вонбрачни партнери“<br>4. Потреба од промени во уредувањето на имотните односи<br>помеѓу брачните партнери<br>5. Воведување и законско регулирање на брачниот договор<br>6. Предвидување на посебна заштита на семејниот дом<br>7. Воведување на терминот „родителска одговорност“ наместо<br>терминот „родителско право“<br>8. Да се предвиди дека судот, а не Центарот за социјална работа треба<br>да има исклучива надлежност да решава каде детето ќе живее<br>9. Да се предвиди изречна одредба за заедничко вршење на родителското<br>право по разводот на брак |

| | |
|---|---|
| | 10. Законски да се регулира прашањето за обемот на личните контакти<br>помеѓу детето и родителот со кој тоа не живее<br>11. Да се избришат одредбите од член 87 од Законот за семејството според кои се ограничува правото на родителот со кој детето не живее да одржува определен период лични контакти со детето ако не плаќа издршка или ако не го врати детето на време<br>12. Да се прифати принципот дека детето има право да го каже своето мислење во сите постапки кога се решава за неговите права и интереси<br>13. Да се укине непотполното посвојување<br>14. Воведување на медијација во семејните спорови<br>15. Воведување на промени во издршката на децата |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е во целост усогласен со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | / |
| **Оцена на ракописот:** | Учебникот „Европско семејно право“, од авторите Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, овозможува сеопфатен преглед на најзначајните прашања од правното регулирање на брачните и семејните односи во споредбеното и македонското право. Тој претставува добра основа за совладување на материјата која се изучува по предметот Европско семејно право. Учебникот е пишуван со јасен и прецизен стил, што ќе овозможи негово полесно користење од страна на студентите и пошироката научна и стручна јавност. Учебникот, исто така, по својот обем и содржина ги исполнува условите предвидени со наставната програма. За одбележување е тоа што авторите во овој учебник обработуваат теми и прашања кои се дел од современите тенденции во уредувањето на брачните и семејните односи во европските земји. Добиените знаења, како и добрите практики и решенија, авторите во последниот дел од учебникот ги преточуваат во предлози за идната реформа на македонското семејно право. Покрај ова, учебникот посебно заслужува внимание поради фактот што авторите обработиле и теми кои не спаѓаат во класичната учебничка материја посветена на изучување на семејното право, како што се промените во брачните и семејните односи, кои се исклучително значајни и ретко се среќаваат во учебничката литература. Особено |

| | |
|---|---|
| | треба да се спомене и делот посветен на македонското семејно законодавство de lege ferenda. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 311 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 4 дела (вклучувајќи ја литературата). |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Европско семејно право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во Скопје, 22.5.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Доц. д-р Милица Шутова, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМИКА, ПРВ ДЕЛ, МИКРОЕКОНОМИКА“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР КАНДИКЈАН, ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР СТОЈКОВ И ПРОФ. Д-Р КАТЕРИНА ШАПКОВА КОЦЕВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“, бр. 02-873/17 од 1.7.2019 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Економика, Прв дел, Микроекономика“ од авторите: проф. д-р Владимир Кандикјан, проф. д-р Александар Стојков и проф. д-р Катерина Шапкова Коцевска, наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“, за предметот Економика, избрани се проф. д-р Софија Тодорова и проф. д-р Ванчо Узунов.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

### VI. ОПШТ ДЕЛ

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

<table>
<tr><td colspan="2">Назив на ракописот:</td><td>Економика, Прв дел, Микроекономика</td></tr>
<tr><td colspan="2">Назив на предметната програма:</td><td>Економика</td></tr>
<tr><td colspan="2">Назив на студиската програма:</td><td>1. Правни студии<br>2. Студии по новинарство<br>3. Односи со јавноста</td></tr>
<tr><td colspan="2">Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети):</td><td>1. Економика (Правни студии) – 60 часа, 7 ЕКТС-кредити<br>2. Економика (Студии по новинарство) – 52,5 часа, 6 ЕКТС-кредити<br>2. Економика (Односи со јавноста) – 52,5 часа, 6 ЕКТС-кредити</td></tr>
<tr><td colspan="3">Предметот Економика на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (Правни студии) е задолжителен предмет со фонд на часови – 60, број на ЕКТС-кредити – 7 и се слуша во прв семестар.<br>Предметот Економика на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (Студии по новинарство) е задолжителен предмет со фонд на часови – 52,5, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во втор семестар.<br>Предметот Економика на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (Односи со јавноста) е задолжителен предмет со фонд на часови – 52,5, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во втор семестар.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Реден број на изданието:</td><td>Седмо, изменето и дополнето издание (се разликува од претходното издание 23 %).</td></tr>
<tr><td>Општи податоци за ракописот:</td><td colspan="2">Ракописот кој е предаден на рецензија содржи _____ страници (формат B5) напишани на компјутер, со големина на фонтот __. Текстот е поделен во 14 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 51 слика и 28 табели.</td></tr>
</table>

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
**Проф. д-р Софија Тодорова, с.р.**
**Проф. д-р Ванчо Узунов, с.р.**

## VII. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Софија Тодорова

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Понудениот текст со наслов „Економика: Прв дел, Микроекономика“, од авторите проф. д-р Владимир Кандикјан, проф. д-р Александар Стојков и проф. д-р Катерина Шапкова Коцевска, претставува седмо, изменето и дополнето издание на учебникот по предметот Економика, кој се изучува на правните студии, студиите по новинарство и односи со јавноста на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.<br>Трудот е конципиран во тринаесет тематски поглавја, литература, како и регистар на имиња и поими. Во Поглавјето I е даден преглед на предметот, значењето и поделбата на економиката. Во второто поглавје (Поглавје II) се презентирани методите кои се користат во економиката. Различните економски системи и нивните карактеристики се детално обработени во Поглавје III. Начинот на функционирање на пазарите, понудата и побарувачката се анализирани во Поглавје IV. Ценовната и доходната еластичност на побарувачката и понудата се опфатени во Поглавје V. На оваа тема се надоврзува темата „Теорија на побарувачката и корисноста“, која ги обработува прашањата поврзани со потрошувачкиот избор и кривите на индиференција (Поглавје VI). Теоријата на понудата и трошоците е објаснета во Поглавје VII. Во осмата тема со наслов „Максимизирање на профитот во услови на совршена конкуренција и монопол“ (Поглавје VIII), авторите ги објаснуваат алтернативните пазарни структури, со фокус на совршената конкуренција и монополот, како и теоријата на натпреварувачки пазари. Во поглавјето IX, „Максимизирање на профитот во услови на несовршена конкуренција“, објаснети се пазарните структури – монополистичка конкуренција и олигопол, како и основите на антимонополското законодавство и регулатива. Во десеттата тема се обработени пазарите за фактори на производство, понудата и побарувачката за инпути. Во Поглавје XI се објаснети различните доходи во националните економии, вклучувајќи ги наемнината, интересот, рентата и профитот. Нееднаквоста, сиромаштијата и политиките за прераспределба на доходот се детално објаснети во Поглавје XII. Последното поглавје, „Пазари, ефикасност и јавен интерес“, ги третира проблемите поврзани со ефикасноста на пазарот, потребата од државна интервенција, како и основните постулати на теоријата на јавен избор. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна усогласеност со предметните програми. |

| | |
|---|---|
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Понудениот текст со наслов „Економика: Прв дел, Микроекономика“, од авторите проф. д-р Владимир Кандикјан, проф. д-р Александар Стојков и проф. д-р Катерина Шапкова Коцевска, е современ учебник по економија, кој го презентира и критички го анализира основниот поимно-категоријален апарат на економската наука. Притоа, уважувени се и спецификите на правната професија и комуникологијата, со оглед на потребите на студентите од различните студиски програми.<br>Авторите користат бројни примери, графикони и табеларни прикази при презентирањето на материјата, што значително помага за приближување на сложените економски концепти, пред сѐ, до студентската читателска публика. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи _____ страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот __. Текстот е поделен во 14 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 51 слика и 28 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Економика, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во Скопје, ____ година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Софија Тодорова, с.р.**

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ВАНЧО УЗУНОВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Понудениот текст со наслов „Економика, Прв дел, Микроекономика“, од авторите проф. д-р Владимир Кандикјан, проф. д-р Александар Стојков и проф. д-р Катерина Шапкова Коцевска, претставува седмо, изменето и дополнето издание на учебникот по предметот Економика, кој се изучува на правните студии, студиите по новинарство и односи со јавноста на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.<br>Трудот е организиран во тринаесет поглавја, литература и регистар на поими и имиња. Во првото поглавје е даден поимот на економиката, предметот на нејзиното изучување, законот на реткоста и поделбите на економиката. Второто поглавје со наслов „Методи на економиката“ ги третира методите, средствата, техниките и моделите кои ги користи економиката. Различните економски системи, односно планската, слободна пазарната и мешаната економија се обработени во третата глава од учебникот. Побарувачката и понудата на одделните стоки и услуги, скалите и кривите на побарувачка и понуда, како и факторите што ги детерминираат, се третирани во четвртата глава со наслов „Побарувачка, понуда и пазар“. Петтото поглавје носи наслов „Еластичност на побарувачката и понудата“ и го испитува одразот на промените на цените на поединечните добра врз понудените и побаруваните количества од соодветното добро. Основите на теоријата на изборот на потрошувачот се презентирани во шестата тема од ракописот. Седмото поглавје со наслов „Теорија на понудата и трошоците“ ги елаборира основните форми на организација на стопанските субјекти, основните видови трошоци и определувањето на оптималната понуда на фирмата. Во поглавјата VIII и IX се објаснуваат алтернативните пазарни структури, односно механизмите за максимизирање на профитот во услови на совршена конкуренција, монопол и несовршена конкуренција. Десеттата тема го обработува прашањето за пазарите на факторите на производство, нивната понуда и побарувачка и принципот на маргинална (гранична) продуктивност. Формирањето и карактеристиките на одделните доходи во националните економии (наемнина, интерес, рента, профит) е дадено во единаесеттата глава од ракописот. Дванаесеттото поглавје ги третира прашањата поврзани со нееднаквоста, сиромаштијата и политиките на прераспределба на доходот. Во последното поглавје со наслов „Пазари, ефикасност и јавен интерес“ е обработено прашањето за ефикасност на пазарите |

| | |
|---|---|
| | и домените на пазарен неуспех, причините и формите за државна интервенција, како и основите на теоријата за јавен избор. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна усогласеност со предметните програми. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Предложениот ракопис „Економика, Прв дел, Микроекономика”, од авторите проф. д-р Владимир Кандикјан, проф. д-р Александар Стојков и проф. д-р Катерина Шапкова Коцевска, во целост ги задоволува академските стандарди за успешен учебник по предметната програма по економика.<br>Трудот на еден современ начин ги воведува студентите во микроекономиката. Структурата на текстот е конзистентна и логична. Материјата е презентирана на јасен и разбирлив начин. Авторите екстензивно користат примери, слики и табеларни прикази, што значително помага за приближување на сложените економски концепти до студентската читателска публика. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи _____ страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот __. Текстот е поделен во 14 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 51 слика и 28 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Економика, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Во Скопје,_____ година

**Рецензент**
**Проф. д-р Ванчо Узунов, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КРИМИНОЛОШКИ И КАЗНЕНОПРАВНИ АСПЕКТИ НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ЕБРУ ИБИШ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 3.7.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ебру Ибиш со наслов „Криминолошки и казненоправни аспекти на малолетничката деликвенција во Република Македонија“, во состав: проф. д-р Методија Каневчев (претседател), проф. д-р Никола Тупанчески (член), проф. д-р Гордана Лажетиќ (член), проф. д-р Гордан Калајџиев (член) и проф. д-р Александра Груевска-Дракулевски (менторка).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ебру Ибиш, со наслов „Криминолошки и казненоправни аспекти на малолетничката деликвенција во Република Македонија“, содржи 485 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 524 фусноти, 303 библиографски единици и еден прилог.

Докторската дисертација е структурирана во пет глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата што е предмет на обработка во истражувањето.

Во **воведот** на докторската дисертација се изложени предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката ја објаснува потребата од проучување на малолетничката деликвенција како појава со негативен општествен предзнак. Кандидатката заклучува дека деликвенцијата е различна од криминалитетот, таа е покомплексна при дефинирањето, бидејќи ги опфаќа кривичните (казнените) дела, прекршоците како и социо-патолошките појави. Во овој дел, кандидатката дава приказ на тезата и работните хипотези, како и предметот на дисертацијата. Оттука, ги нагласува предметот на истражување, целта на дисертацијата и целта на емпириското истражување. Така, предмет на истражување се казненоправните аспекти и криминолошките карактеристики на малолетничката деликвенција, додека целта на дисертацијата е да даде објаснување за местото на малолетничката деликвенција, состојбата на малолетничката деликвенција во Република Северна Македонија и пошироко, прикажувајќи ја стапката на малолетничкиот криминалитет во изминатите десет години, причините кои предизвикуваат појава на малолетничка деликвенција, појавните облици, стапката на рецидивизмот на малолетничката деликвенција во Македонија, начинот на казнување на децата, како и активностите кои се преземаат на превентивен план. Што се однесува до целта на емпириското истражување, кандидатката посебно се осврнува на влијанието на слободното време како криминоген фактор врз децата неделиквенти и децата деликвенти.

Теоретскиот дел го сочинуваат пет глави, систематизирани во поглавја и потточки.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена: „Поим за малолетничка деликвенција“. Таа е поделена на седум наслови со кои се опфатени: дефинирање на малолетничката деликвенција, поимот дете, малолетничка правда и важноста на правата на малолетниците, извори и карактеристики на малолетничкото казнено

право, деца во ризик и дете во судир со законот и меѓународни документи значајни за малолетничката правда. Оваа глава дава една теоретска рамка во дефинирањето на малолетничката деликвенција, законските категории деца во ризик и деца во судир со законот, како и преглед на еволуцијата на правата на децата.

**Втората глава** носи наслов „Развојни фази и положбата на детето во Законот за правда за детето на Република Македонија и други држави“. Таа е поделена на три наслови: Историски развој на малолетничкото казнено право; Развојни фази на детето; Компаративен осврт на Законот за правда за децата во Македонија и други држави.

**Третата глава** е насловена „Санкции спрема деца“. Оваа глава претставува сржта на казненоправниот дел од докторскиот труд. Главата е поделена на повеќе поглавја. Кандидатката прво дава краток осврт на теориите за казните и целите на казнувањето. Посебно ги анализира следните теории: апсолутни, релативни, мешовити, идеалистилки и социолошки теории, како и теоријата на општествен договор. Во првото поглавје, кандидатката дава преглед на развојот на санкциите за малолетници во казненото право. Анализирани се санкциите предвидени за деца во Хамурабиевиот закон, Законот на XII таблици, исламското право и Јустинијановата кодификација во која ја наведува јасно класификацијата на возрасните групи на деца при изрекување на санкции. Второто поглавје се однесува на казненоправната положба на малолетниците. Кандидатката потенцира дека постои недостиг на пишани извори за објаснување на казненоправната положба на децата, но како појдовен период за објаснување на казненоправната положба на детето е опфатен периодот на XVIII и XIX век кога постојат закони во кои се определени посебни одредби за казнување на деца. Третото поглавје се однесува на санкциите спрема деца во Македонија. Детално се обработени структурата на санкциите во Македонија, поточно воспитните мерки, алтернативните мерки, мерките за безбедност и казните предвидени за деца. Во четвртото поглавје е направен компаративен преглед на санкциите за деца во Македонија со санкциите за деца во Турција, Австралија, Словачка, Канада, Германија и Англија. Од направената компаративна анализа, нагласено е дека не постојат некои суштински разлики меѓу санкциите спрема деца во Македонија и останатите држави кои се обработени во трудот. Непостоењето на суштинска разлика во однос на видот на санкциите спрема деца се должи на фактот дека сите наведени држави ја имаат потпишано и ратификувано Конвенцијата за правата на детето.

**Четвртата глава** од докторската дисертација е насловена „Етиологија, феноменологија и превенција на малолетничката деликвенција“. Таа е поделена на пет поглавја и повеќе потточки. Првото поглавје носи наслов „Етиологија на малолетничка деликвенција“. Во однос на етиологијата на малолетничката деликвенција, кандидатката ги нагласува криминогените фактори и мултифакторскиот пристап при елаборирање на проблематиката. Потоа, кандидатката ги обработува социјално-патолошките појави како причини за малолетничка деликвенција. Посебно ги анализира алкохолизмот, наркоманијата, никотинизмот, вагабондажата (посебно питање, скитање и безделничење), хазардните игри или коцкањето, самоубиствата, проституцијата и интернетменијата, односно зависноста од интернет. Во трудот се истакнува дека постои недостиг на следење на наведените појави, па затоа истата состојба влијае врз нивна неуспешна превенција.

Второто поглавје е насловено „Феноменологија на малолетничката деликвенција“. Во рамките на овој дел, обработени се обемот, структурата и динамиката на малолетничката деликвенција во период од десет години (2008 – 2017) во Македонија, а направена е и споредба со состојбата со малолетничката деликвенција во Австралија, Турција, Англија, Канада, Германија и Словачка. Овој дел од докторската дисертација се однесува на анализа на статистичките показатели со кои се добиваат податоци за појавните облици на малолетничката деликвенција. Анализирани се следните категории: пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица и деца во судир со законот, осудени полнолетни лица и деца во судир со законот според групи кривични дела, осудени деца во судир со законот според: полот, возраста, припадноста кон етничка заедница, според школската подготовка и според семејните услови. Четвртото

поглавје е насловено „Превенција на малолетничката деликвенција“. Во рамките на овој наслов, кандидатката прво дава воведно објаснување на примарната, секундарната и терцијарната превенција, ставајќи фокус посебно на раната интервенција, елиминирање на ризик-факторите што придонесуваат за настанување на последицата, поточно деликвентните активности. Исто така, анализирани се субјектите кои имаат клучно значење за превенција на малолетничката деликвенција, и тоа семејството, училиштето и центарот за социјална работа. Во трудот посебно се нагласени програмите за превенција на малолетничка деликвенција, што широко се применуваат во одредени држави и според извештаите покажуваат позитивни резултати во однос на намалување на стапката на деликвенција кај децата. Во трудот, кандидатката посебно ги нагласува следните програми: програма за заедничка соработка на семејствата и училиштата; програма за функционална семејна терапија; програма за мултидимензионална семејна терапија; програма за мултисистемска терапија; злоупотреба на супстанции; програма за интеракција меѓу дете-родител; програма за промовирање алтернативни стратегии за размислување; универзални програми за превенција и интервенција на агресивно и несоодветно однесување на училиште; постучилишни програми; диверзиони програми за деца во ризик; програми врзани со мас-медиуми за спречување незаконска употреба на дрога на младите.

Третиот дел од докторската дисертација се однесува на емпириското истражување, кое се состои од два дела: истражување врз деца неделиквенти и истражување врз деца деликвенти. Со децата неделиквенти спроведена е анкета во скопските средни училишта, а истата анкета е спроведена и во Воспитно-поправниот дом и затворот за деца во Охрид. Добиените разултати се обработени со програмата за анализа на податоци PSPP и извлечени се заклучоци за степенот на влијание на слободното време како криминоген фактор врз двете категории на деца.

На крајот на трудот се дадени заклучни согледувања и препораки. Во однос на препораките, кандидатката става посебен акцент на развој на база на статистички податоци, посебно за социо-патолошките појави, контрола и следење и безбедност на соседството преку добро познатиот модел на „community policing“, развивање на програми за превенција на малолетничка деликвенција на општинско ниво, воведување на програми за превенција во училиштата, како и примена на врсничка медијација.

Прилозите, кои следат по заклучокот, се дел од спроведеното истражување и начинот на добиените резултати. На крајот е цитирана консултираната литература.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражување на докторската дисертација се криминолошките и казненоправните аспекти на малолетничката деликвенција. Најпрво е дефинирана малолетничката деликвенција, потоа анализирана е положбата на детето согласно со Законот за правда за децата на Република Северна Македонија, споредено со законите на: Турција, Австралија, Словачка, Канада, Германија и Англија. Посебен осврт е даден на санкциите за деца, развојните фази на детето и сл., со цел да се објасни периодот на пубертет што се одредува како најризичен период при објаснување на малолетничката деликвенција. Од криминолошки аспект, опфатени се феноменологијата, етиологијата и превенцијата на малолетничката деликвенција.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Малолетничката деликвенција, како посебна научна дисциплина, сѐ уште е во развој. На глобално ниво, значаен придонес за нејзиниот развој има спроведувањето на меѓународни анкетни прашалници за состојбата на малолетничка деликвенција. Една од највлијателните анализи од оваа област е истражувањето ISRD (International Self Report Delinquency Study), во кое е вклучена и нашата држава, а целта е собирање на податоци за состојбата на малолетничката деликвенција во сите европски држави или градови и нивна компарација.

Во Република Северна Македонија, од важност е да нагласиме дека постојат сериозни истражувања и анализи, но не можеме да тврдиме дека тие се целосни и систематски обработувани. Предноста е во тоа што во нашата држава се води посебна

статистика за пријавени, обвинети и осудени деца во судир со законот. Ова укажува на фактот дека обемот, динамиката, структурата, како и прогнозата на криминалитетот на децата е полесен за следење, за разлика од останатите држави кои немаат посебна статистичка база. Во нашата држава сметаме дека недостасуваат истражувања за етиологијата, превенцијата и проблемот на ресоцијализација на децата престапници.

Докторската дисертација се обидува да даде придонес во збогатувањето на истражувањата за оваа проблематика. Што се однесува до светската литература, посебно заслужуваат да бидат нагласени истражувањата, објавените научни статии и монографии на истакнати научници од САД кои ја изучуваат оваа проблематика од казненоправен, социолошки, пенолошки и криминолошки аспект.

**Краток опис на применетите методи**

При истражувањето, кандидатката применува повеќе методи, и тоа: историски, нормативен, компаративен, аналитички, емпириско-аналитички, метод на анализа и синтеза, метод на дескрипција итн.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Истражувањето спроведено врз деца неделиквенти и деца деликвенти укажува дека состојбата со криминалитетот и деликвенцијата во нашето поднебје е динамична и покажува пораст. Во емпирискиот дел, ставен е посебен акцент на влијанието на слободното време како криминоген фактор врз децата неделиквенти и децата деликвенти во нашата држава.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ебру Ибиш, со наслов „Криминолошки и казненоправни аспекти на малолетничката деликвенција во Република Македонија“, претставува оригинално, самостојно и корисно истражување во областа на криминологијата и казненото право. Изработката на темата на оваа дисертација е плод на повеќегодишна научна работа, меѓународни искуства и несомнено претставува значаен научен придонес, очекуван од една докторска дисертација.

Се работи за научна разработка на малолетничката деликвенција, опфаќајќи ги казненоправните и криминолошките аспекти. Интересот за проучување на оваа област извира од сè посериозната состојба на малолетничката деликвенција во светот и во нашата држава, зголемената стапка, како и од сериозноста на престапничкото однесување кај децата од многу рана возраст. Овој труд е значаен, бидејќи дава јасна слика за стапката на малолетничката деликвенција во последните десет години во Република Северна Македонија и во другите држави, потоа ги анализира главните криминогени, т.е. ризик-фактори што директно влијаат врз малолетничката деликвенција, како и значајните програми и модели за превенција на малолетничка деликвенција.

Оправданоста на докторската дисертација ја гледаме во тоа што станува збор за сериозен проблем со кој се соочува не само нашата држава, туку и останатите држави во светот. Фактот дека се работи за дете престапник или дете деликвент кое нема наполнето осумнаесет години, а веќе сторило одредени криминални и деликвентни поведенија уште од најрана возраст е јасен сигнал дека постои голема веројатност да продолжи со ваквото поведение и како полнолетен. Оттука, постои потреба од навремени интервенции во насока на рано откривање и превенирање на малолетничката деликвенција. Важна улога во превенцијата на малолетничката деликвенција имаат, пред сè, семејството, училиштето, соседството, социјалната средина и сл., но, секако, клучна е улогата на центрите за социјална работа, надлежните органи и невладиниот сектор. Со цел процесот на превенција да биде успешен, потребен е мултисекторски пристап.

Во докторската дисертација, кандидатката врши сеопфатна анализа на состојбата на малолетничката деликвенција, од казненоправен и криминолошки аспект. Кандидатката ги анализира феноменолошките карактеристики на

малолетничката деликвенција, а особено се задржува на етиологијата и превенцијата на овој сериозен облик на деликвенција. Преку добиените резултати од спроведеното истражување во средни училишта, Воспитно-поправниот дом и затворот за деца во Охрид, кандидатката изведува заклучоци и дава конкретни предлози за креирање на програми за превенција на малолетничката деликвенција.

Докторската дисертација е пишувана со јасен стил и изградена методологија, консултирајќи и цитирајќи домашна и странска литература. Докторската дисертација е добро напишана, сеопфатна, продлабочена и академска. Сето ова уверува дека таа може да му биде од корист и да му послужи на секој оној што сака да се стекне со продлабочени информации и знаења од разработената тематика.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ебру Ибиш, со наслов „Криминолошки и казненоправни аспекти на малолетничката деликвенција во Република Македонија“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови на одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Ебру Ибиш, „Кривични дела во областа на интелектуална сопственост- трговска марка“, Македонското здружение за маркетинг „МАРКЕТИНГ“ – Скопје, практични искуства и развивање идеи за улогата на маркетинг во бизнисот, Скопје/Македонија 2016, ISSN 1857-9787.
2. Ebru Ibish, „Macedonia under ottoman sovereignty “, Istanbul University Sadri Maksudi Arsal Center of Research and applied science for history of law, Istanbul/Turkey, 2016, ISBN 978-606-152-469-6.
3. Ебру Ибиш, „Ресторативна правда спрема деца (малолетници)“, Зборник на трудови на ЕУРМ, Можното, реалното и виртуелното во современиот свет, Скопје/Македонија, 2016, ISBN 978-608-4574-75-0.
4. Ебру Ибиш, „Професионален кодекс на нотари“, Зборник на трудови Општествените промени во глобалниот свет, Штип/Македонија, 2016, ISBN 978-608-244-353.
5. Ебру Ибиш, „Криминал не белите јаки“, Асоцијација за корпоративна безбедност, Општествени, економски, правни безбедносни и социјални детерминанти за развој на корпоративната безбедност во Република Македонија, регионот и пошироко, Скопје/Македонија, 2016, ISBN 978-608-65953-4-0.
6. Ебру Ибиш, „Карактеристики на медијација и врсничка медијација за малолетници на возраст од 15 до 18 години“, The journal Knowledge – International Journal, Vol.20, Bansko/Bulgaria, 2017, ISSN 2545-4439, ISSN 1857-923X.
7. Ебру Ибиш, „Cybercrime (Computer Crime) As a Contemporary Type of Crime in the 21st Century“, The digital revolution in the cultural and social processes, Blagoevgrad/Bulgaria, 2017, ISBN 978-954-00-0171-5.
8. Ебру Ибиш, „Дела од омраза со посебен осврт кон говор на омраза и казнивост на говорот на омраза“, Охридска школа на природното право, Societas et scienntia, Скопје/Македонија, 2017, ISBN 978-608-203-242-9.
9. Ебру Ибиш, „Феноменологија на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија“,Асоцијација за корпоративна безбедност, Скопје/Македонија, 2018, ISBN 978-608-65953-8-8.
10. Ebru Ibish, „Reform of criminal material law in Republic of Macedonia (1996-2002)“, Development Trends of the Western Balkan Countries Based on Knowledge With a Special Overview on BIH Within the Process of Association to EU, Travnik/Bosnia and Herzegovina, 2018, ISSN 2490-2268.
11. Ebru Ibish, Verica Nedelkovska, „Banking Management and Economic Crime of Data Abuse“, Journal of Economics and Management, South Western University, Blagoevgrad/Bulgaria, 2018, ISSN 2367-7600.

12. Ебру Ибиш, „Компјутерот како средство за планирање на трговија со луѓе како облик на организиран криминал“, ИДЕЈА -Меѓународно списание за наука и уметност, Vol.2-No.3, ЕУРМ, Скопје/Македонија, 2018, ISSN 2545-4560.
13. Ебру Ибиш, „Насилството врз жените со посебен осврт кон Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција)“, Жената во современото општествно, ЕУРМ, Скопје/Македонија, 2018, ISBN 978-608-4574-85-9.
14. Ебру Ибиш, „Етиологија на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија“, ИДЕЈА - Меѓународно списание за наука и уметност, Vol.3-No.5, ЕУРМ, Скопје/ Македонија, 2019, ISSN 2545-4560.
15. Ебру Ибиш, „Конвенција за правата на детето како важен документ за спроведување на малолетничка правда“,ИДЕЈА - Меѓународно списание за наука и уметност, Vol.3-No.5, ЕУРМ, Скопје/ Македонија, 2019, ISSN 2545-4560
16. Ebru Ibish, „Pink Collar Crime“, International University of Travnik, Travnik/Bosnia and Herzegovina, 2019, ISSN 2490-2268.

**Заклучок и предлог**

Темата на докторската дисертација на кандидатката м-р Ебру Ибиш, со наслов „Криминолошки и казненоправни аспекти на малолетничката деликвенција во Република Македонија“, е исклучително актуелна и е во фокусот на интерес на криминолошката и казненоправната теорија и практика. Докторската дисертација на кандидатката м-р Ебру Ибиш, од методолошки и од содржински аспект, претставува самостоен и заокружен научен труд. Кандидатката прави успешна обработка и анализа со што се добива јасна слика за казненоправните и криминолошките аспекти на малолетничката деликвенција во светот, а посебно и во нашата држава. Врз основа на спроведеното истражување, кандидатката изведува заклучоци и дава предлози за унапредување на актуелната проблематика.

Трудот несомнено претставува значаен придонес во домашната казненоправна и криминолошка литература и ќе претставува солидна основа за натамошни истражувања во оваа сфера не само на кандидатката, туку и на сите други кои во иднина ќе се посветат на оваа област.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Ебру Ибиш** со наслов: **Криминолошки и казненоправни аспекти на малолетничката деликвенција во Република Македонија**.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Методија Каневчев, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола Тупанчески, член, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Лажетиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Гордан Калајџиев, член, с.р.**
**Проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, ментор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РОДОВО СЕНЗИТИВНИ КОМУНИКОЛОШКИ ПРАКТИКИ НА КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ЕКОНОМСКИ, КОМУНИКОЛОШКИ И СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ“ ОД М-Р АРТА ЦЕЛИЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на седницата одржана на 3.7.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Арта Целили, под наслов: РОДОВО СЕНЗИТИВНИ КОМУНИКОЛОШКИ ПРАКТИКИ НА КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ЕКОНОМСКИ, КОМУНИКОЛОШКИ И СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ, во состав: проф. д-р Ана Павловска Данева (претседател), проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ (член), проф. д-р Зоран Илиевски (член), проф. д-р Александар Стојков (ментор) и проф. д-р Каролина Ристова-Астеруд (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Арта Целили, под наслов: РОДОВО СЕНЗИТИВНИ КОМУНИКОЛОШКИ ПРАКТИКИ НА КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ЕКОНОМСКИ, КОМУНИКОЛОШКИ И СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ, содржи 279 страници компјутерски обработен текст во фонт „Тимес Нењ Роман”, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 312 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во девет поглавја: прво поглавје (вовед), второ поглавје (шест потпоглавја), трето поглавје (шест потпоглавја), четврто поглавје (пет потпоглавја), петто поглавје (четири потпоглавја), шесто поглавје (пет потпоглавја), седмо поглавје (четири потпоглавја), осмо поглавје (заклучни согледувања) и деветто поглавје (користена литература). Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно конзистентно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот (стр. 6-17), изложени се: научната оправданост на темата, предметот и целите на истражувањето, истражувачките прашања и хипотезите, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува на важноста на родовата еднаквост за општествениот напредок, објаснувајќи ја положбата на жените на лидерските позиции, нивните искуства, можности и бариери кон напредување. Елаборирана е теоретската рамка, која ги опфаќа механизмите на родовата нееднаквост во контекст на пазарот на работна сила и општеството во кое жената е поставена на подредена положба, како и родовите разлики во лидерството и стилот на комуницирање. Во поглед на актуелноста на оваа проблематика, кандидатката покажува дека жените во Република Северна Македонија (РСМ) се позиционирани на пониските нивоа на управување и со помал авторитет од мажите. Главна цел на кандитатката е да одгатне зошто постои овој родов јаз и кои се бариерите што ги спречуваат жените да напредуваат на повисоки позиции во организациите во Република Северна Македонија. Придобивките на истражувањето на родовите односи и комуникацијата помеѓу жените лидери и нивните подредени се во добивање релевантни заклучоци за ситуацијата на жените во македонскиот бизнис-сектор и значајна перспектива од која

можат да се планираат интервенции за намалување на родовиот конфликт и родовата нееднаквост на работното место.

Второто поглавје од докторската дисертација (стр. 18-39) е насловено „Теоретски пристапи кон половата разновидност во организациите”. Во него се анализирани: концептуалната дефиниција и поимот разновидност, родовата разновидност, концептуалните разлики помеѓу полот и родот, како и родовите разлики во управувањето и комуницирањето. Во првото поглавје се дефинира поимот разновидност. Освртот започнува од различните толкувања и продолжува со концептот во контекст на работното место и неговото влијание при создавање еднакви можности и еднакви шанси во една организација. Второто потпоглавје се фокусира во одделот на управување со разновидноста, фокусирајќи се исклучиво на родот како еден од многуте атрибути на личноста преку кои се рефлектира разновидноста во една организација. Третото потпоглавје го појаснува поимот родова разновидност и претставува вовед на родовите прашања во контекст на работното место. Следното поглавје ги преиспитува поимите на пол и род и нивните концептуални разлики и влијанието во организацијата преку стереотипите во општеството поврзано со родот и родовите улоги.

Третото поглавје насловено како „Теориите за родова (не)еднаквост во контекст на лидерстовото на жените” (стр. 40-87) ги анализира бариерите со кои се соочуваат жените како лидери и корените на родовата дискриминација на работното место. Разбирањето на организациските и социјалните бариери е корисно за дијагностицирање на положбата на жените во рамките на перспективите за напредување во кариерата во една организација. Ова поглавје се осврнува на различни феминистички перспективи за да се разгледаат алтернативните пристапи кон родовите разлики во организациски контекст. Понатаму, во ова поглавје се анализирани највлијателните бариери за напредокот на жените кон повисоките позиции на управување, од кои се истакнуваат: „стаклениот таван”, очекувањата за однесувањето во однос на улогите на жените во семејството, како и дискриминацијата во форма на организациски структури и политики. Понатаму, ова поглавје ги анализира организациските политики и програми преку кои организациите може да им понудат поддршка на жените лидери.

Четвртото поглавје, насловено како „Женски стил на лидерство” (стр. 88-118), дава критички увид во теориите и моделите на лидерството, потоа разгледува некои од аргументите што го поврзуваат стилот на лидерство со родот и на крајот, дава оценка на влијанието на културата врз лидерството. Во првото потпоглавје, критички се анализирани доминантните теории во литературата, кои го објаснуваат лидерството од различни перспективи. Сумирани и евалуирани се истражувања и модели кои придонесуваат за конституирање на одделните теории на лидерството и презентиран е општ преглед на теориите за лидерство. Во следното потпоглавје се претставени родовите разлики меѓу мажите и жените во стилот на лидерство, проследено од увид на литература која укажува на низа стереотипи поврзани за родот и лидерството. Последното потпоглавје критички го анализира влијанието на културата на застапеноста (или поточно, недоволната застапеност) на жените лидери.

Петтото поглавје насловено како „Родот и разликите во стилот на комуницирање” (стр. 119-139), проучува како комуникацијата ги искажува културните ставови за родот. Ова поглавје започнува со анализа на родовите разлики во стилот на комуницирање. Во овој дел, кадидатката разгледува како јазикот може да го дефинира родот и да се употреби на дискриминаторски и стереотипен начин. Потоа, го анализира машкиот и женскиот стил на комуницирање, укажувајќи на низа разлики во поглед на стилот на комуницирање, кој се одразува и во организацискиот контекст. Ова поглавје го анализира и погрешното толкување како резултат на различниот стил на комуницирање, како и организациските и општествени норми, кои диктираат прифатливи форми и стил на комуникација според род и воедно, претставуваат силна бариера за жените во пополнувањето на повисоките позиции. Во

ова поглавје, кандидатката укажува на значењето на родово неутралниот јазик или родово сензитивниот јазик за поголема родова еднаквост во општеството.

Шестото поглавје, насловено како „Жените на лидерски позиции во македонските компании” (стр. 140-177), дава критички преглед на литературата. Притоа, се обезбедува длабинска анализа на правната рамка, односно широкиот дијапазон на закони и политики во врска со еднаквите можности на жените и мажите во бизнисот во Република Северна Македонија. Анализирани се значајни статистички трендови на родовиот јаз (на пр., типови на занимања кои ги избираат мажите и жените од РСМ, разликите во просечните приходи на мажите и жените и процентот на жени од РСМ на највисоките лидерски позиции во приватниот сектор во споредба со мажите). Ова поглавје, исто така, го потенцира влијанието на културата и патријархатот врз македонското општество во врска со напредокот на жените во светот на бизнисот.

Седмото поглавје, насловено како „Емпириско истражување” (стр. 178-247), ја опфаќа методологијата која е користена во изведувањето на емпириското истражување за искуствата на испитаниците во однос на жените на лидерски позиции и анализирање на добиените податоци. Во посебни потпоглавја се презентирани податоците за процесот на квантитативните истражувања и квалитативното истражување, инструментите и техниките, статистичката популација и примерокот, како и наодите добиени во овие истражувања.

Во заклучните согледувања, осмото поглавје (стр. 248-255), кандидатката ги синтетизира заклучоците добиени од целокупното истражување на оваа докторска дисертација, со посебен фокус на заклучоците добиени од емпириското истражување, анализирани и презентирани во последната, седма глава. Во овој дел се дискутираат резултатите, одговорите на поставените прашања и се сумираат доказите со кои се врши потврдување или негирање на поставените хипотези. Исто така, понудени се и препораки и сугестии со цел подобрување на положбата на жените лидери во бизнисот. Кандидатката доаѓа до заклучок дека покрај законодавството и имплементирањето на европски принципи и стандарди, за вертикална мобилност на жената во деловниот сектор во РСМ и подобрување на нејзината положба во лидерски позиции, неопходни се и коренити општествени и културни промени.

## Предмет на истражување

Главната цел на докторската дисертација е да ја вреднува улогата на родовата комуникација во македонските компании и да проучи како културата влијае во напредувањето на жените како лидери и менаџери во македонскиот бизнис-сектор. Преку истражување на родовите односи и комуникацијата помеѓу жените лидери и нивните подредени, се настојува да се добијат релевантни информации за положбата на жените во македонскиот бизнис-сектор и значајна перспектива од која може да се планираат интервенции за намалување на родовиот конфликт и родовата нееднаквост на работното место. Во таа смисла, докторската дисертација ги испитува пречките и предизвиците со кои се соочуваат жените при унапредувањето на високи позиции во организациите во Република Северна Македонија. Положбата на жената како лидер и нејзините предизвици се анализирани низ призмата на културата и половите стереотипи и врз основа на родово сензитивните комуниколошки практики пренесени преку родовиот дискурс на работно место. Во согласност со целта на оваа студија се поставуваат три важни истражувачки цели: (1) да се утврди степенот на маргинализација на жената на пазарот на работна сила во Република Северна Македонија; (2) критички да се анализираат предизвиците, можностите и бариерите за напредок и вертикална подвижност на жените во организациите; (3) да се евалуира искуството на жените на лидерски позиции и нивниот начин на комуницирање и стилот на лидерство.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Докторската дисертација се фокусира на подрачјето на родовата комуникација, со посебен осврт на родова комуникација во контекст на работното место. Родовата комуникација претставува гранка на комуниколошкото поле, кое се фокусира на начините врз кои комуницираме како човечки суштества. Истражувањата на оваполе гледаат во улогите кои претставници од различен род ги имаат во бизнисот, политиката, медиумите, спортот и академијата. Како и секоја друга гранка од областа на комуникологијата, родовата комуникологија е широко применлива, така што во оваа дисертација се истражува родот во контекст на организациската комуникација. Дисертацијата анализира како процесите на комуникација влијаат во создавањето на бариери за унапредување на жените во компаниите или, пак, во создавањето на различни недоразбирања или конфликти помеѓу жените и мажите на работното место, и следствено, создавање и одржување на родова нееднаквост на работното место.

Родовата еднаквост е суштински општествен индикатор, со кој може да се мери и да се оцени нивото на еманципација на едно општество, односот на тоа општество кон жените и нејзините родови улоги. Жените страдале и продолжуваат да страдаат од дискриминација и нееднаквост во сите општества, особено во земјите во развој и земјите во транзиција. Оттука, родовата нееднаквост претставува клучно прашање, особено во деловниот свет. Според статистиките, и покрај зголеменото образование на жените, зголемувањето на нивното учество во работната сила и постоењето на закони, во Република Северна Македонија постојат предрасуди и дискриминација кои ги исклучуваат жените од високите лидерски позиции. Постојат многу истражувања поврзани со родовата еднаквост во Република Северна Македонија, дел спроведени од страна на невладините организации, дел од страна на институциите за создавање стратегии, а дел од страна на академската заедница. Сепак, истражувањата што се фокусирани во родовата комуникација и како таа влијае врз положбата на жените и лидерството се малубројни. Во оваа дисертација, положбата на жената како лидер во македонските компании и нејзините предизвици се анализирани низ призмата на културата и половите стереотипи и врз основа на родовите комуниколошки практики пренесени преку родовиот дискурс на работното место.

### Краток опис на применетите методи

Со цел изнаоѓање одговори и соодветна успешна обработка на предметот на истражување на оваа докторска дисертација и зададените цели, се применува методот на триангулација, односно интегрирање на квалитативното и квантитативното истражување. Квантитативното истражување е спроведено преку два прашалника, кои воедно соочинуваат две различни студии. Едниот прашалник е поделен на испитаници од двата пола, за да се увидат ставовите кон жената на лидерска позиција, додека другиот прашалник е поделен само на испитаници од женскиот пол, за да се добијат информации во врска со бариерите и проблемите со кои се соочуваат жените на лидерски позиции во РСМ. Квалитативното истражување е спроведено преку длабински интервјуа со жени лидери во македонскиот бизнис-сектор за да се проучи позицијата на жените лидери во рамките на македонскиот културен контекст. Квантитативното истражување употребува дедуктивен пристап при решавањето на проблемите, додека квалитативното истражување употребува индуктивен пристап.

### Краток опис на резултатите од истражувањето

Докторската дисертација на кандидатката м-р Арта Целили покажува дека во деловниот сектор, жените и мажите немаат еднаков напредок во кариерата. Студијата

ја потенцира суштинската улога на жените во бизнисот и потребата да се поттикне родовата различност на највисоко ниво на управување. Заклучните согледувања се потпираат на критичкиот преглед на релевантната академска литература и спроведеното емпириско истражување.

Во рамките на квантитативното истражување се спроведени два студии. Целта на првата студија е да се увидат стеротипите и ставовите кон жената на лидерска позиција. Резултатите добиени од оваа анализа обезбедуваат докази дека постојат силно вкоренети предрасуди и стеротипи кон жените на лидерски позиции во врска со работните задачи и дека ставот кон жените на лидерски позиции е неутрален (ниту позитивен, ниту негативен). Жените не се гледаат како доволно способни (колоквијално, „дораснати”) за лидерски позиции, поради неможноста да ѝ обезбедат потребно внимание и приоритет на работата. Од одговорите навидум произлегува дека жените не умеат да им одговорат на предизвиците на лидерските задачи. Тие не се директни во изразувањето на своите размислувања и премногу внимание им посветуваат на деталите. Резултатите, исто така, потврдуваат дека жените се фокусирани во создавање и одржување на односите со вработените. Целта на втората студија е да се добијат информации во врска со бариерите и проблемите со кои се соочуваат жените на лидерски позиции во РСМ. Резултатите на истражувањето покажуваат дека постојат бариери и проблеми кои се појавуваат како пречка за жените да се ангажираат на високи функции во бизнисот, каде што посебен акцент се дава на општествените и културните бариери како резултат на патријархалната средина. Овие наоди се поддржани од страна на квалитативните податоци, кои дополнително упатуваат на доминантен трансформациски стил на лидерство кај жените, со ограничена и умерена употреба на трансакцискиот стил на лидерство.

Дисертацијата ја нагласува потребата за коренити општествени промени со цел менување на работната култура и работната клима во нашата држава, и зголемување на вертикалната подвижност на жените во организациите.

Користејќи анкетно истражување и последователна анализа и синтеза, кандидатката ги издвојува следниве главни препораки, кои имаат за цел да ги охрабруваат жените да ги освојуваат лидерските позиции:

- да се елиминираат родовите стереотипи и сексистичките ставови во врска со родовите улоги на жените и мажите;
- да се зајакне семејниот систем за поддршка;
- институционална поддршка во педагошката работа на градинките и дневните центри;
- флексибилност на организациите и поддршка во предизвиците на рамнотежата работа-семејство (на пр., флексибилно работно време, градинки во близина на работното место и сл.);
- вклучување на жените во отворени дискусии и споделување ефективни техники за надминување на бариерите, особено во областа на рамнотежата работа-семејство и надминување на стереотипите;
- зајакнување на постојните закони;
- подобрување на образованието на жените и надминување на сегрегацијата во полето на образованието;
- обезбедување обука и мерки за надминување на родовите бариери;
- обука за родово неутрален и родово сензитивен јазик;
- создавање национална мрежа на жени лидери;
- ставање поголем акцент на учењето за лидерството на повеќе студиски програми;
- вклучување на мажите во сите активности, конференции и семинари поврзани со родовите прашања;
- охрабрување на вработувањето на жени на повисоките организациски позиции;
- намалување на родовата дискриминација преку спроведување на мониторинг на работното место за идентификување на внатрешните практики.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на м-р Арта Целили со наслов: РОДОВО СЕНЗИТИВНИ КОМУНИКОЛОШКИ ПРАКТИКИ НА КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ЕКОНОМСКИ, КОМУНИКОЛОШКИ И СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ, претставува интердисциплинарно истражување во полето на родовата комуникација. Основната цел на оваа докторска дисертација е да придонесе кон согледување на положбата, авторитетот и можностите на жените на лидерски позиции, како и нивните искуства и бариери во напредувањето низ организациската хиерархија.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Арта Целили под наслов: РОДОВО СЕНЗИТИВНИ КОМУНИКОЛОШКИ ПРАКТИКИ НА КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ЕКОНОМСКИ, КОМУНИКОЛОШКИ И СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторска дисертација.

При проверката во системот за плагијаризам, докторската дисертација на м-р Арта Целили покажува низок процент на совпаѓање на зборови со други документи од 5,45 %, што укажува на сосема коректно исполнување на критериумот за оригиналност на трудот.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Пред одбраната на докторскиот труд, кандидатката ги објавила (како единствен автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со фактор на влијание) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Ш1Ќ Цхелили, Арта (2018) “А нарративе оф а ѕоунг фемале ин ан олд ман’с индустрѕ: Сеџисм анд агеисм ин а Мацедониан фамилѕ-оњнед бусинесс”, *Кноњледге Интернатионал Јоурнал*, 28 (7): 2511-2516.

Ш2Ќ Цхелили, Арта (2019) “Аттитудес тоњард њомен ин леадерсхип пиоситионс ин тхе Републиц оф Мацедониа”, *Кноњледге Интернатионал Јоурнал*, 31 (5): 1271-1276.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Истражувањата, кои се предмет на докторската дисертација, се однесуваат на прашања кои не ги одминуваат ниту развиените модерни демократски општества, како што се: застапеноста на жените на раководни позиции, бариерите и предизвиците со кои се соочуваат жените, родовата нееднаквост и нееднаквите можности. Научниот придонес на кандидатката се состои во истражување на положбата на жената и лидерството преку испитување на стилот на комуницирање и стилот на лидерство, како и користење на триангулација во методолошкиот пристап. Длабинското истражување овозможува идентификување на причините, поради кои бројот на жени лидери во Северна Македонија е толку мал и на предизвиците, со кои се соочуваат жените на раководни позиции.

Тезата се карактеризира со висок степен на оригиналност и со исклучително релевантни резултати. Извонредно значајно е дека овие резултати може да се применат во иднина при планирањето и креирањето на јавните политики, интервенции и стратегии за намалување на родовиот конфликт и родовата нееднаквост на работното место. Покрај тоа, оваа дисертација придонесува и за збогатување на постојната академска литература и претставува важен репер за сите идни истражувања во оваа област. Идните академски истражувања би можеле да се спроведат со поширок број на учесници со различни социо-демографски и индивидуални карактеристики, за да се провери валидноста на резултатите.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Арта Целили со наслов: РОДОВО СЕНЗИТИВНИ КОМУНИКОЛОШКИ ПРАКТИКИ НА КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ЕКОНОМСКИ, КОМУНИКОЛОШКИ И СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ана Павловска Данева, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Илиевски, член, с.р.**
**Проф. д-р Александар Стојков, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Каролина Ристова-Астеруд, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**На тема за изработка на магистерски труд прифатен од Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје на седницата одржана на 16. 09. 2020 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Одлука од Научен совет |
|---|---|---|---|
| Д-р Фјола Ајети | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** “Евалуација на степенот на минерализација на забите, кај пациентите со агенеза на заби (хиподонција)”.<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** “Evaluation of the degree of teeth mineralization in patients with dental agenesis (hypodontia” | Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова | Бр. 02-2501/1 Од 18. 09. 2020 |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Весна Поповска | ,,Модел за определување и подобрување на фаза од животниот циклус на организациите,, | Model for determining and improving the stage of the organizational life cycle | проф.д-р Бети Андоновиќ | 14.9.2020 02-960/1 |
| 2. | Лилјана Хаџиевска-Антовска | ,,Модел за формирање оптимален менаџерски тим во компании,, | Model for creating an optimal managing team in companies | проф.д-р Бети Андоновиќ | 14.9.2020 02-961/1 |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд**
**Факултет за земјоделски науки и храна**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | индекс бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ивана Велинова | Причини за создавање и можности за намалување на загубите и отпадот од храна | Causes for creating and opportunities to reduce food waste and food loses | Проф. д-р Соња Србиновска | 1411 |
| 2 | Миле Костов | Влијание на одредени комерцијално достапни квасци врз карактеристиките на млади вина од сортата вранец | The influence of different commercially available yeast strains on the characteristics of the young Vranec wines | Проф. д-р Михаил Петков | 1342 |
| 3 | Ристе Ѓорѓиев | Влијанието на типот на резидба и времетраењето на мацерацијата врз хемискиот состав и квалитетот на вината од сорта вранец во Тиквешко виногорје | The influence of the type of pruning and the duration of maceration on the chemical composition and quality on the wines of the Vranec brand in Tikvesh wine region | Проф. д-р Михаил Петков | 1415 |
| 4 | Бобан Пиперкоски | Формирање на оптимално портфолио на македонска берза | Optimal portfolio formation on the Macedonian stock exchange | Проф. д-р Драган Ѓошевски | 1327 |
| 5 | Милица Трајкоска | Квалитетни особини на наменско пченично брашно во зависност од почетната суровина | Quality properties of all-purpose wheat flour depending of the main raw material | Проф. д-р Дане Бошев | 1363 |

## ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА ВО БИЛТЕН БРОЈ 1221 ОД 1.9.2020 ГОДИНА

СЕ ВРШИ ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКИ ГРЕШКИ НА РЕФЕРАТОТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕХАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ, ОБЈАВЕН ВО БИЛТЕНОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ БРОЈ 1221 ОД 1.9.2020 ГОДИНА (132-144), НА СЛЕДНИВЕ ЗБОРОВИ: ВО ПРВИОТ ПАСУС, ЗБОРОТ „ДНЕВНИК“ НА СТР. 132, СЕ ЗАМЕНУВА СО ЗБОРОТ „НОВА МАКЕДОНИЈА“, НА ИСТАТА СТР. СЕ МЕНУВА БРОЈОТ 7 СО БРОЈОТ 1 (БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ); НА СТР. 133 СЕ ЗАМЕНУВА РЕДНИОТ БРОЈ 8 СО РЕДЕН БРОЈ 2 (НАУЧНИ СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОТ ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА); НА СТР. 134, ЧЛЕН ВО КАРИЕРЕН ЦЕНТАР „КАРИЕРА“ СЕ ЗАМЕНУВА СО: „ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА“ И КОМИСИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ПРИ ФЗНХ СЕ ЗАМЕНУВА СО: „КОМИСИЈА ЗА СПОРТ И СТУДЕНТСКИ АКТИВНОСТИ ПРИ ФЗНХ“. ПРОМЕНИТЕ ЗА КОМИСИИТЕ СЕ ОДНЕСУВААТ И ЗА ВО ТАБЕЛА - ОБРАЗЕЦ 2. НА ПОСЛЕДНАТА СТР. (144), ВО ПОСЛЕДНИОТ ПАСУС, ЗБОРОТ „БОТАНИКА“ СЕ ЗАМЕНУВА СО ЗБОРОТ „МЕХАНИЗАЦИЈА“.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Живко Давчев, редовен професор**
**на Факултетот за земјоделски**
**науки и храна во Скопје, с.р.**

**Д-р Драги Таневски, редовен професор**
**на Факултетот за земјоделски**
**науки и храна во Скопје, с.р.**

**Д-р Звонимир Божиновиќ, редовен професор**
**во пензија на Факултетот за земјоделски**
**науки и храна во Скопје, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ НА КАТЕДРАТА ЗА ГРАФИКА, ОБЛАСТ: ГРАФИКА И ГРАФИЧКИ ТЕХНИКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ликовни уметности – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Lajm“ од 3.9.2020 година, за избор на еден асистент од подрачјето на ликовните уметности, од областа на истражување графика и графички техники, на Катедрата за графика на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет бр. 02-121/3-1, донесена на 15.9.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ, претседател, ред. проф. д-р Славица Јанешлиева, член и ред. проф. д-р Трајче Блажевски, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден асистент од подрачјето на ликовните уметности, од областа на истражување графика и графички техники, во предвидениот рок се пријавија (7) кандидати: м-р Ана Спасова, м-р Ана Јовановска, м-р Марко Илиевски, м-р Драгана Басекиќ, м-р Ана Марковска, Ана Трајковска и м-р Бајрам Целили.

**М-р АНА СПАСОВА (1)**

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката м-р Ана Спасова е родена на 4.4.1996 година во Скопје, РС Македонија. Средно образование завршила во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје, со одличен успех. Во учебната 2014/15 година се запишала на Факултетот за ликовни уметности, при УКИМ во Скопје, на студиската програма Графика. Дипломирала на 20.9.2018 г. на Катедрата за графика, со модул конзервација и реставрација, со просечен успех 10,00, во класата на ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ, со темата „Ментални процеси“. Во 2017 година остварила студиски престој на Академијата за ликовни уметности при Универзитетот во Загреб, Р Хрватска, во времетраење од еден семестар, преку програмата за студентска мобилност Еразмус+. Во учебната 2018/19 г. се запишала на постдипломски студии на ФЛУ – Скопје, област: графика, под менторство на ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ. Студиите од втор циклус ги завршила во септември 2019 г. со просечен успех 10,00. На 23.1.2020 година го одбранила магистерскиот труд на ФЛУ – Скопје, на тема „Уметничкото дело и неговата врска со архетипското (дијалог помеѓу свесното и потсвесното)“ / *“ (The work of art and its relation to the archetypical (dialogue between the conscious and the subconscious)”* пред Комисијата во состав: ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ, ред. проф.д-р Трајче Блажевски и ред. проф. м-р Јован Шумковски. Со тоа се стекнала со научно уметнички степен - магистер по ликовни уметности од областа графика *(MFA- Master of Fine Arts).* За време на студиите, како и по нивното завршување, остварува соработка во интердисциплинарни проекти со студенти и наставен кадар од неколку други факултети: Филозофскиот факултет при УКИМ (Институт за историја на уметност и археологија, Институт за специјална едукација и рехабилитација) и Медицинскиот факултет во Скопје, за што приложува соодветна документација. Кандидатката м-р Ана Спасова учествува во бројни изложби, работилници и културни манифестации во земјава и во странство, за што има добиено и неколку награди. Добитник е на Награда за постигнат највисок просек (10,00) и одлични резултати во текот на студиите на ФЛУ – Скопје и Пофалница за најдобро дипломиран студент (10,00) во учебната 2017/2018 година од ФЛУ, од страна на

Ректоратот на УКИМ во Скопје, РС Македонија. Член е на ДЛУМ од 2019 година.По завршувањето на додипломските студии, а во текот на нејзините постдипломски студии, кандидатката била ангажирана од страна на менторот ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ како помошник-волонтер во работата и консултациите со студентите на прв циклус студии од студиската програма Графика, каде што се забележува нејзината посветеност, сериозност и педагошки афинитет. Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што има сертификат за познавање на англиски јазик на ниво С1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), издаден од Универзитетот во Кембриџ *(University of Cambridge, ESOL Examinations)*, а има и познавање од италијанскиот јазик – разговорно ниво, за што поднесува соодветно уверение во прилог. Посетува официјална обука за ACA – Специјалист за визуелен дизајн *(Adobe Certificate Associate – Visual Design Specialist)* при Семос – компјутерски образовен центар во Скопје (септември 2020 – јануари 2021), за што поднесува соодветно уверение во прилог. Во своето досегашно творештво кандидатката м-р Ана Спасова интересот примарно го насочува кон истражување на човековата психа – односот помеѓу свесниот и потсвесниот дел на личноста, на ниво на поединецот и колективот, како и експресијата на менталните импулси во уметничкото дело преку знакот и симболот, како облици преку кои визуелно се манифестира универзалната архетипска структура на човековиот ум, која е вродена и наследна. Својот интерес го изразува низ медиумот на цртежот, традиционалната и експерименталната графика, фотографијата, релјефот и инсталацијата.

## 2. СПИСОК НА ТВОРЕЧКА АКТИВНОСТ

### 2.1. Самостојни изложби во земјава

- „Agnosco“ (во фаза на подготовка, предвиден период на реализација: 16.09 – 24.09.2020, Галерија на ФЛУ – Скопје. Проектот е поддржан од Министерството за култура на РСМ).

  Напомена: Во периодот на пишување на Извештајот, изложбата е веќе реализирана.

### 2.2. Групни изложби во земјава

- 2020, „Цртеж - експериментален цртеж“, ДЛУМ, Уметнички центар „Арт Хаб“, Скопје, РСМ;
- 2020, Изложба на новата млада генерација на ДЛУМ, Уметнички центар „Арт Хаб“, Скопје, РСМ;
- 2019, ДЛУМ Годишна изложба, Мала станица, Скопје, РСМ;
- 2019, Графичко триенале 4, Графичка работилница „Софија“ - Богданци, Музеј на град Скопје, РСМ;
- 2019, *X Symphony Gala, Symphony Solutions*
  (учество со наградено дело од конкурсот за „Млади уметници“ од 2018 година, хотел „Мериот“, Скопје, РСМ);
- 2018, Изложба на конкурсот „Млади уметници“ во организација на Агенција за млади и спорт, Мала станица, Скопје, РСМ;
- 2018, IV меѓународна изложба на екс либрис, Отворено графичко студио, Скопје, РСМ;
- 2018, „Светлината во нас“, Чаршиска библиотека - *Libraria e Çarshisë*, Скопје, РСМ (учесник и проектен координатор);
- 2018, Завршна изложба на главната сесија на 11. Меѓународна графичка работилница „Софија“ и промоција на графичка мапа од учесниците, Богданци, РСМ;

- 2018, Меѓународен ден на толеранцијата – „Попреченоста не е пречка за успех“ (учество со групна тактилна изложба наменета за слепи и лица со оштетен вид), хотел *“Holiday Inn”*, Скопје, РСМ;
- 2018, „Тема: Не“ (учесник во студентската изложба, како и организатор и учесник во тактилна изложба наменета за слепи и лица со оштетен вид), Музеј на Македонија, Скопје, РСМ;
- 2018, VIII меѓународно биенале на мала графика, Музеј на тетовски крај, Тетово, РСМ;
- 2017, „4 катедри на ФЛУ“, галерија на ФЛУ, Скопје, РСМ;
- 2017, Изложба на конкурсот за „Млади уметници“ во организација на Агенција за млади и спорт, Мала станица, Скопје, РСМ;
- 2017, VIII студентско интернационално арт-биенале, галерија на ФЛУ, Скопје, РСМ;
- 2015, Изложба по повод 10 години постоење на ликовно студио *“Ars Vivendi”,* МКЦ, Скопје, РСМ;
- 2014, *“Multum in parvo”* - студентска групна изложба на цртеж, Чаршиска библиотека - *Libraria e Çarshisë*, Скопје, РСМ;
- 2013, Петгодишна јубилејна изложба (2008-2013) на школата за цртање и сликање “*Accademia dell’arte*“, Скопје, РСМ.

**2.3. Групни изложби во странство**

- 2020, „Цртеж - експериментален цртеж“, ДЛУМ, Македонски културен центар, Њујорк, САД (очекувана реализација во септември 2020);
- 2020, Relief Online Exhibition, Megalo Print Studio, Canberra, Australia (Онлајн изложба на дела во висок печат, Графичко студио „Мегало“, Канбера, Австралија;
- 2020 Engravist International Virtual Printmaking Biennial, Istanbul, Turkey (Виртуелно меѓународно графичко биенале, Истанбул, Турција);
- 2020 IV International Printmaking Triennial, Belgrade, Serbia (Четврто меѓународно графичко триенале, Белград, Србија);
- 2020 Printcard Wroclaw Special Edition “Uncanny Valley: the picture within us” (во мирување поради ситуацијата со Ковид-19);
- 2020 SGC International Puertografico, Puerto Rico (во мирување поради ситуацијата со Ковид-19);
- 2019, Хуманитарна изложба *“Artists for Venice”*, во организација на Љупка Делева (во мирување поради ситуацијата со Ковид-19);
- Тактилна изложба при Интернационалниот ден на толеранцијата 2018 во Музеј на Македонија, организирана од археолошко студентско здружение “Аксиос”;
- Изложба на графики во Музеј на Македонија, во организација на „Аксиос”, 2018;

- Интернационално графичко биенале во Музеј на Град Скопје, 2018;
- Меѓународна изложба Ex Libris, 2018, Скопје
- организатор и координатор на изложбата „Светлината во нас”, Libraria e Carshise, 2018, Скопје;
- организатор и координатор на изложбата “Ars longa vita brevis” – Генерациска изожба на генерацијата од 95’, Галерија на ДСУЛУД „Лазар Личеноски“, 2019, Скопје;
- Работилница на тема: „Слободно сликање и цртање”, одржана на Филозофскиот факултет при Студентската конференција „Разменуваме знаења – создаваме можности“, 2019, Скопје;
- учесник на 20. Биенале на графика во Варна, 2019;
- учесник на групна изложба во МКЦ “The present”, Скопје, 2019;
- „Дијалог” – соло изложба со Ива Станковска во НУЦК „Никола Јанков-Вапцаров“ – Делчево, 2019;
- учесник на „Графичко триенале”– Графичка работилница Софија, Музеј на град Скопје, 2019;
- 2019 – Обука на конзервација и реставрација на хартија, НУБ „Св. Климент Охридски”, Скопје;
- 2019 – учесник на групна изложба “Young art”, Музеј на град Скопје;
- донирано дело за “World artists for Venice”, 2019;
- учесник на изложбата “Цртаме акт” – Shortbus, 2019;
- учесник во подготвување и местење на проектот “АдаН во градот на огнот” на Нада Прља, 2019;
- учесник на групна изложба по повод Obscure Sounds of North FYROMод BoD [PMGRec 176], МКЦ, Скопје, 2020.
- учесник на групна изложба “На работ”, Галерија Акантус, Скопје, 2020
- Изложба на новата млада генерација 2017 – 2020 ДЛУМ, галерија „Арт Хаб“, Скопје, 2020;
- Уметник на неделата на Телевизија Телма-90 минути, 4.5.2020;
- „Дијалог во карантин” – соло изложба со Ива Станковска во Градски парк, Скопје, 2020;
- учесник на 31. Ликовна колонија во Галичник - 2020;
- редовен учесник и соработник на проекти во Партизан принт.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Ана Момчило Трајковска**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Факултет за ликовни уметности – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **графика и графички техники**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити: / | **не** |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: / | **не** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,60<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: / | **не** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски – B 2.2 (CEFR)<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. Издавач на документот: Отворен граѓански Универзитет за доживотно учење „Кочо Рацин“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 10.9.2019<br>Напомена: Уверението не е издадено од официјален европски тестатор, член на здружението АЛТЕ на европски тестатори, согласно со член 24 од Правилникот за условите и постапката за избор во звања (Универзитетски гласник бр. 411/2018). | **не** |

**Рецензентска комисија**
**Ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ, претседател, с.р.**
**Ред. проф. д-р Славица Јанешлиева, член, с.р.**
**Ред. проф. д-р Трајче Блажевски, член, с.р.**

**М-р БАЈРАМ ЏЕЛИЛИ (7)**

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

**Бајрам Џелили**
Академски графичар
Магистер на ликовни уметности од областа графика

Ул. „Мара Угриноска“ бр. 3 – Гостивар
Тел.: 070 695 164
bajramx@yahoo.com

**Школување:**
- основно и средно образование во Гостивар;
- 1990/2000, В.М.Ш – радиолошка насока во Сараево;
- 1997/2001, Академија за ликовни уметности во Сараево, насока: графика, во класата на проф. Џ. Хозо;
- 2006/2008, магистерски студии на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, област: графика, во класата на проф. Т. Блажевски.

**Работно искуство:**
- 2019/2020, договор за дело, Средно медицинско училиште во Гостивар;
- 2018, професор по ликовна уметност во Средно комунално училиште „Гостивар“ во Гостивар;
- 2009/2010, професор по ликовна уметност во Средно комунално училиште „Гостивар“ во Гостивар;
- 2002/2015, радиолошки технолог во ПЗУ „Рендген дијагностика“ – Гостивар.

## 2. СПИСОК НА ТВОРЕЧКА АКТИВНОСТ

### 2.1. Професионални активности:
-2018, Почител, БиХ, Меѓународна уметничка колонија;
-2016, Струга, Интернационален симпозиум, Струга, 2016;
-2005, по покана на проф. д-р Ч. Хаџимејлич, на Академијата за ликовни уметности во Сараево, Оддел за калиграфија, конзервација и реставрација, презентација со работилница на тема: Рачна јапонска хартија;
-2004, Бугарија, на Академијата за ликовни уметности во Софија, посетувал часови за изработка на рачна традиционална јапонска хартија, кај јапонските мајстори, каде што се запознал и со јапонската калиграфија.

### 2.2. Самостојни изложби:
-2013, Софија, КИЦ-МК, Софија, Бугарија;
-2012, Париз, Cite Internationale des Arts, France;
-2011, Скопје, Национална галерија, Мала станица;
-2010, Скопје, Дом на АРМ;
-2008, New York, MC Gallery – Manhattan.

### 2.3. Значајни меѓународни изложби:
- март 2019, Сараево, галерија „Роман Петрович“, Меѓународен фестивал „Сараевска зима“;
- 2016 Imago Mundi, Luciano Benetton Collection;
- 5 мај 2015, Цирих, Швајцарија, Werkstatt Gallery, Интернационална изложба на графика;
- 2012, 11. Биенале на минијатурна уметност, Горни Милановац, Србија;

- 2011, Јапонија – Kyotto International Woodprint Association Japan;
- 2006, Битола – Меѓународно графичко триенале;
- 2006, Тетово – Меѓународно графичко биенале на мала графика;
- 2003, Битола – Меѓународно графичко триенале.

**2.4. Групни изложби:**

- февруари 2020, Фиер-Албанија, Галерија Вилсон Килица;
- 2014, Скопје, Чифте-амам, Paris je t'aime;
- 2009, Скопје, Сули-ан, студенти постдипломци;
- 2008, Гостивар, Центар за култура, Пролетен салон;
- 2007, Гостивар, Центар за култура, Пролетен салон;
- 2006, Скопје, НГМ, Чифте-амам, Недела на албанската култура;
- 2006, Гостивар, Центар за култура, Пролетен салон;
- 2006, Тетово, Центар за култура;
- 2006, Приштина, Галерија на Министерството за култура;
- 2005, Гостивар, Центар за култура, ШАФМ;
- 2005, Гостивар, Центар за култура, Пролетен салон;
- 2004, Гостивар, Центар за култура;
- 2003, Гостивар, Центар за култура, ШАФМ;
- 2001, Сараево, Collegium artisticum;
- 2001, Тешањ, БиХ, Галерија ЦКТ;
- 2000, Сараево, галерија „Роман Петрович“;
- 1999, Сараево, European Communitu Monitor;
- Mission; Belgian Delegation;
- 1999, Тешањ, БиХ, Центар за култура и образование;
- 1998, Сараево, УН-простории ЕЦММ-а;
- 1998, Сараево, Селективна изложба на студентски дела.

**2.5. Награди:**

- 2000, Сараево, Откупна награда, Изложба студената;
- 1999, Сараево, Награда за графика од European Communitu Monitor Mission – Belgian Delegation;
- 1998, Сараево, Откупна награда, УН-простории ЕЦММ.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Бајрам Имер Целили**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Факултет за ликовни уметности – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **графика и графички техники**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити:<br>Напомена: кандидатот има завршено прв и втор циклус студии пред воведувањето на ЕКТС. | / |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер по ликовни уметности – област: графика *(MFA – Master of Fine Arts)* - Факултет за ликовни уметности – Скопје, РСМ. | **да** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: /<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | **не** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: /<br>2. Назив на документот: /<br>3. Издавач на документот: /<br>4. Датум на издавање на документот: /<br>Напомена: Кандидатот нема поднесено уверение или сертификат за познавање на најмалку еден странски јазик, согласно со член 24 од Правилникот за условите и постапката за избор во звања (Универзитетски гласник бр. 411/2018). | **не** |

**Рецензентска комисија**
**Ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ, претседател, с.р.**
**Ред. проф. д-р Славица Јанешлиева, член, с.р.**
**Ред. проф. д-р Трајче Блажевски, член, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација од 7 кандидати и констатира дека единствено кандидатката м-р Ана Спасова има доставено комплетна документација и ги исполнува општите услови од Законот за високото образование (Службен весник на РМ, бр. 82/2018), како и условите согласно со постојните критериуми дадени во Правилникот за условите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018).

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува целокупната биографска и образовна дејност и творечка активност на кандидатката м-р Ана Спасова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Ана Спасова поседува научни и стручни квалитети, и според Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) и Правилникот за условите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018) ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во научната област графика и графички техники.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, м-р Ана Спасова да биде избрана во звањето асистент во научната/уметничката област графика и графички техники.

**Рецензентска комисија**
**Ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ, претседател, с.р.**
**Ред. проф. д-р Славица Јанешлиева, член, с.р.**
**Ред. проф. д-р Трајче Блажевски, член, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ОБЛАСТИТЕ (ДИСЦИПЛИНИ): ДИРИГИРАЊЕ И КОМПОЗИЦИЈА (КОМПОЗИЦИЈА) (60909), ХАРМОНИЈА И ПОЛИФОНИЈА СО АНАЛИЗА (60908) И МУЗИЧКИ ФОРМИ СО АНАЛИЗА (60907) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност – Скопје, објавен во весникот „Вечер“ бр. 17299 на 14.4.2020 година, според член 176 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 26, став (2) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и 426/19), за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областите: музички форми со анализа (60907), хармонија и полифонија со анализа (60908) и диригирање и композиција (композиција) (60909), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет бр. 02-217/1, донесена на електронската седница одржана на 21.5.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. Стојан Стојков, проф. Живоин Глишиќ и проф. м-р Сашо Татарчевски.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областите: музички форми со анализа (60907), хармонија и полифонија со анализа (60908) и диригирање и композиција (композиција) (60909), во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Дарија Андовска, вонреден професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

### 1 . Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Дарија Андовска е родена 1979 во Скопје. Во нижото музичко училиште „Илија Николовски-Луј“ се запишала на осумгодишна возраст, како исклучок поради извонреден талент. Средното музичко училиште, на отсекот за музичка теорија, го завршила во 1997 година со просек 5,00, како ученик на генерацијата. Почнува да компонира при првиот конакт со инструмент, на седумгодишна возраст, самостојно работи до втора година средно, кога почнува да учи под менторство со проф. Гоце Коларовски. Во неговата класа се запишала на студии по композиција во 1997 година, каде што дипломирала со оценка 10 во 2003 година. Во 2004 година се запишала на магистерски студии по композиција во класата на проф. Коларовски, но иако со сите положени испити, не ги завршува поради прераната смрт на професорот. Потоа, во 2007 година, се запишала на магистерски студии во Цирих, Швајцарија, на Zuercher Hochschule der Kuenste, во класата на Изабел Мундри (современа музика), Доменико Ферари и Андре Белмо (филмска и театарска музика, продукција), каде што магистрирала со cum laude во 2009 година. Во 2012 година се запишала на докторски студии под менторство на проф. д-р Каја Черновин од Харвард институт, САД.

Авторка е на камерна, соло, оркестарска, симфониска и хорска музика, акузматска и електроакустична музика, како и на музика за филм, театар, танц и мултимедијални проекти.

Добитник е на стипендии и учесник на мастеркласеви и работилници во Скопје, Санкт Петербург, Белград, Дрезден, Охрид, Берлин, Цирих, Солотурн, Штутгарт, Сараево, Фрајбург, Герлиц, Утрехт и Хилверсум.

Таму работела со композиторите: K. Schwon, A. Shchetinsky, A. Radvilovitch, J. Woolrich, E. Gaudibert, K. H. Stahmer, M. Eggert, S. M. Slonimsky, A. Kasparov, A. Tarnopolsky, V. Ekimovsky, F. Sarhan, K. Tsepkolenko, J. Clarke, C. Fox, J. Walsh, S. K. Takasugi, M. Reudenbach, C. Czernowin, F. Roemer, I. Mundry, B. Ferneyhough, R. Sounders, A. R. Thomas, L. Ronchetti, S. Sciarrino, D. Ammann, F. Baumann, B. Skrzypcak, X. Dayer и други.

Нејзините дела, почнувајќи од средно училиште и за време на студиите, се изведувани на реномирани фестивали и бројни концерти во Македонија, Бугарија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Белгија, Кина, Хрватска, Словенија, Швајцарија, Италија, Германија, Грузија, Франција, Англија, Ирска, Данска, Шведска, Норвешка, Украина, Азербејџан, Австрија, Албанија, Русија, Мексико, Канада, Полска, Романија, Ерменија, Турција и САД;

од ансамбли како E.A.R. Unit (САД), Sonemus (Швајцарија), pre-art (Швајцарија), ur.werk (Германија), Frebourg Percussion Ensemble (Германија), Icarus ensemble (Италија), Coro Constanzo Porta (Италија), Wroclaw Cantans (Полска), Ergon ensemble (Грција), Sverdlovsk Conservatory String Quartet (Русија), Ensemble Reconsil Vienna (Австрија), Ensemble SurPlus (Германија), Forbidden City Chamber Orchestra (Кина), No Borders Orchestra (Германија- ex-yu), Metamorphosis emsemble (Србија), Македонска филхармонија, КонТемпора, оркестар на Македонска музичка младина итн.;

солисти како Ана Дурловски, Игор Дурловски, Ана Гацева, Елена Мисиркова, (Македонија), Валентина Штруцељ (Словенија), Срѓан Вукашиновиќ (Швајцарија), Нагиса Шибата (Јапонија), Себастијан Хофман (Швајцарија), Александар Габрис (Полска), Матиас Артер (Швајцарија), Борис Превишиќ (Хрватска-Швајцарија), Владимир Благојевиќ (Србија), Ејми Нолс (САД), Десислава Патрујо (Бугарија), Станко Мадиќ (Германија), Никола Јовановиќ (Германија), Амбер и Ервин Лука Сешек (САД) итн.;

под диригентска палка на реномирани диригенти како Сашо Татарчевски, Саша Николовски-Ѓумар, Борјан Цанев (Македонија), Роланд Фрајзицер (Австрија), Давид Филип Хефти (Швајцарија), Оливера Секулиќ- Барац (Швајцарија), Ањешка Франков- Желазни (Полска), Антонио Греко (Италија), Бернхард Вулф (Германија), Томас Херцог (Германија), Кевин Џон Едусеи (САД) итн.;

во концертни сали како Roy and Edna Disney Hall (САД), Boston Concert Hall (САД), Megaron Athens (Грција), Коларац (Србија), Софиска Филхармонија (Бугарија), Bayerisch Staatsoper Muenich (Германија), Wroclaw Philharmonic (Полска), Kemal Resit Rey Concert Hall (Турција), Beijing Concert Hall (Кина) итн.;

на еминентни фестивали, како Денови на македонската музика, Скопско лето, Охридско лето (Македонија), Интернационална трибина на композитори (Србија), KotorArt Festival (Црна Гора), SONOR: DIALOGUE OF CULTURES (Азербејџан), TWO DAYS AND TWO NIGHTS OF NEW MUSIC (Украина), CERVANTINO FESTIVAL (Мексико), SPAZIOMUSICA FESTIVAL (Италија), MUSIC HARVEST (Данска), DANSSTATIONEN (Шведска), SARAEVO FILM FEST (Босна и Херцеговина), BERLIN FILM FESTIVAL (Германија), WEEK OF CONTEMPORARY MUSIC (Романија), FESTIVAL DER KUENSTE (Швајцарија), CONVERGENCE Festival (Ерменија- Грузија), KLARA FESTIVAL- International Brussels Music Festival (Белгија), INTERNATIONALE STUDIENWOCHE FÜR ZEITGENÖSSISCHE MUSIK (Германија), VU2 symposium- 2017, Сити Парк, Јута (САД), Bienale Venezia, OSTEN Paviglion (Италија), CHINA CEEC Cultural Season (Кина), RE:NOVAE MUSICAE (Бугарија), MARIBOR FESTIVAL (Словенија), BITEF (Србија) итн.

Композициите на кандидатката се објавени на CD-а во Швајцарија, Босна и Херцеговина, Италија, Македонија, Србија и Црна Гора, Германија, веќе постојат и како дигитални изданија, а издадени во печатена форма од Nuova Stradivarius – Италија, Sordino – Швајцарија, Сојуз на композиторите на Македонија – Македонија.

Лауреат е на меѓународни и домашни конкурси за композиција, филм и театар, вклучувајќи ги наградите од конкурсите на pre-art, Швајцарија, Музичка младина на Македонија и Град Цирих, Швајцарија. Нејзините филмови биле номинирани и наградени на фестивали како Сараевски филмски фестивал, Берлински филмски фестивал, Бриџ филмски фестивал,

театарските претстави номинирани на МЕСС фестивал – Сараево, Босна и Херцеговина, Војдан Чернодрински – Прилеп, Македонија, Јоаким Вујиќ – Србија и други.

Нејзиното дело *Book of the Devil Valley Master* за соло удиралки и фиксен медиум е дел од задолжителната програма за перкусионисти на Конзерваториумот во Осака, Јапонија.

Истото дело е секоја година дел од предавањата *Writting for percussion на CalArts* во Лос Анџелес, Калифорнија, каде што предавал и Џон Кејџ. Композицијата *Liquid-crystal* е дел од антологијата за електронска музика во Јута, САД, Selected Proceedings.

Избрана е меѓу најдобрите шест млади и актуелни композитори во Европа за проектот *MusMA- Music Masters on Air 2013/14*, кој опфаќа 15 фестивали и 40 радиостаници во Европа.

Добитник е на наградата „Виртуоз“, 2013, за најдобар композитор во Македонија.

Номинирана е за наградата „Виртуоз“, 2014, за најдобар композитор во Македонија.

Добитник е на наградата „Истакнат уметник на Град Цирих – Композитор“ за 2014/2015.

Добитник е на наградата „Виртуоз“, 2015, за најдобар композитор во Македонија.

Претставник е на Македонија за CEEC 16+1 за 2016 – 2017 и 2018 – 2021.

Добитник е на наградата „Панче Пешев“, 2018, која Сојузот на композитори на Македонија ја доделува за највисоко достигнување од областа на музичкото творештво.

Како редовен член на Сојузот на композиторите на Македонија, кандидатката е и уметнички раководител на фестивалот „Денови на македонската музика“ за 2019 – 2021, а била на истата позиција и во периодот 2013 – 2015.

Работи на Факултетот за музичка уметност во Скопје од 2002 година, прво како демонстратор по предметите Музички форми со анализа и Хармонска анализа, понатаму како помлад, а и како асистент за истите предмети. Во 2010 година е избрана во звањето доцент, а од 2015 година работи како вонреден професор. Освен на ФМУ, кандидатката е ангажирана со предавања за предметот Применета музика при Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Активно се служи со македонски јазик (мајчин), српски/хрватски, англиски, германски и бугарски јазик, додека пасивно ги познава францускиот, шпанскиот, италијанскиот, рускиот, чешкиот, холандскиот и словачкиот јазик.

Разноликото музичко творештво на вонр. проф. м-р Дарија Андовска опфаќа над стотина композиции, а од минатиот избор во звањето вонреден професор во 2015 до денешен ден во нејзиниот опус се впишуваат и: "Klaenge der Heimat”, циклус за баритон и пијано, базиран на македонски народни песни - 2020, “FairVent”, за гудачки оркестар, удиралки и фиксен медиум - 2019, “Pillowman”, музика за театарска претстава, режирана од Јане Спасиќ, Драмски театар - 2019, “Eye of the Storm”, за камерен ансамбл на кинески традиционални инструменти - 2019, “Aether” - мултимедијален танцов перформанс- 2019, “Placid”, за виолина, виола и пијано - 2019, “Човек- кафез”, музика за танцов театар - 2018, “System manipulation” - танцов перформанс во кореографија на Елена Антонова Петровиќ на музика од Дарија Андовска (Anat, Go Deep, Sunday)- 2018, “Go Deep”, за фиксен медиум - 2018, „Еднаш свет изградив...”, музика за театарска претстава, режирана од Јане Спасиќ, Театар за деца и младинци - 2018, "Heavenly Questions" за Forbiden City Chamber Orchestra, камерен ансамбл на кинески традиционални инструменти- 2017, "Intervowen", за кинески традиционален симфониски оркестар (прва награда на интерниот натпревар на композиторите од CEEC 16+1 2016/2017 во НР Кина)- 2017, "Monday. Sunday" - музика за краток филм во режија на Бојан Тантуровски- 2016, “Вистинии”, музика за краток филм на режисерката Тамара Котевска, номинирана за Оскар во 2020- 2016, "Apoptosis- a brief history of small deaths" - за фиксен медиум (добитник на прва награда од Министерство за култура), 2016, "Look back in anger" музика за театарска претстава, режирана од Кристина Димитровска, Театар „Војдан Чернодрински“ - 2016, "ThERanatOS" - мултимедијално дело за голем симфониски оркестар, фиксен медиум, видео, кореографија, сценографија (добитник на прва награда на конкурсот од Министерство за култура) - 2015, "Small Album for Big Dreamers- from 7 to 77" за пијано соло- 2015, "Liquid- Crystal", за фиксен медиум (добитник на прва награда на конкурсот од Министерство за култура) - 2015, "Gde je nestao Harms"- музика за театарска претстава, режирана од Ангелчо Илиевски, Нишко народно позориште - 2015.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1108 од 1.10.2015 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**[1]. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за музичка уметност, кандидатката вонр. проф. м-р Дарија Андовска изведува настава на прв и втор циклус студии по предмети од областите композиција, хармонија со анализа и музички форми со анализа: Композиција, Музички форми со анализа, Основи на музичките форми со анализа, Аудиовизија, Применета музика, Оркестрација, Аналитичка хармонија, како и по главниот предмет Композиција на втор циклус студии. Кандидатката била ментор на 3 дипломски и 3 магистерски труда. Нејзините студенти по композиција се добитници на бројни награди на конкурси во Македонија, регионално и во Европа.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 3 дипломски и на 3 магистерски труда.

**Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност**

**2015:**

- јануари - портрет полуконцерт во Rigoblick Theater, Цирих, Швајцарија, изведба на композициите “Zugzwang“ за виолина, удиралки, пијано и фиксен медиум (Tzara ensemble), “Book of the Devil Valley Master” за соло удиралки и фиксен медиум (Sebastian Hofmann), “Eudynia” за четвртонска хармоника (Srdjan Vukašinović);
- април - премиера на композицијата “Книга на тајни“, за камерен ансамбл и фиксен медиум, добитник на првата награда на конкурсот од Министерство за култура на Р Македонија, во изведба на ансамбл ConTempora, диригент: Сашо Татарчевски на ДММ 2015;
- мај - премиера на претставата „Где је нестао Хармс“, Нишко народно позориште, Србија, во режија на Ангелчо Илиевски, музика: Дарија Андовска;
- мај - концерт на Ивана Мазнејкова, изведба на „Хумореска“ за соло пијано;
- мај - изведба на „DOrMIrNO” за флејта, кларинет и пијано, ансамбл Contempora, Лиеж, Белгија;
- мај - изведба на „DOrMIrNO” за флејта, кларинет и пијано, ансамбл Contempora, Монс, Белгија;
- септември - Изведба на „DOrMIrNO” за флејта, кларинет и пијано, Construction Site Ensemble, 24. International Review of Composers Festival, Белград, Србија.

2016:

- март - гостување на претставата „Где је нестао Хармс“, Нишко народно позориште, Србија, во режија на Ангелчо Илиевски, музика: Дарија Андовска во Македонски народен театар, Скопје;
- април - премиера на композицијата “LIQUID-CRYSTAL”, за фиксен медиум на ДММ 2016;
- април - премиера на претставата „Сонети“ (според сонетите на В. Шекспир), Народен театар Битола, во режија на Ангелчо Илиевски, музика: Дарија Андовска;
- април - премиера на краткиот игран филм „Вистини“ во режија на номинираната за оскар Тамара Котевска на Скопски филмски фестивал, музика: Дарија Андовска;
- мај - премиера на претставата „Обзирни се во гнев“, Театар „Војдан Чернодрински“, Прилеп, во режија на Кристина Димитрова, музика: Дарија Андовска;
- август - прикажување на претставата „Сонети“ (според сонетите на В. Шекспир), Народен театар Битола, во режија на Ангелчо Илиевски, музика: Дарија Андовска, Охридско лето;

- септември - изведба на композицијата „LIQUID-CRYSTAL”, за фиксен медиум на Струшка музичка есен, Струга.

2017:

- февруари - прикажување на краткиот филм “If You Need Me”, на International Short Film Festival во Клермон, Франција, коавтор на сценарио, корежисер и автор на музика: Дарија Андовска;
- април - премиера на композицијата „Apoptosis- a Brief History of Small Deaths”, за фиксен медиум, добитник на првата награда на конкурсот за музички дела на Министерството за култура на РМ, со кореографија на Елена Антонова Петровиќ, ДММ 2017;
- мај - премиера перформанс Reconte Moi на композицијата „Calypso” за флејта, бас кларинет, вибрафон и пијано во Венеција, Италија;
- јули - изведба на композицијата „LIQUID-CRYSTAL”, за фиксен медиум на VU2 Symposium, Јута, САД;
- јули - премиера на мултимедијална ревија на новата колекција на дизајнерката Ирина Тошева, музика од Дарија Андовска;
- септември - премиера на „Intervowen” за голем симфониски оркестар со кинески традиционални инстурменти на интернационалниот форум CEEC 16+ 1 во Хангџоу, НР Кина
- септември - изведба на „Intervowen”, за голем симфониски оркестар со кинески традиционални инстурменти на Конзерваториумот за музика „ Жежијанг“, НР Кина;
- октомври - изведба на квартетот „Илуминации“, ансамбл „Метаморфозис“, на 26. International Review of Composers, Белград, Србија;
- октомври - премиера на композицијата „Heavenly Questions”, за камерен ансамбл со кинески традиционални инструменти, во изведба на Forbidden City Chamber Orchestra, Пекинг, НР Кина;
- октомври - изведба на „После дождот“, циклус за пијано, RE:Novae Musicae Festival, концерт со назив „Жени во црно и бело - жени во музиката кои треба да ги знаете“, Софиска филхармонија, Софија, Бугарија;
- ноември - изведба на „Zugzwang”, за виолина, удиралки, пијано и фиксен медиум, Ergon Ensemble, Balkan Project: Women in music, Сала Мегарон, Атина, Грција;
- декември - мултимедијален коавторски концерт, изведба на композициите Zugzwang”, за виолина, удиралки, пијано и фиксен медиум (Марија Вршкова, Владимир Костов, Влатко Нушев), “Book of the Devil Valley Master”, за соло удиралки и фиксен медиум (Влатко Нушев), „Apoptosis- a Brief History of Small Deaths”, за фиксен медиум, во кореографија на Елена Антонова Петровиќ, „ThERanaOS- part 4- Operation System”, за видео и фиксен медиум (видео: Мартин Иванов).

2018:

- март - изведба на„Apoptosis- a Brief History of Small Deaths” за фиксен медиум, во кореографија на Елена Антонова Петровиќ, Women Scream Festival, Скопје;
- март - изведба на „Молитва“ за глас и пијано, Ивана Стојковска, Тамара Коминовска, ДММ 2018;
- март - композицијата „LIQUID-CRYSTAL” за фиксен медиум избрана за антологијата Selected Proceedings VU Symposium, University of Utah Marriot Publishing, Јута, САД;
- март - премиера на ThERanatOS- 1-2-3-4 за видео и фиксен медиум (40 мин), автор на видео Мартин Иванов, ДММ 2018;
- март - премиера на претставата „Еднаш свет изградив“, Театар за деца и младинци, Скопје, режија: Јане Спасиќ, автор на музика: Дарија Андовска;
- јуни - изведба на фестивалот Војдан Чернодрински, Прилеп на претставата „Еднаш свет изградив“, Театар за деца и младинци, Скопје, режија Јане Спасиќ, автор на музика Дарија Андовска

- јуни - премиера на балетскиот перформанс „Систем манипулација“, кореограф: Елена Антонова Петровиќ, на композициите „Anat”, “Go Deep” и “Sunday” за фиксен медиум од Дарија Андовска;
- декември - изведба на “Book of the Devil Valley Master”, за соло удиралки и фиксен медиум на концертот ADVENT на Антоние Весковски;
- декември - премиера на танцов-театарски перформанс „Човек-кафез“, автори: Александра Кочовска-Начева и Борче Начев, автор на музика: Дарија Андовска.

2019:

- март - целовечерен авторски мултимедијален концерт-портрет, изведба на композициите LIDUID-CRYSTAL, ThERanatOS- Time Hold, Apoptosis- A Brief History of Small Deaths, ThERanatOS- Emergency Room, ThERanatOS- Operating System, Go Deep за фиксен медиум и видео (автор на сите видеа: Мартин Иванов), во Сент Џулиен, Малта;
- март - изведба на Go Deep за фиксен медиум, во кореографија на Ивана Балабанова на Women Scream Festival, Скопје;
- мај - премиера на „Човек-перница“ во Драмски театар – Скопје, режија: Јане Спасиќ, автор на музика: Дарија Андовска;
- јуни - премиера на „New...” кореографија на Елена Антонова Петровиќ на композициите „DOrMIrNO” и “Calypso” од Дарија Андовска;
- јуни - премиера на мултимедијален интерактивен перформанс “ЕТЕР“ (40 мин), кореографија и изведба Ивана Балабанова, музика Дарија Андовска, свечено отворање на интернационалниот дел на фестивалот Beatrix Dance League, Скопје;
- јули - премиера на композицијата „FairVent” за гудачки оркестар, удиралки и фиксен медиум, изведба на No Borders Orchestra, проект B- Matinee, диригент: Премил Петровиќ, фестивал КоторАрт 2019, Црна Гора;
- јули - B- Matinee турнеја на композицијата „FairVent” за гудачки оркестар, удиралки и фиксен медиум, изведба на No Borders Orchestra, диригент Премил Петровиќ, Призрен, Косово
- август - B- Matinee турнеја на композицијата „FairVent” за гудачки оркестар, удиралки и фиксен медиум, изведба на No Borders Orchestra, диригент: Премил Петровиќ, Сараево, Босна и Херцеговина;
- септември- B- Matinee турнеја на композицијата „FairVent” за гудачки оркестар, удиралки и фиксен медиум, изведба на No Borders Orchestra, диригент: Премил Петровиќ, Maribor Festival 2019, Словенија;
- септември - B- Matinee турнеја на композицијата „FairVent” за гудачки оркестар, удиралки и фиксен медиум, изведба на No Borders Orchestra, диригент: Премил Петровиќ, БИТЕФ Фестивал, Белград, Србија;
- септември - B- Matinee турнеја на композицијата „FairVent” за гудачки оркестар, удиралки и фиксен медиум, изведба на No Borders Orchestra, диригент: Премил Петровиќ, Загреб, Хрватска;
- септември - B- Matinee турнеја на композицијата „FairVent” за гудачки оркестар, удиралки и фиксен медиум, изведба на No Borders Orchestra, диригент: Премил Петровиќ, Club Berghain, Берлин, Германија;
- октомври - Премиера на видео за творештвото на Мице Јанкуловски, добитник на наградата за животно дело на Биеналето во Фиренца, Италија, на композицијата „Калипсо“ од Дарија Андовска;
- октомври- Премиерна изведба на „Стариот часовник“ од „Мал албум за големи сонувачи од 7 до 77“ за соло пијано на Пијано Маратонот – Прилеп;
- ноември - изведба на „Илуминации“ за гудачки квартет, концерт Македонска музичка младина, диригент Ангел Спироски, Скопје, Македонија
- ноември - изведба на „Илуминации“ за гудачки квартет, концерт Македонска музичка младина, диригент Ангел Спироски, Софија, Бугарија.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

- 2015 - предавање „Бирање средства- Техники на аудиовизуелна манипулација“ во Слободна зона, УКИМ;
- 2016 - предавање „Семантика на употреба на визуелни и аудитивни бои и форми во филм“, ДАМЛА 2016, ФДУ;
- 2016 - Конференција Струшка музичка есен, „Гоце Коларовски како наставник по композиција“;
- 2018 - Студентска музичка пролет 2018 на ФОН, Студентска дебата „Музиката во современите општества“;
- 2019 - предавање „Функцијата композитор во театар“, International Theater Institut, Скопје;
- 2019 - Студентска музичка пролет 2019 на ФОН, Студентска дебата „Улогата на музиката во формирањето естетски ставови“.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Дарија Андовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Дарија Андовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во областите: музички форми со анализа (60907), хармонија и полифонија со анализа (60908) и диригирање и композиција (композиција) (60909).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, м-р Дарија Андовска да биде избрана во звањето редовен професор во областите: музички форми со анализа (60907), хармонија и полифонија со анализа (60908) и диригирање и композиција (композиција) (60909).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. Стојан Стојков, с.р.**
**Проф. Живоин Глишиќ, с.р.**
**Проф. м-р Сашо Татарчевски, с.р.**

**Дарија Андовска**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОТ НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ**

| | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1. | За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус | да |
| 2. | Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на култрата и уметноста во и надвор од земјата (да се наведат/опишат)* | да |
| 3. | Има способност за наставна работа | да |

*Во прилог како додаток на биографија

**Образец 2**
**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| | | |
|---|---|---|
| Одржување на настава | | |
| - од прв циклус студии | 0.04 | 110.4 |
| - од втор циклус студии | 0.05 | 16.8 |
| - од трет циклус студии | 0.06 | / |
| Консултации со студенти5 | 0.002 | 1.2 |
| Ментор на дипломска работа | 0.2 | 0.6 |
| | | Вкупно: 129 |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | | |
|---|---|---|
| Ментор на магистерски труд | 2 | 6 |
| | | Вкупно: 6 |

СТРУЧНО- УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| | | |
|---|---|---|
| - Создадено и изведено симфониско дело, балет, опера; дело за солист и симфониски оркестар; дело за хор и симфониски оркестар; **<br>- Издадено ЦД или друг носач на звук;<br>-Авторство/продукција на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од голем формат; авторско учество/коавторство/извршна продукција на аудиовизуелно дело од монументален формат; | 8 | 32 |

| | | |
|---|---|---|
| **-Создадено и изведено камерно дело, создадено и изведено дело за Биг бенд**;** | 6 | 42 |
| -Создадено и изведено дело за соло инструмент или за вокал; **<br>- Создадена применета музика;<br>- Создадено неизведено симфониско дело балет, опера; дело за солист и симфониски оркестар; дело за хор и симфониски оркестар;<br>- Авторство/извршна продукција/маркетинг на сценско-уметничко или аудиовизуелно дело од мал формат;<br>авторско учество/коавторство на аудиовизуелно дело од среден формат; | 4 | 84 |
| - Создадено неизведено камерно дело; создадено неизведено дело за Биг бенд; | 3 | 6 |
| | | Вкупно: 164 |

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| | | |
|---|---|---|
| Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир | 0.5 | 0.5 |
| Награда за уметнички постигнувања од струкова организација<br>- самостоен | 3 | 3 |
| Член на управен одбор на здружение поврзано со струката | 0.3 | 0.3 |
| | | Вкупно: 3.8 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТКАТА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **135** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **167,8** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **Вкупно** | **302,8** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. Стојан Стојков, с.р.**
**Проф. Живоин Глишиќ, с.р.**
**Проф. м-р Сашо Татарчевски, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ „ВОВЕД ВО АРХЕОЛОГИЈА“ ОД АВТОРОТ АНТОНИО ЈАКИМОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на XXXIII, бр. 13-1125/4, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Вовед во археологија“ од авторот Антонио Јакимовски, наменет за студентите на Историја на уметноста и археологија -Археологија (назив на единицата), за предметот Вовед во археологија, избрани се Виктор Лилчиќ Адамс и Марјан Јованов.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### VIII. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

<table>
<tr><td>Назив на ракописот:</td><td colspan="2">Вовед во археологија</td></tr>
<tr><td>Назив на предметната програма:</td><td colspan="2">Историја на уметноста и археологија – Археологија</td></tr>
<tr><td>Назив на студиската програма:</td><td colspan="2">Археологија</td></tr>
<tr><td>Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети):</td><td colspan="2">Вовед во археологија 4+2<br>Кредити 6</td></tr>
<tr><td colspan="3">Предметот Вовед во археологија на Филозофскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 4+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во првиот семестар.</td></tr>
<tr><td>Реден број на изданието:</td><td colspan="2">прво издание</td></tr>
<tr><td>Општи податоци за ракописот:</td><td colspan="2">Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 150 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во седум поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 100 слики и 4 табели.</td></tr>
</table>

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Виктор Лилчиќ Адамс, с.р.**
**Проф. д-р Марјан Јованов, с.р.**

## IX. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ВИКТОР ЛИЛЧИЌ АДАМС

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Започнувајќи со дефиницијата и проблематиката која ја проучува археологијата и нејзиниот развој од колекционерство до егзактна наука се добиваат основните знаења за значењето на археологијата во глобални рамки.<br>Потоа следуваат видовите археологија поделени според областа која ја проучуваат, темата, географските (територијални) карактеристики, како и според хронолошките рамки.<br>Преку сродните науки, како и според други кои се од голема помош и неопходни при археолошките истражувања, се објаснува начинот и методологијата на истражувањата, како и формирањето на една екипа која работи на теренски археолошки ископувања, како и екипата која работи во кабинетски услови.<br>Хронологијата, односно временската поделеност на периодите во археологијата е претставена преку основната поделба на праисторијата, антиката и средниот век, поделени во потпериодите, секој посебно, со најосновните карактеристики и временски рамки, започнувајќи од почетокот на човековото егзистирање сè до крајот на средниот век.<br>Преку методите на датирање, како што се: релативното датирање: (стратиграфија, типологија и вкрстеното датирање) и апсолутното датирање (датирање со помош на радиоактивен јаглерод Ц14, дендрохронологија, термолуминисценција, датирање со помош на аминокиселина, калиум-аргонов метод и датирање со помош на фисијски траги), освен објаснувањата на овие методи, дадени се и значењето и егзактноста на археологијата како наука.<br>Потоа се претставени видовите археолошки истражувања (рекогносцирање, пробни или контролни ископувања, заштитни или спасувачки истражувања, систематски и ревизиони истражувања), кои претставуваат теренски истражувања, а исто така и кабинетските истражувања кои претходат и следат на погоре споменатите истражувања.<br>Недеструктивните методи се претставени преку геомагнетните и геоелектричните снимања, како и снимањето со георадар, кои во поново време заземаат сè поголем замав при археолошките истражувања, секако и со најновите техники што се користат. |

| | |
|---|---|
| | За крај е потенцирано значењето и начинот на документирање и публикување на резултатите од археолошките истражувања, како и реконструкциите кои се и крајната цел на археологијата – истражување на човековото минато со цел негова реконструкција. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот е конципиран според програмата по која се изучува истоимениот предмет во првата студиска година на програмата на Катедрата за археологија и Катедрата за историја на уметност. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Лектура и техничко дообликување. |
| **Оцена на ракописот:** | Учебникот е производ произлезен од повеќегодишни предавања, заедно со наведената литература, како и преку големиот број на фотографии во голема мера ќе придонесе студентите во првата година од своите студии да се стекнат со потребните знаења. |
| **Категоризација:** | Универзитетски учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 150 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во седум поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 100 слики и 4 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Вовед во археологија, примарно наменет за студентите на Филозофскиот факултет.

Во Скопје, 6.7 2020 година

РЕЦЕНЗЕНТ
**Проф. д-р Виктор Лилчиќ Адамс, с.р.**

## IV. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р МАРЈАН ЈОВАНОВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Со оглед што оваа литература како за студентите, така и за останатите е особено ретка, печатењето на оваа книга има големо значење.<br>Содржината е поделена според програмата по која со децении се изучува предметот Вовед во археологија на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за археологија, а во кои се обработени најзначајните теми кои се однесуваат на основите на археологијата. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | „Вовед во археологија” е настаната како неминовна потреба за основното едуцирање на студентите од Институтот за историја на уметност и археологија. Конципирана е според програмата по која се изучува истоимениот предмет во првата студиска година на програмата на Катедрата за археологија и Катедрата за историја на уметност, како и на останатите студиски програми од листата на изборни предмети на УКИМ. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Лектура и техничко дообликување. |
| **Оцена на ракописот:** | Учебникот има за цел на студентите, но и на сите интересенти за археологијата, да им ги понуди основите на археологијата како наука, нејзините сродни науки, хронологијата, видовите археолошки истражувања, современите методи на истражување, методите на датирање и др. Со еден збор, оваа книга во многу сегменти ќе им помогне на читателите полесно да ја разберат археологијата и да се надградуваат во неа. |
| **Категоризација:** | Универзитетски учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 150 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во седум поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 100 слики и 4 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Вовед во археологија, примарно наменет за студентите на Филозофскиот факултет.

Во Скопје, 6.7 2020 година

**Рецензент**
**Проф. д-р Марјан Јованов, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА РАЗВОЈОТ НА ОДНОСИТЕ НАТО – ЕВРОПСКАТА УНИЈА ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА И НИВНАТА РЕФЛЕКСИЈА ВРЗ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД М-Р ЗОРАН ДАБИЌ, П Р И Ј А В Е Н А НА ИНСТИТУТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXИИИ редовна седница одржана на 1.7.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на м-р Зоран Дабиќ, пријавена на Институтот за безбедност, одбрана и мир, под наслов: РАЗВОЈОТ НА ОДНОСИТЕ НАТО – ЕВРОПСКАТА УНИЈА ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА И НИВНАТА РЕФЛЕКСИЈА ВРЗ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во следниов состав: проф. д-р Лидија Георгиева (ментор), проф. д-р Билјана Ванковска, проф. д-р Марина Митревска, проф. д-р Тони Милески и проф. д-р Зорица Салтировска.
Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, по прегледувањето на трудот, Комисијата има чест до Наставно-научниот совет да го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Анализа на трудот**

Докторската дисертација „Развојот на односите НАТО – Европската Унија од областа на безбедноста и нивната рефлексија врз Република Македонија” е изложена на 336 страници компјутерски обработен текст (фонт Георгиа, големина 12, проред 1,5). Текстот е поткрепен со 451 фуснота и 359 библиографски единици на англиски, германски и македонски јазик. Покрај апстрактот, воведот, кратенките употребени во трудот, листата на релевантни цитирани документи и библиографијата, текстот е организиран во 7 тематски поглавја (вкупно 13 поглавја), сите поделени на соодветен број потпоглавја.
Во првото поглавје од дисертацијата, *Апстракт*, се укажува на комплексноста на односите и соработката ЕУ – НАТО во сферата на безбедноста во услови на доминација на националните перцепции на земјите членки за загрозување на нивните национални и безбедносни интереси. Јакнењето на европскиот безбедносен идентитет преку интеграција станува основа за опстанокот на Европа и крстосница на наративот за „Европа, безбедност, интеграција и идентитет” каде што академскиот термин „безбедносен идентитет” добива политичко значење.
Во второто поглавје од дисертацијата, *Вовед*, елаборирани се: проблемот на истражувањето, предметот на истражувањето, хипотезата и истражувачките прашања, состојбата во научното поле, методолошкиот пристап, целта на трудот, временската рамка на истражувањето, можностите за натамошно развивање на соработката, стапицата на популизмот, заклучоците и препораките, а понудени се и пет можни сценарија за идниот развој на односите помеѓу ЕУ и НАТО (1. Глобална цивилна сила во воениот шинел на Вашингтон, 2. Химера, 3. Боаз и Јакин, 4. Поделба на работата и 5. Враќање во иднината), подетално разработени во седмото поглавје, како и рефлексијата на развојот на односите на овие две организации врз Македонија, повратниот симплифициран, дводимензионален пристап од македонска страна за нивната компатибилност и доминантниот фокус врз зачленувањето.
Во третото поглавје од дисертацијата се дава краток историски преглед на развојот на односите Европската Унија – НАТО преку разгледување на безбедносните предизвици со кои се соочуваат ЕУ (ЕЗ) и НАТО во времето на Студената војна и одговорите на тие предизвици. Формирањето на Бриселскиот пакт за безбедносна алијанса во 1948 година и на НАТО во 1949 година за кратко ја стави идејата за европска безбедност на своевиден двоен колосек, но НАТО, под клучно влијание на Соединетите Американски Држави, многу бргу се позиционираше како неприкосновен гарант на

безбедноста на Европа, сѐ до крајот на Студената војна. Во овој период се изготвени првите четири стратешки концепти на НАТО, преку кои кандидатот го опишува развојот на концепцијата за одбрана на Алијансата, од одвраќање на непријателот од напад и возвраќање со сите расположливи средства, преку заканата за употреба на нуклеарното оружје без ограничување, па сѐ до проширување на стратешката рамка на дејствување на НАТО и подемот на пошироките европски безбедносни институции, кога започнува вистинскиот развој на односите НАТО – Европската Унија кој неизбежно се рефлектираше и врз Република Македонија.

Во четвртото поглавје се елаборира периодот по завршувањето на Студената војна (1989 година), кога од интернационалната сцена заминува биполаризмот, а со тоа и заканите за нарушување на нуклеарниот баланс помеѓу двете супер сили, па сѐ до крајот на дваесеттиот век. Како резултат на намалувањето на веројатноста од непосредна агресија на Русија и растечката опасност од нестабилност во Источна Европа, во фокусот на стратешките планери се враќаат конвенционалните сили. Петиот и Шестиот стратешки концепт на НАТО, по прв пат отворени за јавноста (од 1991 и од 1999 година), кои ги промовираат дијалогот, соработката и ефективната колективна одбрана, поставија основи за соработка со поширок круг безбедносни актери и идентификација и справување со новите ризици, како на пр. етничките конфликти, злоупотребите на човековите права, тероризмот и др. Ова историски целосно се совпадна со јакнењето на свеста за развивање европски безбедносен идентитет и за воспоставување реална безбедносна соработка помеѓу разбудената ЕУ и НАТО (Дефенце Цапабилитиес Инитиативе, 1999 година). На истата линија беа и иницијативата на Ширак и Блер, претставена во Декларацијата од Сент Мало, за воспоставување една европска безбедносна и одбранбена политика која би вклучувала создавање на кредибилна европска воена сила и повиците на Јункер од 2016/2017 година за создавање европска армија, од една страна, како и јакнењето на политичката димензија на НАТО, а со тоа и јакнење на неговите партнерства низ светот, од друга страна.

Во петтото поглавје, кандидатот го обработува периодот на започнување на институционалната соработка помеѓу ЕУ и НАТО на преминот од 20 во 21 век и ги изложува конкретните чекори за подигање на нивото на соработка помеѓу двете организации, меѓу другото, преминувањето на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСДП) од Западноевропската унија (ЊЕУ) во Европската Унија (ЕУ), изборот на Хавиер Солана, претходно генерален секретар на НАТО, за висок претставник за Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ (ЦФСП) итн. Во 2002 година, во Декларацијата за Европска безбедносна и одбранбена политика (ЕСДП) веќе се поздравуваат „стратешкото партнерство помеѓу ЕУ и НАТО” базирано на споделени вредности и неделивоста на безбедноста. Со Лисабонскиот договор во 2009 година, ЕСДП се трансформираше во Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЦСДП), а безбедносната соработка меѓу ЕУ и НАТО се воспоставува на сите три нивоа – политичко, воено-стратешко и воено-оперативно.

Шестото поглавје од трудот го обработува зацрстувањето на соработката помеѓу ЕУ и НАТО на теренот во првата декада на 21 век и последното, досега најсериозно обврзување од страна на двете организации во 2016 година, со Декларацијата потпишана на Самитот на НАТО во Варшава од страна на претседателите на Европскиот совет, Европската комисија и генералниот секретар на Алијансата. Како централни активности, во докторскиот труд се посебно апострофирани двете мисии на ЕУ во рамките на иницијативата Берлин Плус - првата самостојна ЕУ-мисија во историјата, операцијата Цонцордиа во Република Македонија и операцијата Алтхеа во Босна и Херцеговина, која сѐ уште трае. Сепак, пречките за потесна безбедносна соработка помеѓу ЕУ и НАТО предизвикани од политичките разлики помеѓу Грција и Турција за статусот на Кипар, проблемите во развојот на заедничките способности, борбата против тероризмот, сајбер-безбедноста и хибридните закани, како и различните гледишта околу одбранбено- индустриска соработка, не дозволија ЕУ да го издигне ЦСДП во преферирани инструмент за поамбициозни воени операции. Ниту

борбените групи на ЕУ, кои се денес значително спуштени на листата на приоритети на ЕУ, не го потврдија ваквиот статус на ЦСДП. Со усвојувањето на Европската безбедносна стратегија (ЕСС) во 2003 година, територијалната заштита на ЕУ падна повторно на товар на националните земји членки и на НАТО, додека за ЕУ се предвиде само можност да игра дополнителна улога. Дури враќањето на Франција во интегрираната воено- командна структура на НАТО во 2009 година придонесе за подобро разјаснување на поделбата на трудот помеѓу ЕУ и НАТО.

Седмиот, засега последен Стратешки концепт на НАТО од 2010 година, најави дека ќе ја отвори следната фаза на еволуцијата на Алијансата, за таа да остане ефективна и релевантна во светот што се менува. Трите основни задачи на тој пат остануваат: колективната одбрана, справувањето со кризи и колективната безбедност.
Кандидатот посочува на Руско-грузиската војна во 2008 година, а особено на Руската анексија на Крим во 2014 година, како пресвртница во соработката помеѓу ЕУ и НАТО. Како реакција на руската агресија, се зголеми решителноста за зајакнување на способностите и кај двете организации. Во насока на јакнење на своите занемарени воени способности, НАТО на самитите во Велс, 2014 и Варшава, 2016 година побара од своите членки значително зајакнување на намалените издвојувања за одбрана, со тоа што тие до 2024 година би надминале 2 % од нивниот бруто национален производ (БНП). Европската комисија, пак, од своја страна, исто така, се активираше на полето на одбраната, вложувајќи големи напори за развивање на европската одбранбена индустрија и одбранбените остражувања. Во таа насока, формиран е Европски одбранбен фонд (ЕДФ), а дополнително Комисијата планира да олеснува реализација на заеднички проекти на земји членки преку нивно анимирање и охрабрување да издвојуваат 5 милијарди евра на годишно ниво. Голем исчекор напред за ЕУ кон сопствената внатрешна интеграција претставува воведувањето на т.н. перманентна структурирана соработка (ПЕСЦО), што го има добиено заслуженото место во овој докторски труд. Обединувањето на напорите на ЕУ и НАТО резултираше со трипартитна декларација, потпишана од Туск, Јункер и Столтенберг во 2016 година, со која, како што укажува авторот, започнува нова ера во безбедносната соработка на овие две организации.
Во седмото поглавје се разгледуваат досегашните активности за соработка на НАТО со партнерски држави во неколку различни случаи и се оценуваат пет можни сценарија за натамошниот развој на односите помеѓу ЕУ и НАТО во областа на безбедноста: глобална цивилна воена сила во воениот шинел на Вашингтон?; Химера; Боаз и Јакин; поделба на работата; враќање во иднината.

Осмото поглавје е посветено на интеракцијата помеѓу ЕУ и НАТО *вис-а-вис* Република Македонија од првите денови на нејзината независност, во периодот на НАТО-интервенцијата врз поранешна Југославија. Посебно се нагласува големиот исчекор што Република Македонија го направи во однос на останатите земји кандидати за членство во Алијансата преку градењето на практичната соработка со НАТО на терен и учеството на Македонската армија во повеќе меѓународни воени мисии во светот.
Во деветтото поглавје на докторската дисертација, кандидатот ги сублимира заклучоците од анализата во претходните поглавја. Тие се синтетизиран преглед на наодите кои кандидатот ги анализирал во секое поглавје поединечно.
Во десеттото поглавје се наведени настани од историјата на соработката помеѓу ЕУ и НАТО.

Во единаесеттото поглавје од дисертацијата е приложена листа на кратенки што се користени во докторската дисертација „Развојот на односите НАТО – Европската Унија и нивната рефлексија врз Република Македонија”.
Во дванаесеттото поглавје од дисертацијата е даден преглед на релевантните цитирани документи што биле предмет на истражување во докторската дисертација.

Во тринаесеттото поглавје од дисертацијата е даден прегледот на библиографијата на дисертацијата „Развојот на односите НАТО – Европската Унија и нивната рефлексија врз Република Македонија”.

**2. Предмет на истражување**

Предметот на истражување на докторската дисертација е безбедносната соработка помеѓу ЕУ и НАТО како два меѓународни актера кои се партнери во областа на меѓународната безбедност, но се разликуваат според низа карактеристики на меѓународните безбедносни институции. Преку анализа на историската, политичката и безбедносната димензија и развојот на односите ЕУ – НАТО. Врз основа на 70-годишната историја на овие две организации, кои во континуитет ги преиспитуваат и г и редефинираат
меѓусебните односи, се поставува прашањето за можностите и начините за ефективна соработка и заедничко успешно справување со безбедносните предизвици помеѓу овие две целосно различни организации.

Истражувањето, во кое се прекршуваат реалистичната, односно неореалистичната и либерално-институционалната теорија, предметот на истражување ги опфаќа следниве прашања:

- На кој начин ЕУ и НАТО мислат да ги засилат капацитетите и да ја преземат одговорноста за мирот и безбедноста, но и за благосостојбата на своите граѓани?
- Како во практика се одвива соработката на терен помеѓу овие два актера во безбедноста, пред сè надвор од нивните области (оут оф ареа)?
- Какви објективни и субјективни пречки, но и можности стојат на патот кон посуштинска соработка помеѓу ЕУ и НАТО?
- Кои се клучните области што имаат перспектива за развој, во кои треба да се инвестира во развојот на соработката?
- Кои се можните сценарија за натамошното поставување на ЕУ и НАТО, вклучително поделбата на трудот, развојот на способностите и споделувањето на чувствителните информации?
- Што би можело да биде катализатор за градење на меѓусебната доверба и надминување на суетите и желбите за интерна меѓусебна доминација?
- Како влијае асиметричната улога на САД, која е членка само на НАТО?

**3. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Кандидатот ги соочува гледиштата на неореалистите (Мирсхајмер, еден од најпознатите неореалисти кон крајот на дваесеттиот век) и институционалистите (Фукујама), домашните тоеретичари (Георгиева) и релевантни политичари (Шефер, поранешен генерален секретар на Алијансата) во обид да ги извлече есенцијата на можното и постулатите на реалното за иднината на соработката помеѓу двете организации.

Македонската научна и критичка мисла во помала мера се занимавале со развојот и премрежијата на односите помеѓу НАТО и Заедничката надворешна и безбедносна политика, односно Заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ, освен во делот на процесот на нашето пристапување и исполнување на неопходните критериуми за членство. Нашето членство во НАТО и претстојното започнување на пристапните преговори за членство во ЕУ поставуваат сериозни предизвици во поглед на приспособувањето на нашата безбедносна и надворешна политика со оние на ЕУ и сеопфатниот пристап на НАТО. Од позиција на земја сојузник, нè очекува едно поинакво, далеку поширoко учество во глобалните безбедносни теми кои неизбежно ќе станат предмет на нашата подетална опсервација во иднина.

Овој труд, меѓу другото, има за цел да се обиде да фрли нова светлина и критички дискурс на споменатите теми и да ја поттикне научната мисла во земјата да размислува посеопфатно, од позиција на земја членка на НАТО.

## 4. Краток опис на резултатите од истражувањето

Овој докторски труд тргнува од хипотезата дека ЕУ и НАТО требаат, можат и ќе дојдат до многу поинтензивна безбедносна соработка. Таквата констелација на меѓусебните односи позитивно ќе влијае врз процесот на проширувањето во двете организации. Како што се вели во трудот, „реализацијата на политичките интереси на земјите членки на ЕУ и НАТО за ширењето на зоната на безбедност и постигнување на дамнешната заложба за Европа, целовита, слободна и во мир е извесна”. Од овде непосредно се извлекува значењето на зајакнувањето на соработката помеѓу ЕУ и НАТО за процесот на пристапување на нашата држава кон Европската Унија.
Двата најголеми актуелни безбедносни предизвика по иднината на ЕУ и НАТО се хибридните закани и неопходноста од зајакнувањето на одбранбените способности на земјите членки. Парадоксално, токму тие два предизвика нудат и најголеми можности и поттик за суштинско унапредување на соработката помеѓу ЕУ и НАТО и надминување на заемната недоверба.
Што се однесува до хибридните закани, полека, но сигурно се гради заедничко разбирање за потребата од активни контрамерки и подобрена еластична отпорност кон штетното влијание на хибридните закани од надворешни актери. Ова разбирање допрва треба да се преточи во јасна и ефективна заедничка стратегија на дејствување.
Развојот на сопствените способности, и покрај гласните заложби уште од создавањето на Заеденичката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ, сѐ уште нема дадено впечатливи резултати, пред сѐ поради разликата во диоптриите помеѓу националните преференци на земјите членки. Фрагментирањето на европските одбранбени способности, што се јавува како резултат на тешкотиите во хармонизирањето на националните активности, продолжува да ги поткопува и ЕУ и НАТО и двете организации ќе треба да имаат доволно креативност и решителност да најдат решение за ваквата „квадратура на кругот”.
Со право, во трудот се констатира дека популизмот е уште една од опасностите во развојот на земјите на ЕУ, а со тоа и врз нејзината безбедносна соработка со НАТО. Не е без основа уверувањето дека бриселската елита е посветена на проектот на политичка унификација на ЕУ многу посилно, отколку што интересите и амбициите на националните конституенци и даваат солидна подлога за тоа.

## 5. Оцена на трудот

Докторската дисертација „Развојот на односите НАТО – Европската Унија од областа на безбедноста и нивната рефлексија врз Република Македонија” претставува квалитативно истражување на еден процес наречен соработка, кој од теориски, но и од истражувачки аспект, делумно е запоставен, наспроти процесот на натпревар помеѓу државите и алијансите за постигнување безбедност (цомпетитион в.с. цооператион). Кандидатот заклучува дека покрај тоа што процесот и интензитетот на соработка влијаат врз ефикасноста на ЕУ и НАТО, тие влијаат и врз кандидатските држави, како што беше Република Македонија, но и врз нивната стабилност. Анализата на процесот на соработка помеѓу НАТО и ЕУ како на две безбедносни заедници кои располагаат со различен вид на моќ е претставена низ анализа на содржина на клучните стратегиски документи на НАТО и ЕУ. Во таа насока се заклучува дека сојузништвото, сепак, се потпира и на двата процеса, односно на соработка, но и на натпревар за безбедност. Освен реализмот и неореализмот кои се елаборирани низ историски преглед и анализа на развојот на безбедносната соработка, кандидатот го надградува теорискиот пристап и ја анализира постстуденовоената соработка низ призма на институционализмот. Може да се констатира дека во овој дел од анализата е вграден и научниот придонес на трудот, односно потврдата на претпоставката дека моќта и силата не се доволни за ефикасна безбедносна соработка, додека степенот на институционална поврзаност е значаен фактор кон подобра соработка. Во оваа смисла, институционализацијата на процесот на соработка се смета за клучен фактор кој во

рамките на НАТО дури претпоставува ограничување на суверенитетот на членките, а во рамките на ЕУ, фокусирање на меката моќ ЗБОП.
Во однос на безбедносната соработка помеѓу НАТО и ЕУ и нејзиното влијание врз Република Македонија, анализата е базирана на процесот на развој на партнерството помеѓу актерите. Во овој дел од анализата се покажува дека партнерството не е процес кој овозможува целосна соработка на различни оперативни нивоа. Дури интеграцијата овозможува поголемо ниво на соработка и влијание врз процесите на реформи, интероперативност и градење на капацитети за заедничка безбедност. Оттука, интензивирањето на соработката може да се реализира преку процесот на најзина институционализација и вклучување во процесите на управување и одлучување.

**6. Заклучок и предлог**

По исцрпната анализа на текстот на докторската дисертација на кандидатот м-р Зоран Дабиќ со наслов: РАЗВОЈОТ НА ОДНОСИТЕ НАТО – ЕВРОПСКАТА УНИЈА ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА И НИВНАТА РЕФЛЕКСИЈА ВРЗ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Комисијата оцени дека докторскиот труд е сеопфатна анализа на концептот на безбедносна соработка на меѓународните безбедносни актери и на влијанието на овој процес врз Република Македонија. Кандидатот користи актуелни и бројни примарни и секундарни извори, богата библиографија, а текстот го поткрепил и со значаен број на референци. Докторскиот труд е концизен и јасен, а заклучоците се базирани на логична анализа и аргументи. Од теоретски аспект, докторскиот труд е заснован на теоријата за меѓународни безбедносни студии и критичка анализа на соодветни документи и практика на институциите. Од методолошки аспект, кандидатот користи анализа на содржина на документи и врз основа на теорискиот и методолошкиот пристап извлекува јасни заклучоци и дава насоки за натамошни истражувања. Врз основа на севкупната анализа и оценка на докторскиот труд, Комисијата смета дека тој ги исполнува критериумите и стандардите на солидно изработена докторска дисертација во согласност со актите на УКИМ и Филозофскиот факултет. Затоа, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната рецензија и да овозможи јавна одбрана на докторскиот труд.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Ванковска, с.р.**
**Проф. д-р Марина Митревска, с.р.**
**Проф. д-р Тони Милески, с.р.**
**Проф. д-р Зорица Салтировска, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КЛИНИЧКА ВАЛИДАЦИЈА НА ФОНЕТСКИ БАЛАНСИРАНИ ЛИМИНАРНИ И СУПРАЛИМИНАРНИ ТЕСТОВИ ЗА ПРОЦЕНА НА ИНТЕЛИГИБИЛНОСТА НА ГОВОРОТ“ ОД М-Р ЛИДИЈА РИСТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, ИНСТИТУТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), а по предлог на Советот на студиската програма за трет циклус –докторски студии по дефектологија, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXIV седница одржана на 9.IX 2020 година, донесе Одлука бр. 10-1301/3 за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката **м-р Лидија Ристовска** со наслов: **Клиничка валидација на фонетски балансирани лиминарни и супралиминарни тестови за процена на интелигибилноста на говорот**, во состав: проф. д-р Јасмина Ковачевиќ, проф. д-р Зора Јачова, проф. д-р Владимир Трајковски, проф. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ и проф. д-р Људмил Спасов.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Лидија Ристовска, со наслов „Клиничка валидација на фонетски балансирани лиминарни и супралиминарни тестови за процена на интелигибилноста на говорот“, третира актуелна, комплексна проблематика и става фокус на говорната аудиометрија што се изведува на тој начин што се емитуваат фонетски балансирани зборови со одреден интензитет. Од аспект на дијагностиката, говорната аудиометрија овозможува соодветна процена на интелигибилноста на говорот кај лицата со редукција на слухот. Резултатите од истражувањето, односно конструирањето на фонетски балансирани тестови за говорна аудиометрија и нивна клиничка валидација кај лица со редукција на слухот имаат апликативна вредност во аудиолошката клиничка пракса.

Докторската дисертација на м-р Лидија Ристовска е презентирана на 270 страници компјутерски обликуван текст со 1,5 проред, со 305 референтни единици на релевантни извори од домашни и странски автори, а резултатите се прикажани табеларно и графички во 88 табели и 47 слики.

Согласно со законската процедура, од страна на менторот, извршена е проверка на оригиналноста на трудот со базата на трудови при Министерството за образование и наука (plagijati.mon.gov.mk) на 30.6.2020 година.

Трудот е структуриран во девет дела: теоретски основи, методологија на истражувањето, резултати од истражувањето, дискусија на резултатите, ограничувања и насоки за идни истражувања, заклучоци, предлози, користена литература и прилози.

Во **првиот дел** што ја содржи теоретската рамка на проблемот се анализираат повеќе аспекти: аудиолошката проценка на лицата со редукција на слухот, продукцијата и перцепција на говорот и говорната аудиометрија.

Во првата тематска целина од теоретските основи на трудот, **Аудиолошка проценка на лицата со редукција на слухот,** се анализирани физиолошките и бихевиористичките методи за аудиолошка процена, а акцент е ставен на методот тонална лиминарна аудиометрија како основен метод во аудиолошката клиничка пракса. Даден е опис на транскранијалната атенуација, како и осврт на аудиометриските дескриптори на редукцијата на слухот: тип и степен на редукција на слухот и аудиометриска конфигурација. Опишан е начинот на кој се интерпретира аудиограмот и калкулирањето на артикулацискиот индекс.

Во втората тематска целина, **Продукција и перцепција на говорот,** ставен е акцент на фонациско-кинестетските аспекти на говорот. Опишана е артикулацијата кај вокалите и кај консонантите, како и коартикулацијата. Дадена е поделбата на гласовите во македонскиот јазик врз основа на неколку критериуми. Одделно е разработена акустичната структура на вокалите и на консонантите и е даден осврт на перцепцијата на говорот и на интелигибилноста на говорот.

Во третата тематска целина, **Говорна аудиометрија,** се прикажува развојот на говорната аудиометрија, а потоа се опишува начинот на презентирање на говорните стимули: со мониториран глас во живо и презентирање на снимен материјал. Одделно се разработени лиминарните и супралиминарните мерења: праг на детекција на говорот, праг на препознавање на говорот и скор на препознавање на зборовите. Опишани се процедурите за маскирање при изведување на говорната аудиометрија. Наведени се критериумите за релијабилност на тестовите кои најчесто се почитуваат при конструирање на тестовите: избор на познати зборови, фонетски баланс и хомогеност во однос на аудибилноста.

**Вториот дел** од докторскиот труд ги содржи методолошките компоненти на истражувањето. Во него се дефинирани предметот, целта и задачите, примерокот, хипотезите на истражувањето, методите и техниките што се користени за собирање на податоците.

Предмет на истражувањето е конструирање на фонетски балансирани тестови за говорна аудиометрија и нивна клиничка валидација кај лица со редукција на слухот кои се прегледани на Одделот за оториноларингологија и Аудиолошкиот кабинет во Градската општа болница „8-ми Септември“, Скопје.

Целта на истражувањето е да се конструираат фонетски балансирани тестови за говорна аудиометрија и да се одреди корелацијата помеѓу параметрите од говорната аудиометрија и прагот на слухот одреден со тоналната лиминарна аудиометрија. Истражувањето е проспективно, квантитативно, дескриптивно и евалуативно.

Истражувањето е насочено во остварување на следниве задачи:

1. да се направи акустична анализа на гласовите во македонскиот јазик;
2. да се анализира коартикулацијата во слогови со различна позиција на консонантите и на вокалите;
3. да се одреди фреквенцијата на фонемите во македонскиот јазик;
4. да се анализираат стандардизираните тестови за говорна аудиометрија што се користат во светски рамки;
5. да се конструираат фонетски балансирани тестови за говорна аудиометрија;
6. да се одреди типот на редукција на слухот кај пациентите;
7. да се одреди степенот на редукција на слухот;
8. да се одреди типот на аудиометриската конфигурација;
9. да се пресмета артикулацискиот индекс;
10. да се одреди прагот на детекција на говорот (SDT);
11. да се одреди прагот на препознавање на говорот (SRT;
12. да се пресмета скорот на препознавање на зборовите (WRS;
13. да се утврди корелацијата помеѓу параметрите на говорната аудиометрија и прагот на слухот;
14. да се одреди разликата помеѓу нивоата на интензитет на кои се препознаваат зборовите кај лицата со уреден слух.

Согласно со дефинираната цел во докторската дисертација се поставени следниве хипотези:

**Х0.** Се претпоставува дека со фонетски балансираните тестови ќе се утврди корелација помеѓу параметрите од говорната аудиометрија и прагот на слухот одреден со тоналната лиминарна аудиометрија.

**Х1.** Се претпоставува дека најчест тип на редукција на слухот кај возрасните е сензоневралната редукција, а кај децата е кондуктивната редукција.

**Х2.** Се претпоставува дека во однос на степенот на редукција, најчеста е лесната редукција на слухот.

**Х3.** Се претпоставува дека најчеста аудиометриска конфигурација е десцендентната конфигурација.

**Х4.** Се претпоставува дека во најголем број на случаи, разликата помеѓу прагот на детекција на говорот (SDT) и прагот на препознавање на говорот (SRT) е ≤ 12 dB.

**Х5.** Се претпоставува дека максималниот скор на препознавање на зборовите (WRS) се добива на ниво на презентација од 25 dB до 40 dB над SRT.

**Х6.** Се претпоставува дека кај лесна редукција на слухот најчесто се постигнува скор на препознавање на зборовите (WRS) ≥ 90%.

**Х7.** Се претпоставува дека прагот на детекција на говорот (SDT) е во највисока корелација со најдобриот праг на чистите тонови.

**Х8.** Се претпоставува дека прагот на препознавање на говорот (SRT) е во највисока корелација со PTA (500, 1000, 2000 Hz).

**Х9.** Се претпоставува дека во однос на одделните фреквенции, прагот на препознавање на говорот (SRT) е во највисока корелација со прагот на слухот на фреквенцијата 1000 Hz.

**Х10.** Се претпоставува дека листите со фонетски балансирани зборови се хомогени во однос на аудибилноста.

Во истражувањето се применети методите на дескриптивна и на компаративна анализа. Од техниките, применета е анализа на документација. Анализирани се тонални и говорни аудиограми и специјалистички извештаи за оториноларинголошки преглед.

Акустичната анализа на гласовите во македонскиот јазик и на другите говорни примероци е изведена во компјутерската програма Praat. Конструирани се два теста со 50 едносложни зборови и два теста со 36 двосложни зборови од отворен-сет формат.

Конечните листи на зборови за говорна аудиометрија се снимени во Македонската радио-телевизија. Зборовите се изговорени од машки и од женски спикер со добра дикција. Снимени се вкупно осум тестови. При снимањето, користен е микрофон Sennheiser e840. При дигиталното снимање на говорот, користена е фреквенцијата на семплирање 44100 примероци во секунда.

Тоналната лиминарна аудиометрија и говорната аудиометрија се изведени со аудиометарот MADSEN Astera$^2$ и Sennheiser HDA 300 циркумаурални слушалки во „тивка кабина“. Прагот на слухот е одреден со модифицираната Хјусон-Вестлејкова техника.

Снимените говорни материјали се инсталирани во софтверот OTOsuite-аудиометриски модул на аудиометарот MADSEN Astera$^2$ и изведени се лиминарните и супралиминарните мерења: праг на слухот, праг на детекција на говорот, праг на препознавање на говорот и скор на препознавање на зборовите.

Примерокот на истражувањето е случаен. Во истражувањето се вклучени лица со редукција на слухот кај кои е реализирана комплетна аудиолошка евалуација на Одделот за оториноларингологија и Аудиолошкиот кабинет во Градската општа болница „8-ми Септември“, Скопје. Примерокот се состои од 110 пациенти, 50 машки и 60 женски, на возраст од 5 до 75 години (средна возраст 51,2±19,5 години). Во однос на возраста, 12 се деца на возраст од 5 до 14 години (средна возраст 7,7±2,7 години) и 98 се возрасни лица на возраст од 22 до 75 години (средна возраст 56,5±12,9 години).

Критериуми за вклучување во студијата се: унилатерална или билатерална редукција на слухот; лесна, умерена или тешка редукција на слухот и пациентот да биде роден говорител на македонски јазик. Критериуми за исклучување се: возраст под 5 години кај децата и возраст над 75 години кај возрасните лица, а во однос на степенот на редукција на слухот, критериум за исклучување е глувост.

Контролната група на испитаници за утврдување на хомогеноста во однос на аудибилноста на листите со зборови се состои од 30 испитаници со уреден слух, 15 машки и 15 женски, на возраст од 18 до 30 години (средна возраст 24,3±3,6 години). Испитаниците од оваа група се, исто така, родени говорители на македонски јазик.

Примерокот на истражувањето за акустичната анализа на гласовите и на другите говорни примероци се состои од 15 родени говорители на македонски јазик, пет мажи,

пет жени, на возраст од 26 до 50 години (средна возраст 38,9±9,6 години) и пет деца, две момчиња и три девојчиња, на возраст од 9 до 14 години (средна возраст 10,6±1,9 години).

Статистичката анализа на податоците е направена со дескриптивни и аналитички методи. Применети се Хи-квадрат тест, Fisher Exact тест и Пирсонов коефициент на корелација. Статистички значајна разлика е разликата на ниво на значајност од $p<0,05$.

Истражувањето се одвива во периодот од мај 2018 до февруари 2020 година. При конструирање на тестовите за говорна аудиометрија, почитувани се критериумите: избор на познати зборови, фонетски баланс и хомогеност во однос на аудибилноста.

Во првата фаза на истражувањето изведена е акустичната анализа на гласовите во македонскиот јазик и други говорни примероци во компјутерската програма Praat. Направени се неколку сетови на акустични мерења: основна фреквенција (F0) и фреквенции на формантите од F1 до F5 на вокалите, на назалите и на латералите, како и спектралните моменти на консонантите. Потоа е анализирана коартикулацијата во снимени логатоми со различни комбинации на вокали и на консонанти и реални зборови. Анализирана е транзицијата на формантите на вокалите, локусот на формантите и спектралните моменти на консонантите во контекст на вокали.

Едносложните и двосложните зборови се селектирани од Правописниот речник на македонскиот литературен јазик од Кирил Конески објавен во 1999 година.

За да се конструираат фонетски балансирани тестови за говорна аудиометрија, одредена е фреквенцијата на фонемите во македонскиот јазик врз основа на корпус од реченици кои ги содржат најчестите зборови во македонскиот јазик. Врз основа на резултатите од акустичната анализа и пресметаната фреквенција на фонемите во македонскиот јазик конструирани се 4 листи на зборови. Снимањето на конечните листи на зборови за говорна аудиометрија е реализирано во Македонската радио-телевизија. Зборовите се изговорени од машки и од женски спикер. Снимени се два теста со 50 едносложни зборови и два теста со 36 двосложни зборови.

Клиничката валидација на тестовите се одвива во Аудиолошкиот кабинет на Одделот за оториноларингологија во Градската општа болница „8-ми Септември“, Скопје. Спроведувањето на студијата е одобрено од Етичката комисија на Градската општа болница „8-ми Септември“, Скопје.

Во **третиот дел** од докторската дисертација или **резултати од истражувањето** е дадена анализата на добиените резултати табеларно и графички. Изведена е акустична анализа на вокалите и на консонантите во македонскиот јазик. Средната вредност на F0 и на фреквенциите на формантите е калкулирана одделно за сите три групи на испитаници: мажи, жени и деца. F0 на вокалот /а/ е во опсегот од 98 Hz кај мажите до 326 Hz кај децата. F0 на вокалот /е/ измерена е во опсегот од 111 Hz кај мажите до 293 Hz кај децата. F0 на вокалот /и/ е во опсегот од 99 Hz кај мажите до 300 Hz кај децата. F0 на вокалот /о/ е во опсегот од 105 Hz кај мажите до 299 Hz кај децата. Најниската F0 на вокалот /у/ е 112 Hz кај мажите, а највисоката F0 е 319 Hz кај децата. Фреквенцијата на формантите е одредена одделно кај сите вокали. Средната вредност на F1 на сите вокали е во опсег 299-1060 Hz, F2 995-3023 Hz, F3 2404-4319 Hz, F4 3438-5575 Hz и F5 4344-7106 Hz. Спектралните карактеристики на консонантите се анализирани со спектралните моменти. Средната вредност на центарот на гравитација на консонантите вон контекст е во опсег 428-4021 Hz, а спектралната стандардна девијација е во опсег 363-3108 Hz. Средната вредност на наклонот на спектарот и на куртозис се позитивни кај сите консонанти.

Прикажани се покарактеристичните примери на коартикулација со транзиција на формантите на вокалите во контекст на консонанти.

Со цел да се конструираат фонетски балансирани тестови за говорна аудиометрија, пресметана е фреквенцијата на фонемите во македонскиот јазик. За таа цел е користен корпус од реченици кои ги содржат најфреквентните зборови во македонскиот јазик. Вкупниот број на гласови во корпусот од 178 реченици изнесува 11629, од кои 5085 се вокали (43,7 %), а 6544 се консонанти (56,3 %). Во однос на

зачестеноста на појавување, гласовите во македонскиот јазик може да се подредат по следниов редослед: а , о, е, и, т, н, р, с, в, д, к, л, м, п, у, г, б, ј, з, ш, ч, ц, ж, ќ, ф, х, њ, џ, ѓ, љ, ѕ.

Во конструираните тестови за говорна аудиометрија, фреквенцијата на гласовите е приближна на фреквенцијата на гласовите во конверзацијата на македонски јазик. Слоговите се состојат од различни комбинации на консонанти (К) и на вокали (В). Во тестовите со едносложни зборови најчеста е структурата КВК, а во тестовите со двосложни зборови најчеста е структурата КВККВ. Во однос на застапеноста на различни видови зборови во тестовите, најзастапени зборови се именките.

Клиничката валидација на тестовите е реализирана на примерок од 110 испитаници. Најголем број на пациенти се возрасни лица со билатерална редукција на слухот. Кај возрасните лица, најчест тип на редукција на слухот е сензоневралната редукција, која е застапена во 86,6 % од случаите, а кај децата, најчест тип е кондуктивната редукција, која е застапена во 86,7 % од случаите. Во однос на степенот на редукција на слухот, кај двата пола најчеста е лесната редукција на слухот. Најчеста аудиометриска конфигурација е десцендентната конфигурација. Анализиран е артикулацискиот индекс како предиктор на интелигибилноста на говорот. Во најголем број случаи, евидентиран е артикулациски индекс од 81 до 90 %.

По анализата на тоналните аудиограми, прикажани се резултатите од реализираната говорна аудиометрија. Прикажана е разликата помеѓу прагот на детекција на говорот (SDT) и прагот на препознавање на говорот (SRT) во однос на аудиометриската конфигурација кај сите случаи на редукција на слухот. Направена е компарација на разликата ≤ 12 dB и > 12 dB помеѓу двете лиминарни мерења за да се утврди валидноста на тоналниот аудиограм и параметрите на говорната аудиометрија. Во најголем број на случаи, SRT е одреден на интензитет ≤ 12 dB од SDT. Статистичката обработка на податоците со Fisher Exact тест покажува статистички значајна разлика во нивото на интензитет помеѓу прагот на детекција и прагот на препознавање на говорот ($p = 0,0177$).

Пресметана е застапеноста на одделни типови криви на говорниот аудиограм во однос на полот. Во најголем број случаи е евидентиран скор на препознавање на зборовите (WRS) ≥ 90%, односно интелигибилноста на говорот не била нарушена. Анализата со Хи-квадрат тест покажува дека не постои статистички значајна разлика во дистрибуцијата на различни криви на говорниот аудиограм во однос на полот ($p = 0,092$).

Прикажано е и нивото на презентација на зборовите што е потребно за да се постигне максималниот WRS кај уреден слух и во случаите на редукција на слухот. Се смета нивото на интензитет над SRT кое се нарекува ниво на сензација – Sensation Level (SL). Бидејќи тестирањето се изведува на неколку нивоа на презентација, во најголем број случаи на редукција на слухот, максималниот WRS се постигнува на ниво 25-40 dB SL. Статистичката обработка на податоците со Хи-квадрат тест покажува статистички значајна разлика во нивото на интензитет на кое се презентираат зборовите за да се постигне максималниот скор ($p = 0,0149$).

Одредена е корелацијата помеѓу параметрите од говорната аудиометрија и прагот на слухот што е одреден со тоналната лиминарна аудиометрија. Анализата е направена кај различни типови на аудиометриска конфигурација: асцендентна, десцендентна, рамна, скотом, U конфигурација и „превртена U“ конфигурација. Со примена на Пирсоновиот коефициент на корелација, одредена е корелацијата помеѓу прагот на детекција на говорот и следните варијабли од тоналната лиминарна аудиометрија: најдобар праг на слухот на одделна фреквенција и просечна вредност на прагот на слухот – pure tone average (PTA) на различни говорни фреквенции PTA (500-4000), PTA (500-2000) и PTA (500-1000). Највисока е корелацијата помеѓу SDT и најдобриот праг на слухот ($r = 0,9902$).

Утврдена е и корелацијата помеѓу SRT и истите варијабли од тоналната аудиометрија со кои е компариран SDT. Највисока е корелацијата помеѓу прагот на

препознавање на говорот и PTA на фреквенциите 500, 1000 и 2000 Hz (r = 0,9965). При анализа на корелацијата помеѓу прагот на препознавање на говорот и прагот на слухот на одделни фреквенции, највисока корелација постои помеѓу прагот на препознавање на говорот и фреквенцијата 1000 Hz (r = 0,9892).

За да се утврди дали листите на зборови се хомогени во однос на аудиабилноста, одредено е нивото на презентација на кое ги препознаваат зборовите лица со уреден слух на возраст од 18 до 30 години. Прикажана е психометриската функција на сите зборови во тестовите. Средната вредност на наклонот на психометриската функција од 20 до 80 % точно препознавање на сите зборови е 5%/dB. Вредноста е добиена по формулата Δy/Δx (Δy е промена во перформансата на точно препознавање, а Δx е промена во нивото на презентација на сигналот). Перформансата 80 % е постигната на 26 dB, а перформансата 20 % е постигната на 14 dB. Според формулата, 60 %/12 dB = 5%/dB. Разликата во интензитетот на кој испитаниците ги повторуваат сите зборови е ≤ 4 dB, односно се движи од 2 до 4 dB. Најчести грешки при препознавањето на зборовите се: замена на звучниот со безвучниот парник на гласот и обратно, како и замена на зборот со лексички близок збор.

Во **четвртиот дел** од докторскиот труд, **Дискусија на резултатите,** направена е компаративна анализа на добиените резултати со резултатите од релевантни истражувања во светот. Кандидатката м-р Лидија Ристовска, врз основа на добиените резултати од истражувањето, врши **верификација на хипотезите** и го констатира следново:

- Со статистичка обработка на податоците е утврдена висока позитивна корелација помеѓу прагот на слухот, прагот на детекција на говорот и прагот на препознавање на говорот. ***Нултата хипотеза е прифатена.***
- Резултатите од истражувањето покажуваат дека најчест тип на редукција на слухот кај возрасните е сензоневралната редукција, а кај децата е кондуктивната редукција, но не е докажана статистички значајна разлика. ***Хипотеза 1 не е потврдена.***
- Резултатите од истражувањето покажуваат дека лесната редукција на слухот е почеста од умерената и тешката редукција, но не е докажана статистички значајна разлика. ***Хипотеза 2 не е потврдена.***
- Со статистичка обработка на податоците е докажано дека десцендентната конфигурација е најчеста. ***Хипотеза 3 е потврдена.***
- Со статистичка обработка на податоците е докажано дека разликата помеѓу прагот на детекција на говорот (SDT) и прагот на препознавање на говорот (SRT) најчесто е ≤ 12 dB. ***Хипотеза 4 е потврдена.***
- Со статистичка обработка на податоците е докажано дека максималниот WRS се добива на ниво на презентација од 25 dB до 40 dB над SRT. ***Хипотеза 5 е потврдена.***
- Со статистичка обработка на податоците е докажано дека кај лесна редукција на слухот најчесто се постигнува WRS од 90 до 100 %. ***Хипотеза 6 е потврдена.***
- Со статистичка обработка на податоците е докажано дека постои највисока корелација помеѓу прагот на детекција на говорот (SDT) и најдобриот праг на слухот. ***Хипотеза 7 е потврдена.***
- Со статистичка обработка на податоците е докажано дека највисока е корелацијата помеѓу прагот на препознавање на говорот (SRT) и PTA (500, 1000, 2000 Hz). ***Хипотеза 8 е потврдена.***
- Со статистичка обработка на податоците е докажано дека прагот на препознавање на говорот (SRT) е во највисока корелација со прагот на слухот на фреквенцијата 1000 Hz. ***Хипотеза 9 е потврдена.***
- Резултатите од истражувањето покажуваат дека разликата во нивото на презентација на кое се препознаваат сите зборови во тестовите не ја надминува дозволената рамка. ***Хипотеза 10 е потврдена.***

Во **петтиот дел** се констатирани **ограничувањата и се дадени насоки за идни истражувања.** Кандидатката м-р Лидија Ристовска предлага идните истражувања да се вршат преку тестирање со говор во бучава бидејќи на тој начин се одредува перципирањето на говорот во пореални услови на секојдневното опкружување.

Во **шестиот дел** се изведуваат **заклучоци** од спроведеното истражување. Резултатите од акустичната анализа на македонските вокали во компјутерската програма Praat се слични на резултатите од претходните анализи на вокалите со звучни спектрографи. Исто така, постојат сличности во Fo и фреквенциите на формантите на македонските вокали и вокалите на други јазици. Средната вредност на фреквенциите на формантите е највисока кај децата.

Транзициите на формантите на вокалите, особено на вториот формант, укажуваат на местото на артикулација на соседните консонанти.

Консонантите како изолирани гласови имаат концентрација на акустична енергија во пониските фреквенции, за разлика од консонантите во контекст на вокали. Тоа се должи на коартикулацијата, односно влијанието на еден фонетски сегмент врз друг. Изолираните консонанти имаат понизок центар на гравитација и спектрална стандардна девијација, а наклонот на спектарот и куртозис најчесто се позитивни, што укажува на концентрација на енергија во ниските фреквенции и високи пикови во спектарот.

Освен од коартикулацијата, препознавањето на зборовите зависи и од лексичката блискост. Зборовите најчесто се заменуваат со лексички близок збор.

Најчест тип на редукција на слухот кај возрасните испитаници е сензоневралната редукција, а кај децата – кондуктивната редукција. Во однос на степенот на редукција, најголем број на пациенти имаа лесна редукција на слухот. Најчеста аудиометриска конфигурација е десцендентната конфигурација. Во најголем број случаи, разликата помеѓу SDT и SRT е ≤ 12 dB. Максималниот WRS се добива на ниво на презентација од 25 dB до 40 dB над SRT. Во најголем број случаи на лесна редукција на слухот се постигнува WRS ≥ 90%. SDT е во највисока корелација со најдобриот праг на чистите тонови. SRT е во највисока корелација со PTA (500, 1000, 2000 Hz). Во однос на одделните фреквенции, SRT е во највисока корелација со прагот на слухот на фреквенцијата 1000 Hz.

Конструираните листи со фонетски балансирани зборови се хомогени во однос на аудибилноста.

Кандидатката м-р Лидија Ристовска, во **седмиот дел** од докторскиот труд, ги дава следниве **предлози**: говорната аудиометрија да стане дел од рутинската аудиолошка евалуација како контролен метод за тоналната лиминарна аудиометрија; говорната аудиометрија да се користи за одредување на интелигибилноста на говорот кај пациентите кои имаат потреба од слушен амплификатор, при евалуирање на бенефитот од слушниот амплификатор, за утврдување на тешкотиите во едукативниот процес на децата со редукција на слухот, при спроведување на аудитивниот тренинг, при сомневање за постоење на ретрокохлеарна патологија и за откривање на случаите на симулација и на агравација; да се конструираат тестови за говорна аудиометрија со говор во бучава; да се конструираат тестови за говорна аудиометрија на јазиците на другите етнички заедници во нашата држава и да се набави соодветна апаратура за говорната аудиометрија на национално ниво.

Во делот **Прилози** се дадени во целост конструираните тестови за говорна аудиометрија кои содржат едносложни и двосложни зборови.

**Заклучок и предлог**

Докторската дисертација „Клиничка валидација на фонетски балансирани лиминарни и супралиминарни тестови за процена на интелигибилноста на говорот“ на кандидатката м-р Лидија Ристовска, со својот теоретски пристап, методолошката поставеност и анализа кон проблемот, претставува значаен извор, стимулација и поддршка на други истражувања од областа на специјалната едукација и рехабилитација. Трудот претставува оригинално научно дело кое вклучува неистражена проблематика во делот на акустичната анализа на говорот и процена на интелигибилноста на говорот. Особено треба да се истакне апликативната вредност на истражувањето бидејќи со него е воведен нов клинички метод во аудиолошката дијагностика, говорна аудиометрија со снимени говорни материјали. Поставеноста на проблемот, аналитичкиот пристап на кандидатката и коректното владеење со методологијата доведуваат до прегледни заклучоци кои ги верифицираат поставените хипотези со конзистентна научна аргументација, давајќи му на трудот научна тежина.

Земајќи ги предвид оригиналноста и апликативната вредност на докторската дисертација, членовите на Комисијата со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка на докторската дисертација на кандидатката м-р Лидија Ристовска со наслов „Клиничка валидација на фонетски балансирани лиминарни и супралиминарни тестови за процена на интелигибилноста на говорот“ и да одобри одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 18.9.2020 г.

**Комисија**

**Проф. д-р Јасмина Ковачевиќ, с.р.**
**Проф. д-р Зора Јачова, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Трајковски, с.р.**
**Проф. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ, с.р.**
**Проф. д-р Људмил Спасов, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
# НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

## 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Михаил Патчев** | Охрид и Охридско во кралството на СХС (1918-1929) | **Ohrid and the Ohrid Region in the Kingdom of SHS (1918-1929)** | проф. д-р Никола Жежов | 10-1255/3 од 10.9.2020 |
| 2. | **Мартин Тасевски** | Културно-просветниот живот во деветнаесетиот век во Западна Европа и османлиска Македонија (паралела, компарација, анализа) | **The cultural and social life in 19th century in Western Europe and Ottoman Macedonia (comparation, parallel, analysis)** | проф. д-р Никола Минов | 10-1238/3 од 10.9.2020 |
| 3. | **Љубен Тевдовски** | Религиозните концепти и култот кон владетелот во литературата на Александрискиот династички двор | **Religious Conceptions and the Ruler Cult in the Literature of the Alexandrian Dynastic Court** | проф. д-р Ратко Дуев | 10-1179/3 од 10.9.2020 |
| 4. | **Симона Танеска** | Степен на функционална активност на учениците со попреченост во редовните училишта | **The extent of a functional activity, performed by the students with disabilities in the scope of the public schools** | проф. д-р Оливера Рашиќ - Цаневска | 10-1402/3 од 10.9.2020 |
| 5. | **Нергис Муча** | Перцепции на учениците за појавата на насилно однесување во училишна средина | **students’ perceptions of the occurrence of violent behavior in the school environment** | проф. д-р Софија Георгиевска | 10-1463/3 од 10.9.2020 |
| 6. | **Сања Ѓоревска-Ставревска** | Примена на универзален дизајн на учење во инклузивното образование на учениците со пречки во развојот | **Applying universal learning design in inclusive education for students with disabilities** | проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ | 10-1454/3 од 10.9.2020 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | **Зана Кадрии** | Подготвеност на наставниците од редовните училишта за инклузивно образование на слепите ученици | **Readiness of the teachers from the regular schools for inclusive education of the blind students** | проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ | 10-1455/3 од 10.9.2020 |
| **8.** | **Јасмина Трајановска** | Задоволство и мотивација од работата на медицински сестри кои работат во една и во повеќе смени | **Satisfaction and motivation from work of the nurses that work in one and different shifts** | проф. д-р Јован пејковски | 10-1457/3 од 10.9.2020 |
| **9.** | **Маријана Софронијоска** | Отвореност кон искуство, екстравертност, интелигенција и креативност кај студенти на музичка уметност | **Openness to experience, extroversion, intelligence and creativity in music students** | проф. д-р Благоја Јанаков | 10-1221/3 од 10.9.2020 |
| **10.** | **Синиша Витановски** | Улогата на дипломатијата на Соединетите Американски Држави во разрешување на војната во Босна и Херцеговина | **The role of USA diplomacy in resolving the war in Bosnia and Herzegovina** | проф. д-р Рина Киркова | 10-1444/3 од 10.9.2020 |
| **11.** | **Ешрефа Атемовска** | Менаџмент на училиште и развој на вработените во основното воспитание и образование | **School management and employee development in primary education** | проф. д-р Анета Баракоска | 10-1200/3 од 10.9.2020 |
| **12.** | **Марија Стевоска** | Интернационален курикулум во основно образование (IPC) | **International Primary Curriculum (IPC)** | проф. д-р Лена дамовска | 10-1320/3 од 10.9.2020 |
| **13.** | **Марио Милески** | Местото и улогата на приватната безбедност во заштита на критичната инфраструктура | **The position and role of private security in protecting the critical infrastructure** | проф. д-р Оливер Бакрески | 10-1292/3 од 10.9.2020 |
| **14.** | **Милена Лотеска** | Менаџирање на талентот на вработените во функција на лојалност кон организации од ИТ секторот | **Managing the talent of employees in the function of loyalty to organizations in the IT sector** | проф. д-р Виолета Арнаудова | 10-125433 од 10.9.2020 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЛЕКТОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРКОЛОГИЈА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 15.5.2020 година, за избор на еден **виш лектор** во наставно-научната област **туркологија (Современ турски јазик, Писмено и усно изразување и Техники на превод)**, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-637/9, донесена на 17.6.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Октај Ахмед, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, д-р Назим Ибрахим, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, и д-р Фадил Хоџа, редовен професор на Меѓународниот универзитет „Визион“ во Гостивар.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден виш лектор во наставно-научната област туркологија (Современ турски јазик, Писмено и усно изразување и Техники на превод), во предвидениот рок се пријави само кандидатката м-р Сена Ариф-Шешум.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Сена Ариф-Шешум е родена на 28.10.1959 година, во Охрид. Средно образование завршила во 1978 година во Охрид. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет, на Катедрата за англиски јазик и книжевност во 1982 година, како и на Катедрата за турски јазик и книжевност во 1984 година. Дипломирала во 1982 на првата и во 1984 година на втората катедра.

Покрај турскиот и македонскиот јазик, кандидатката активно се служи и со англискиот, српскиот и другите јужнословенски јазици.

Во академската 1987/88 година се запишала на постдипломски студии, ги завршила во 1989 година со просечен успех 9,00 и на 3.4.1994 година на Катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ го одбранила магистерскиот труд на тема: „Македонските пословици и поговорки од турско потекло кај Марко Цепенков“.

Во 1994 година е избрана во звањето лектор по турски јазик на Катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во областа туркологија, а во 1998 година првпат во звањето виш лектор по турски јазик на истата Катедра.

Во моментот, таа е виш лектор по турски јазик. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1133 од 1.11.2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1133 и претходните, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-научната дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за турски јазик и книжевност, кандидатката м-р Сена Ариф-Шешум изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Турски јазик и книжевност, по предметите: Современ турски јазик 1-8, Техники на превод 1-2, Писмено и усно изразување 1-2, Основи на правопис и коригирање. Во континуитет, таа е ангажирана по 14 или 16 часа неделно.

Кандидатката учествувала како член во комисија за одбрана на 20 дипломски трудови.

**Научноистражувачка дејност/Стручно-применувачка дејност**

М-р Сена Ариф-Шешум има објавено 2 научни труда од турколошка област со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор.

Кандидатката со реферати учествувала на 12 научни и стручни собири, од кои 10 во странство и 2 во земјава.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Сена Ариф-Шешум активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, од кои најчесто во Комисија за попис на библиотечен фонд на Катедрата (3 години).

М-р Сена Ариф-Шешум рецензирала 2 книги на конкурс во Министерството за култура.

Била претседател на комисија за оценка на подобност на ракописи за печатење на 5 учебници за основно образование.

Таа е дописник во меѓународното списание со импакт-фактор, „Ѓунџел Санат“, во Анталија (Турција).

Покрај горното, од дејностите од поширок интерес треба да се издвои нејзиниот ангажман во подготовка на национални документи во МВР, како и 4-годишното членство во Комисијата за доделување одликувања од страна на претседателот на РМ.

Кандидатката м-р Сена Ариф-Шешум редовно е ангажирана на значајни настани (конференции, делегации на/во Амбасада на Република Турција во Скопје, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и УКИМ) како симултан преведувач.

Лекторирала 2 учебника/книги на турски јазик.

Кандидатката м-р Сена Ариф-Шешум често е ангажирана и како испитувач на познавањето на турскиот јазик на кандидати на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Таа била и член на организацискиот одбор на научниот собир *Меѓународен симпозиум „40 години Катедра за турски јазик и книжевност“* кој се одржал на 18-19 мај 2017 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Сена Ариф-Шешум.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Сена Ариф-Шешум поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето **виш лектор** во научната област **туркологија (Современ турски јазик, Писмено и усно изразување** и **Техники на превод)**.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, м-р Сена Ариф-Шешум да биде избрана во звањето **виш лектор** во научната област **туркологија (Современ турски јазик, Писмено и усно изразување** и **Техники на превод)**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Октај Ахмед, с.р.**
**Проф. д-р Назим Ибрахим, с.р.**
**Проф. д-р Фадил Хоџа, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ ЛЕКТОР**
**М-р Сена Ариф Шешум**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Завршени втор циклус академски студии | Да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br><br>Назив на научната област: филолошки науки. | Да |
| 3 | Наставно и стручно искуство во областа во која се избира<br>(да се наведе наставното и стручното искуство во полето во кое се избира)<br><br>1. Од 1986 до 1995 година – асистент по предметите: Фонетика на турскиот јазик, Морфологија на турскиот јазик, Синтакса на турскиот јазик, Турски јазик под Ц, Методика на наставата по турски јазик и книжевност<br><br>2. 3.4.1994 – одбранета магистерска теза во областа филолошки науки<br><br>3. Во 1995 година е избрана во звањето виш лектор по турски јазик на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за турски јазик и книжевност<br>Предмети: Современ турски јазик 1, Современ турски јазик 2, Современ турски јазик 3, Современ турски јазик 4, Ссовремен турски јазик 5, Современ турски јазик 6, Современ турски јазик 7, Современ турски јазик 8<br>Од 2015 до денес – лектор по турски јазик по предметите: Современ турски јазик 5, Современ турски јазик 6, Современ турски јазик 7, Современ турски јазик 8<br>Предмети: Теорија и техники на литературно-деловно-технички превод 1 и 2, Писмено и усно изразување 1 и 2, Основи на правопис и коригирање<br><br>4. Учество во меѓународни научни проекти:<br>- „Образованието на турскиот јазик во Македонија – проблеми и предлози за решавање“, работилница; организирано од страна на ТИКА, Јунуз Емре и Министерството за образование и наука на РМ<br><br>5. Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br>- член на организациски одбор за одбележување на 40-годишнината од основањето на Катедрата за турски јазик и книжевност, 2016 година, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>- Комисија за попис на библиотечен фонд во 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | - подготовка на национални документи – МВР-пасошка служба, член во Комисија за правилна ортографија на турските имиња и презимиња (2 X 2)<br>- член на Комисијата за доделување одликувања од страна претседателот на РМ – медали, ордени, ордени за храброст, почесни одликувања на странски дипломати, лица и институции (4 X 1)<br>- член на меѓународна жири-комисија, 2011, Хид-Бах-Шен, фолклорен натпревар, Валандово – Чалакли | |
| 4 | Претходен избор за лектор на високообразовна установа, датум и број на Билтен:<br><br>1.11.2016, Билтен број 1133; Одлука на ННС од 16.11.2016 | Да |
| 5 | Има објавено научни и стручни трудови во областа во која се избира<br>(да се наведат научните и стручните трудови и каде се објавени)<br><br>- 23. Меѓународна конференција KNOWLEDGE IN PRACTICE, 12 – 15.12.2019, Банско, Бугарија, „Конструкции на множина во турскиот и македонскиот јазик – компаративна студија“<br>- 22. Меѓународна конференција THE POWER OF KNOWLEDGE, 11 – 13.10.2019, Кавала, Грција - објавен труд: THE ROLE OF SEMIOLOGY IN PUBLIC RELATIONS, Sena Arif-Sheshum, Kristina Nikolovska, Dzunka Doncheva, KNOWLEDGE – International Journal, vol.34.6, pp. 1641-1644<br>- 21. Меѓународна конференција THE TEACHER OF THE FUTURE, 7 – 9.6.2019, Будва, Црна Гора, „Изучување на турскиот јазик како странски јазик на катедрата за турски јазик и книжевност – предизвици и резултати“<br>- 20. Меѓународна конференција KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, 29 – 31.3.2019, Врњачка Бања, Србија, „Турските пословици и поговорки со тематика пролет“<br>- 19. Меѓународна конференција KNOWLEDGE IN PRACTICE, 14 – 16.12.2018, Банско, Бугарија, „Турцизмите во поезијата на современите млади македонски поети“<br>- 17. Меѓународна конференција THE TEACHER OF THE FUTURE, 24 – 27.5.2018, Будва, Црна Гора, „Дијалектолошките истражувања во Македонија со посебен акцент на турските дијалекти“<br>- 16. Меѓународна конференција KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, 16 – 18.03.2018, Врњачка Бања, Србија, „Проблеми при преведувањето на посвојните заменки од турски јазик низ предметот Теорија и техника на превод“<br>- 15. Меѓународна конференција KNOWLEDGE IN PRACTICE, 15 – 17.12.2017, Банско, Бугарија, „Усвојување на минато определено и минато неопределено време во турскиот јазик за студентите од групата немајчин“<br>- 14. Меѓународна конференција THE POWER OF KNOWLEDGE, 29.9 – 1.10.2017, Агија Тријада, Грција, „Поезија на турски јазик во Македонија – **трета генерација поети**“ | Да |

* На лицата кои имаат засновan работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат  на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Октај Ахмед, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Назим Ибрахим, член, с.р.**
**Проф. д-р Фадил Хоџа, член, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Сена Екрем Ариф-Шешум**

**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**

**Научна област:** **јазик – турски јазик (туркологија)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Зимски семестар 2016/2017 | |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 5 (4+2) | 3,3 |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 7 (4+2) | 3,3 |
| | Теорија и техника на превод – мајчин и немајчин 1 (2+2) | 2,1 |
| | Писмено и усно изразување 1 (2+2) | 2,1 |
| 2. | Летен семестар 2016/2017 | |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 6 (4+2) | 3,3 |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 8 (4+2) | 3,3 |
| | Теорија и техника на превод – мајчин и немајчин 2 (2+2) | 2,1 |
| | Писмено и усно изразување 2 (2+2) | 2,1 |
| 3. | Зимски семестар 2017/2018 | |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 5 (4+2) | 3,3 |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 7 (4+2) | 3,3 |
| | Теорија и техника на превод – мајчин и немајчин 1 (2+2) | 2,1 |
| | Писмено и усно изразување 1 (2+2) | 2,1 |
| 4. | Летен семестар 2017/2018 | |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 6 (4+2) | 3,3 |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 8 (4+2) | 3,3 |
| | Теорија и техника на превод – мајчин и немајчин 2 (2+2) | 2,1 |
| | Писмено и усно изразување 2 (2+2) | 2,1 |
| 5. | Зимски семестар 2018/2019 | |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 5 (4+2) | 3,3 |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 7 (4+2) | 3,3 |
| | Теорија и техника на превод – мајчин и немајчин 1 (2+2) | 2,1 |
| | Писмено и усно изразување 1 (2+2) | 2,1 |
| 6. | Летен семестар 2018/2019 | |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 6 (4+2) | 3,3 |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 8 (4+2) | 3,3 |
| | Теорија и техника на превод – мајчин и немајчин 2 (2+2) | 2,1 |
| | Писмено и усно изразување 2 (2+2) | 2,1 |
| 7. | Зимски семестар 2019/2020 | |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 5 (4+2) | 3,3 |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 7 (4+2) | 3,3 |
| | Теорија и техника на превод – мајчин и немајчин 1 (2+2) | 2,1 |
| | Писмено и усно изразување 1 (2+2) | 2,1 |
| 8. | Летен семестар 2019/2020 | |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 6 (4+2) | 3,3 |
| | Современ турски јазик за групата немајчин 8 (4+2) | 3,3 |
| | Теорија и техника на превод – мајчин и немајчин 2 (2+2) | 2,1 |
| | Писмено и усно изразување 2 (2+2) | 2,1 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Консултации со студенти | |
| | Зимски семестар 2016/2017 (4 X 30 студенти = 120 студенти X 0,002) | 0,24 |
| | Летен семестар 2016/2017 (4 X 25 студенти = 100 студенти X 0,002) | 0,2 |
| | Зимски семестар 2017/2018 (4 X 24 студенти = 96 студенти X 0,002) | 0,192 |
| | Летен семестар 2017/2018 (4 X 24 студенти = 96 студенти X 0,002) | 0,192 |
| | Зимски семестар 2018/2019 (4 X 20 студенти = 80 студенти X 0,002) | 0,16 |
| | Летен семестар 2018/2019 (4 X 20 студенти = 80 студенти X 0,002) | 0,16 |
| | Зимски семестар 2019/2020 (5 X 30 студенти = 150 студенти X 0.002) | 0,3 |
| | Летен семестар 2019/2020 (5 X 30 студенти = 150 студенти X 0.002) | 0,3 |
| 10. | Подготовка на нов предмет | |
| | [2].предавања (4 X 1) | 4 |
| | [3].вежби (4 X 0,5) | 2 |
| 11. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (20 кандидати X 0,1) | 2 |
| | **ВКУПНО** | **96,144** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | *Учество во научен/стручен собир, усна презентација:* | |
| | 23та меѓународна конференција KNOWLEDGE IN PRACTICE, 12-15.12.2019, Банско, Бугарија, "Конструкции на множина во турскиот и македонскиот јазик – компаративна студија" | 1 |
| | 22ра меѓународна конференција THE POWER OF KNOWLEDGE, 11-13.10.2019, Кавала, Грција | 1 |
| | 21ра меѓународна конференција THE TEACHER OF THE FUTURE, 7-9.06.2019, Будва, Црна Гора, "Изучување на турскиот јазик како странски јазик на катедрата за турски јазик и книжевност – предизвици и резултати" | 1 |
| | 20та меѓународна конференција KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, 29-31.03.2019, Врњачка Бања, Србија, "Турските пословици и поговорки со тематика пролет" | 1 |
| | 19та меѓународна конференција KNOWLEDGE IN PRACTICE, 14-16.12.2018, Банско, Бугарија, "Турцизмите во поезијата на современите млади македонски поети" | 1 |
| | 17та меѓународна конференција THE TEACHER OF THE FUTURE, 24-27.05.2018, Будва, Црна Гора, "Дијалектолошките истражувања во Македонија со посебен акцент на турските дијалекти" | 1 |
| | 14. Международни славистични четения на Софиски университет "Св. Климент Охридски", 26-28.04.2018, Софија, Бугарија, "Турколошките истражувања во последните 20 години на катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошки факултет Скопје" | 1 |
| | 16та меѓународна конференција KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, 16-18.03.2018, Врњачка Бања, Србија, "Проблеми при преведувањето на | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | посвојните заменки од турски јазик низ предметот Теорија и техника на превод“ | |
| | 15та меѓународна конференција KNOWLEDGE IN PRACTICE, 15-17.12.2017, Банско, Бугарија, "Усвојување на минато определено и минато неопределено време во турскиот јазик за студентите од групата немајчин“ | 1 |
| | 14та меѓународна конференција THE POWER OF KNOWLEDGE, 29.09-01.10.2017, Агиа Триада, Грција, "Поезија на турски јазик во Македонија – Трета генерација поети“ | 1 |
| | Ana Dili Türkçe Olmayan Talebelerin Kompozisyon Yazılarında Frazeoloji Ve Kıyaslamalar, *Uluslararası "40 Yıl Türk Dili ve Edebiyatı Bölümü" Sempozyumu, 19 Mayıs 2017,* Üsküp. | 1 |
| | Преводите на Фахри Каја на македонски јазик, Научен собир за творештвото на Фахри Каја (15.06.2016), Катедрата за турски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески“ Скопје. | 1 |
| 2. | *Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор:* | |
| | Sena Arif-sheshum, Kristina Nikolovska, Dzunja Doncheva. The Role Of Semiology In Oublic Relations, *Knowledge-International Journal, vol. 34.*6, 1641-1644. (80% од 5 поени) | 4 |
| | Kristina Nikolovska, Valjbona Toska & Sena Arif-Sheshum. The Poetics of Macedonian, Albanian and Turkish Proverbs and Sayings on Women, *Knowledge - International Journal, vol. 38.*6, 1379-1382. (80% од 5 поени) | 4 |
| | **ВКУПНО** | 20 |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Рецензии за книги (2 рецензии X 1) на конкурс во Министерство за култура | 2 |
| 2. | Претседател на комисија за оценка на подобност на ракопис за учебник за печатење – основно образование (5 X 1) | 5 |
| 3. | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот, 2017/2018, 2018/2019, презентација на Филолошкиот Факултет во средните училишта | 1 |
| 4. | Евалуација на ниво на познавање на турскиот јазик кај кандидати на кои Филолошкиот Факултет им издава потврда за познавање на турскиот јазик (5 X 1) | 5 |
| 5. | Лектура на турски јазик на учебник/книга (2 X 1) | 2 |
| 6. | Превод<br>- симултан превод на конференции (3 X 0,5)<br>- симултан превод при посета на амбасади (амбасада на Р.Турција Скопје со членови од факултетската управа и шефови на катедри), делегации на УКИМ и Филолошки Факултет "Блаже Конески“ (4 X 0,5) | 3,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| ● | Член на факултетска комисија (3 X 0.5)<br>пописна комисија за библиотечниот фонд при катедрата | 1,5 |
| ● | Подготовка на национални документи – МВР пасошка служба, член во комисија за правилна ортографија на турските имиња и презимиња (2 X 2) | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| ● | Член на комисијата за доделување одликувања од страна Претседателот на РМ – медали, ордени, ордени за храброст, почесни одликувања на странски дипломати, лица и институции (4 X 1) | 4 |
| ● | Дописник во меѓународното списание ЃУНЏЕЛ САНАТ, Анталија, Турција, научно списание со импакт фактор | 1 |
| ● | Член на организациски одбор на научен собир: *Меѓународен симпозиум “40 Години Катедра за турски јазик и književnost“*, 18-19 мај 2017, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје. | 0,5 |
| | **Вкупно** | 29,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **96,144** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **20** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **29,5** |
| **Вкупно** | **145,644** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Октај Ахмед, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Назим Ибрахим член, с.р.**
**Проф. д-р Фадил Хоџа, член, с.р.**

**ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

**2. МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Тина Фарни | „Советските и руските теории за симултаното толкување низ призмата на главните западни теории“ | Soviet and Russian theoretical approaches to simultaneous interpreting through the prism of the main Western European theories | проф. д-р Емилија Бојковска | 22.9.2020г. 10-892/4 |
| 2. | Марија Радевска Трендафиловска | „Предизвици при толкувањето за медиумите“ | Challeng es in media interpretation | проф. д-р Зорица Николовска | 22.9.2020г. 10-932/4 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА-ИЗИИС, СКОПЈЕ

1. Докторски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Александар Златески | Проценка и подигнување на сеизмичката отпорност на урбани културно-историски центри (јадра) | Assessment and upgrading of seismic resilience of urban cultural heritage centers | Проф. д-р Вероника Шендова | 09-1483/1 од 18.9.2020 год. |

# П Р Е Г Л Е Д

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје**
**Магистерски трудови**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Зоран Стојковски | Влијанието на претприемничките компетенции на менаџерите и вработените во социјалните претпријатија врз нивната организациската одржливост | The impact of Entrepreneurial Competencies of Menagers and Employees of the Social Enterprises on their Organizational Sustainability | вон. проф. д-р Весна Забијакин Чатлеска | 02-498/4 од 9.9.2020 |
| 2. | Мухамед Ајваз | Евроскептицизмот кај ромската етничка заедница во Република Северена Македонија | Euroscepticism among the Roma ethnic community in the Republic of North Macedonia | вон. проф. д-р Анета Цекиќ | 02-498/6 од 9.9.2020 |
| 3. | Dredheza Lamaj (Дредеза Ламај) | Влијанието на родовите квоти врз дескриптивната и суштинската застапеност во парламентите: примерот на Косово, Северна Македонија и Албанија | The impact of gender quotas on descriptive and substantive representation in parliaments :looking at Kosovo,North Macedonia and Albania | Проф.д-р Мирјана Најчевска | 02-498/5 од 9.9.2020 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА ФРАНЦУСКИТЕ ПАТОПИСЦИ И ПЕЧАТ 1912 – 1919“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕНВЕР САДИКУ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Комисијата за оценување на докторската тема МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА ФРАНЦУСКИТЕ ПАТОПИСЦИ И ПЕЧАТ 1912 – 1919, предложена од кандидатот м-р Енвер Садику, именувана со Одлука на Научниот совет на ИНИ од 7.7.2020 година, во состав: проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Драгица Поповска, проф. д-р Билјана Јосифовска, проф. д-р Силвана Сидоровска и проф. д-р Драги Ѓорѓиев, по прегледувањето на докторскиот труд, има чест на Советот при Институтот за национална историја да му го достави следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА ФРАНЦУСКИТЕ ПАТОПИСЦИ И ПЕЧАТ 1912 – 1919 има вкупно 240 страници, а е изработен според стандардизираната методологија за изработка на ваков вид дисертации. Концепциски, трудот има: Вовед, пет глави со поголем број подглави, заклучок, извори и литература.

Во воведниот дел од докторатот, докторандот ги дава мотивите кои го предизвикале да работи на насловената тема, која сигурно дека е актуелна бидејќи разработува период од историјата на македонскиот народ кој во македонската историографија маргинално е работен и, пред сѐ, од политички аспект, а додека улогата на печатот и патописите (со исклучок на патописите на Ами Буе), во однос на насловот на темата, скоро и да не е работена. Во докторската дисертација, докторандот м-р Садику посебно се задржува на улогата на печатените медиуми на Франција чии новинари и покрај тоа што биле воени известувачи, кои известувале за тоа како која војска напредува на бојните полиња, сепак во нивните извештаи наоѓале место и сегменти од културно-историските споменици од градовите низ кои поминувале. Така, во нивните извештаи се наоѓаат драгоцени податоци од секојдневниот живот на македонското население, потоа податоци за етнологијата, архитектурата, географијата, образованието, музиката, обичаите и сл.

Во воведот, м-р Садику прави и ретроспективен осврт на досегашните истражувања за тоа што досега е објавено во Македонија и пошироко. Се осврнува на идентификацијата и формулизацијата на истражувачкиот проблем, предметот на истражување, целите и задачите на истражувањето, образложение на работните хипотеза и тези, начинот на истражување и значењето на истражувањето.

Преку истражувачкиот процес, во кој се впуштил м-р Садику, од огромниот број на дневни весници и списанија, патописи и мемоари, успешно го филтрира она што му е потребно и го прави достапно, т.е. обелоденува голем дел од она што го напишале патописците, новинарите, фотографите, но и француски офицери и војници, кои подоцна ги објавиле своите мемоари како директни сведоци на политичките и воените случувања на Балканот и Македонија за време на Балканските и Првата светска војна, а притоа осврнувајќи се со многу детали и на македонската култура, како и на материјалното и духовното наследство во рамките на нејзините граници.

Докторандот со право констатира дека годините од 1912 до 1919 година биле исполнети со многу регионални, но и глобални случувања, како што биле Балканските војни, Првата светска војна и Париската мировна конференција, настани што биле следени со особено внимание од дипломати, лидери и воени офицери, како и патописци и печатот. Тој посебно нагласува дека во тоа време, „читањето книги од местата далеку од Франција и читањето на печатот беше популарно. Безброј книги и голем број дневни весници беа објавени во

Франција, како и многу неделни, месечни и специјални списанија што излегуваа во време на војна“.

При работата на докторатот, докторандот м-р Енвер Садику користел обемна литература на францускиот јазик, како и весниците: *„Le Temps”, „Le figaro”, „La Lanterne”, „Gil Blas”, „Le XIXème Siècle”, „Le Rappel”, „Le croix”, „Le Gaulois”, „Le Journal”, „Le Matin”, „Le journal des débats politiques et littéraires”, „Excelsior” , „Journal de Refugies du Nord” , „L'Aurore”, „L'étoile du Nord”, „L'Humanité”, „L'intransigeant”, „Le Journal des Débats”, „Le Mirror”, „Le Petit Journal”, „Le petit parisien”, „Le radical”, „Paris-midi”* и др., кои биле печатени од октомври 1912 до 1919 година, а кои во своите написи се осврнувале на состојбите како на фронтовите, така и на состојбата на македонското население.

Во првата глава, „Историско-културната состојба во Македонија пред Првата балканска војна според француските известувачи и патописци“, докторандот се осврнува на територијата и границите на Македонија, како и ставот на големите сили спрема македонското прашање пред Балканските војни пренесени од страна на францускиот печат; потоа дава податоци за пишувањата на францускиот печат и патописци во однос на српската, бугарската и грчката пропаганда во Македонија и нивните договарања за воени сојузи. Во овој контекст, тој се осврнува и на пишувањата на францускиот печат и патописци и за Македонија пред Балканските војни, и во овој контекст посебно се осврнува на пишувањата за Македонија на Ами Буе, кој посетил повеќе градови во Македонија, за кои дава интересни податоци од сите сфери на општественото живеење (и покрај фактот што тој престојувал во Македонија во втората половина на XIX век, сепак докторандот му дава соодветно место во докторатот).

Во истиот контекст се осврнува и на пишувањата на францускиот политичар и дипломат Виктор Берар, кој најголем дел од својот живот поминал занимавајќи се со источното прашање. Тој пред крајот на XIX век го посетил Балканот и напишал неколку статии и книги за балканските земји. Во еден од француските весници објавил серија на написи под наслов „Низ словенска Македонија“, каде што дава податоци за македонските градови: Струга, Охрид, Ресен, Кочани и др. Во тој контекст дава интересни податоци за архитектурата, занаетите и обичаите кои биле застапени во градовите и секојдневниот живот.

Интересни се и пишувањата на францускиот новинар Андре Шерадам, кој на почетокот на XX век пишувал за националните прашања во Централна Европа и Балканот. Во своето дело „Прашање на истокот, Македонија, Багдатска железничка пруга“, објавена 1903 година за време на Илинденското востание, се осврнува и на јазичното прашање, односно кој јазик доминира во Македонија. Според неговите согледувања, „јазикот кој го зборуваат словенските Македонци е доволно различен дијалект за да може да се каже дека е ист со хрватскиот, српскиот или бугарскиот“.

Докторандот се осврнува и на француските школи во Македонија кои според француските патописци и новинари „нуделе просперитетна едукација и образование“ на македонските деца. Садику констатира дека на „оваа територија францускиот јазик бил многу популарен и се учел во многу школи. Исто така, францускиот јазик во тоа време бил јазик на дипломатијата и престиж. Во Солун бил јазик кој бил во широка употреба кај сите слоеви на општеството“.

Во втората глава, „Француските патописци и францускиот печат за културно-историските процеси во Македонија за време на Првата балканска војна“, м-р Садику, според методолошкиот пристап, дава краток приказ на историските процеси за време на Првата балканска војна и во тој контекст ја разгледува и ситуацијата во Македонија за време на оваа војна од гледна точка на францускиот печат, како и од аспект на француските патописци и мемоаристи и нивните пишувања за градовите во Македонија во овој временски период и културните процеси.

Благодарение на телеграфот, констатира м-р Садику, европската јавност преку печатот секојдневно примала информации за и од воените полиња на Балканот. Првата балканска војна, како што истакнува докторандот, ја следеле

околу 200 – 300 новинари од целиот свет, а меѓу најактивните биле новинарите на француските весници кои имале специјални известувачи од самиот терен и специјални известувачи за весниците и списанијата. Во нивните написи тие пишувале за драматичните настани на бојното поле, а меѓу другото пишувале и за судбината на Македонија. Истовремено со новинарите биле испратени и фотографи кои истовремено биле и цртачи и сликари. Фотографиите и цртежите се историски извори преку кои, со слика, се доловуваат многу културно-историски настани и се дава можност да се види каква била состојбата во Македонија за време на Првата балканска војна.

Политичко-општествените прилики во Македонија непосредно по Првата балканска војна и состојбата во окупирана Македонија, како и договорот во Букурешт, се дел од третата глава. М-р Садику ги пренесува импресиите на француските известувачи и фотографи кои оставиле маса на фотографии од и за Македонија како историско сведоштво на едно време. Во тој контекст се пренесуваат впечатоците од и за Македонија на Ален де Пенерен, Реџинал Кан и Жан Пјеро де Мондезир, кои ја запознавале француската јавност со животот на народот во Македонија, како и воопшто со состојбата со патиштата, архитектурата, етнологијата, географијата, обичаите и сл.

Четвртата и петтата глава се однесуваат на известувањата на печатот, патописците и мемоарите на офицери, војници и медицински лица во однос на состојбите во Македонија за време на Првата светска војна. Во своите написи, тие со посебно внимание ги следеле настаните кои воделе кон започнувањето на Првата светска војна, дипломатските пазарења меѓу големите сили и балканските држави, состојбата на фронтовите, посебно даваат слика каква била положбата во тие години на обичниот народ, условите во кои живеел, несреќите кои не го одминувале, сиромаштијата и борбата со разни заразни болести. Француските новинари, патописи и мемоаристи, секој посебно, дал свој придонес одредени настани да останат забележани во нивните написи и дела како неизбришлив дел од историјата на Балканот и Македонија, а кои денес ги нема. Во сите тие написи, тие се осврнуваат и на духовната култура на Македонија.

Истражувањата на м-р Енвер Садику се фокусирани конкретно на она што го напишале француските новинари, патописци и мемоаристи од 1912 до 1919 година за случувањата во Македонија. Неговото истражување покажува дека и покрај војните кои се воделе на територијата на Македонија, француските новинари, патописци и мемоаристи, од она што можеле да го забележат на теренот, без двоумење констатирале дека постои народ кој се идентификува како македонски, отфрлајќи го секое поистоветување со бугарскиот, грчкиот или српскиот народ. Меѓутоа, немањето сопствена држава и нејзини институции била една од причините што пропагандите на соседните држави, секоја посебно, настојувала за придобивање кон својата кауза.

Докторатот на м-р Енвер Садику ги збогатува досегашните сознанија за културните и историските процеси во Македонија, пренесени од новинарите на францускиот печат и француските патописци и мемоаристи за периодот 1912 – 1919 година.

Докторската теза е снабдена со потребниот научен апарат (извори, литература и печат), кој на тезата ѝ дава една заокружена целина.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за оцена на докторската дисертација МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА ФРАНЦУСКИТЕ ПАТОПИСЦИ И ПЕЧАТ 1912 – 1919, изработена од м-р Енвер Садику, со задоволство му предлага на Советот на ИНИ да го прифати извештајот и да дозволи одбрана на докторскиот труд.

**Комисија**

**Проф. д-р Тодор Чепреганов, с.р.**
**Проф. д-р Драгица Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Јосифовска, с.р.**
**Проф. д-р Силвана Сидоровска, с.р.**
**Проф. д-р Драги Георгиев, с.р.**